РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – СКОПЈЕ

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

ИНСТИТУТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ, ОДБРАНА И МИР

# УЛОГАТА НА ПРИКРИЕНИТЕ ЧОВЕЧКИ ИЗВОРИ НА ИНФОРМАЦИИ ВО ПРОЦЕСОТ НА КРИМИНАЛИСТИЧКОТО РАЗУЗНАВАЊЕ ЗА СУЗБИВАЊЕТО НА СЕРИОЗНИОТ И ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ

-Магистерски труд-

Ментор

Проф.Д-р Митко Котовчевски

Кандидат

Горан Пејкоски

Скопје, 2020 година

**На моето семејство...**

СОДРЖИНА

**ВОВЕД И НАУЧНА ОПРАВДАНОСТ НА НАУЧНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ** ........................... 5
1. **ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ИСТРАЖУВАЊЕТО**........................................................... 6
1.1. Дефинирање на предметот на истражувањето ........................................................ 7
1.2. Поим на истражувањето........................................................................................ 8
1.3. Цели и задачи на истражувањето ........................................................................ 13
1.4. Истражувачки прашања ...................................................................................... 14
1.5. Хипотези ............................................................................................................ 14
1.5.1 Главна хипотеза ................................................................................................ 14
1.5.2 Помошни хипотези ............................................................................................ 15
1.6.Идентификација и операционализација на варијаблите ......................................... 16
1.6.1. Независна варијабла.......................................................................................... 16
1.6.2. Зависна варијабла ............................................................................................. 17
1.6.3. Индикатори за следење на независната варијалба .............................................. 17
1.6.4. Индикатори за следење на зависната варијалба .................................................. 17
1.6.5.Нацрт на истражувањето..................................................................................... 18
1.7. Методологија на истражувањето........................................................................... 18
1.7.1. Испитаници....................................................................................................... 18
1.7.2. Мерни инструменти .......................................................................................... 19
1.7.3. Статистичка обработка на податоци .................................................................. 19
2. **ПРИКРИЕНИ ЧОВЕЧКИ ИЗВОРИ НА ИНФОРМАЦИИ** .......................................... 20
2.1. Поим и дефиниции ............................................................................................. 20
2.2. Вредноста на ПЧИИ- информаторите................................................................... 23
2.3. Разлика помеѓу извор и информатор.................................................................... 28
2.3.1.Извори на информации ...................................................................................... 30
2.4. Развивање на информатори.................................................................................. 30
2.4.Тимови за раководење .......................................................................................... 33
2.5.Процес на работа со ПЧИИ- информатори ............................................................. 34
2.5.1.Стекнување на информатор ................................................................................ 34
2.5.2.Селектирање на лице за регрутација ................................................................... 36
2.5.1.1 .Селекција ........................................................................................................ 36
2.5.1.2 .Пристап .......................................................................................................... 38
2.5.1.3 .Мотив............................................................................................................... 40
2.5.1.4 .Мотивациски фактори ...................................................................................... 41
2.5.1.5 .Доверба............................................................................................................ 41
2.5.1.6 .м... на соработка ............................................................................................. 41
2.5.1.7 .Контрола.......................................................................................................... 45
2.5.1.8 .Регрутација ..................................................................................................... 49
2.5.1.9 .Регистрирање и овластување ........................................................................... 49
2.5.1.10 .Проценка на ризик .......................................................................................... 50
2.5.1.11 .Регистрација .................................................................................................. 50
2.5.1.12 .Раководење со ПЧИИ....................................................................................... 52
2.5.1.13 .Користење на ПЧИИ........................................................................................ 56
2.5.1.14 .Писмени акти ................................................................................................. 58
2.5.1.15 .Проценка на ПЧИИ и информации................................................................... 59
2.5.1.16 .Дерегистрација ............................................................................................... 60
2.6.Меѓународна соработка.......................................................................................... 63
2.7. Проблеми во работењето со ПЧИИ ........................................................................ 64
2.8.Мерки на заштита ................................................................................................... 65
2.9.Воведување на прикриен агент ............................................................................... 70
2.9.1.Развивање случаи со ПЧИИ .................................................................................. 71

3.**КРИМИНАЛИСТИЧКО РАЗУЗНАВАЊЕ** ....74
3.1 Функции на криминалистичкото разузнавање .... 80
3.2 .Аналитички функции .... 82
3.2.1. Тактички функции .... 82
3.2.2. Стратешки функции .... 84
3.2.3. Трендови на криминал .... 85
3.2.4. Собирање информации .... 85
3.2.5. Информации од затворени извори .... 86
3.2.6. Разузнавачко-аналитички продукти .... 88
3.2.7. Група за координација .... 90

4 . **ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ**. .... 91
4.1.Поим ....91
4.2.Концептот за Организиран криминал .... 95
4.3.Владина и економска средина .... 95
4.4.Криминалистички фактори за проценка ....100
4.5.Значењето на ПЧИИ во реализирање на заканите од организиран криминал ....104

5.**ИНТЕРПРЕТАЦИЈА И АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ** .... 112
5.1. Примерок на истражувањето .... 113
5.2. Резултати од тестирањето на хипотезите .... 114
5.3. Заклучни согледувања од истражувањето .... 143
6. **ЗАКЛУЧОК** ....145
7. **ЛИТЕРАТУРА** ....151
8. **ПРИЛОЗИ** ....152

**Појмовник на Кратенки**

МВР –Министерство за внатрешни работи
БЈБ-Биро за јавна безбедност
ОСОСК- Оддел за сузбивање на организиран и сериозен криминал
ЕПЧИИ-Единица за прикриени човечки извори на информации
СКРА-Сектор за криминалистичко разузнавање и анализа
ПЧИИ- Прикриени човечки извори на информации
ПИМ-Посебни истражни мерки
СОП-Стандардни оперативни процедури
MIOG-Manual of Investigative Operations and Guidelines

## ВОВЕД И НАУЧНА ОПРАВДАНОСТ

Целта на научното истражување е да образложи на јасен и прецизен начин како во криминалистичко разузнавачкиот истражен процес се користат човечките ресурси како прикриен извор на информации, односно да се согледаат бенефитите но и слабостите од нивното управување како ресурс доколку правилно и навремено се користат во насочената и проактивна полициска работа предвидена со стратешката и тактичката проценка.

Улогата на прикриените човечки извори на информации може да бидат мерливи од аспект на проактивното ангажирање на специјализирани организациски единици во Бирото за јавна безбедност, надлежни за работа со информатори и собирање на информации за сузбивање на организиран и сериозен криминал доколку криминалистичко разузнавачките информации се проценети од аспект на нивна веродостојност и доверливост, обработени и вградени во соодветен аналитички продукт кој преставува основа за воспоставување на криминалистичко истражување.

Успешноста на водењето на воспоставените криминалистичките истраги во голем дел зависи од постоењето на човечки извор професионално воден од тим за раководење и насочуван во структурите на криминални групи кои предпочитаат постоење на хиерархија, улоги и вршење на казнени дела на национално и меѓународно ниво за прибирање информации на прикриен начин.

Овој научен труд препорачува поголема афирмација на користењето на човекот како извор на информации и управување со информациите, во рамките на процесот на криминалистичкото разузнавање, добивање на подршка од соодветното ниво на менаџмент во Бирото за јавна безбедност при МВР, во целосната имплементација на моделот на полициско работење водено од разузнавње и негова афирмација како механизам за полициски одговор на заканите од разните облици на сериозен и организиран криминал.

Согледувањата кои што се понудени во ова истражување се со намера да охрабрат односно поттикнат систематски пристап во однос на собирањето, проценката, дистрибуцијата, користењето и управувањето со информациите во рамките на структурите кои што се задолжени за спроведување на законот во РС. Македонија.

## 1. ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ИСТРАЖУВАЊЕТО

Искуствата во спротивставувањето на сериозниот и организиран криминал укажуваат на тоа дека досега класичните методи на полициската работа не претставуваат соодветен одговор на актуелните методи на дејствување на криминалните групи. Од тие причини, во праксата се наметнува потребата од изнаоѓање на методологија која во новонастанатите околности ќе обезбеди ефективно полициско постапување но при тоа не смее да се доведе во прашање зачувувањето на неопходното ниво на почитување на човековите права, како една од клучните одлики на дејствувањето на полициските сили во едно демократско општество.

Како резултат на тие тенденции во РС.Македонија, во делот на Бирото за Јавна Безбедност се воспостави модел на Полициско работење водено од разузнавање, заснован на проактивен пристап во собирањето и анализата на информациите за појавните облици на криминал, вклучените субјекти и криминални групи, како и во подготовката на релевантни, веродостојни аналитички продукти и безбедносни проценки за намерите на криминалните групи на национално и меѓународно ниво. Таквиот пристап во работењето стана правило во развојот на ефективни стратегии во современото полициско дејствување.

Доверливите информации за заканите претставуваат клучен услов за успешната реализација на полициските активности и за отстранување на опасностите.[1]

Во процесот на криминалистичкото разузнавање успешноста на една истрага ја покажува потребата од користење на прикриени човечки извори на информации (информатори).

Прикриените човечки извори на информации можат да помогнат во одредување на развојот на настаните што ќе се одвиваат понатаму за време на истрагата.

Генералната мисија на криминалистичкото разузнавање е да собира знаење кое се однесува на поединци или групи кои се инволвирани во криминални конспирации со цел да се разбере како тие функционираат, да се опишат нивните моментални активности, и да се предвидат активности кои тие во иднина би можеле да ги превземат.

Насоченоста во разузнавањето преку користење на прикриени човечки извори на информации секогаш мора да биде работено со причина и во голем дел е поврзано со

[1] Гачанин Енис и други, Криминалистичко разузнавачки работи, DCAF-Љубљана стр.31

задачите кои ги извршуваат Секторите во одделот за организиран криминал. Потребите на разузнавањето го определуваат видот и обемот на барањата кое што е поврзано со планирањето, поставувањето на приоритети и преземање на потребни активности.

Во процесот на криминалистичкото разузнавање прикриените човечки извори на информации се еден од најважните средства на полицијата за детектирање и справување со сериозниот и организираниот криминал. Со примена на функцијата во истражниот процес полицијата добива проактивна предност да ги открива криминалните активности а не да реагира откако криминалот е извршен.

Според тоа, без разлика дали се разгледува на стратешко, оперативно или тактичко ниво, модерното поимање на криминалистичкото разузнавање стана основа за усвојување на систематски пристап во утврдувањето на реалните закани за заедницата, донесување на одлуки во однос на развивањето на соодветен одговор на заканите и ефективна употреба на ресурсите.

Разузнавањето им „посочува“ на раководителите што треба да знаат пред тие да изберат правец на активност поддржан со знаење, ги обезбедува со факти и алтернативи кои можат да информираат за клучни одлуки.

### 1.1. Дефинирање на предметот на истражување

Во современи услови интересот за истражување во областа на криминалистичко разузнавање посебно во делот на улогата на прикриените човечки извори на информации во сузбивањето на сериозниот и организиран криминал, представува тренд бидејќи станува збор за област на полициско дејствување која интезивно се развива и претставува своевиден генератор на полициски активности, како и платформа за проактивно работење.

Некои сегменти од криминалистичкото разузнавање би можело да се препознаат во полициските концепти од пред повеќе децении, но модерниот пристап кон оваа активност се врзува со не така далечното минато во кое проактивната филозофија го потисна застарениот концепт на реактивно полициско дејствување. Ова е особено изразано во развојот на полициските сили во земјите на Западниот Балкан, каде паралелно со општите транзициски процеси поврзани со активностите на патот кон пристапувањето во ЕУ се одвива и процес на преструктуирање и модернизација на полициските сили.

Ефикасното спротивставување на сложените форми на прекугранични криминал, организиран криминал, тероризам и корупција, како проследни појави на сите значајни криминални активности, без модерно конципиран криминалистичко-разузнавачки систем претставуваат тешко достижна цел, поврзана со огромната потрошувачка на расположливи ресурси. Имено, приближувањето кон изворот на опасноста, неговата мултикритеријална анализа и проценка, како и донесувањето на заклучоци и препораки за реализација на полициски или други активности со цел да се постигне максимален ефект, можно е преку дејствување на функционален криминалистичко-разузнавачки систем и употреба на продуктите кои тој ги создава.[2]

## 1.2 Дефинирање на поимите

***Криминалистичко разузнавање***

Денес во практиката не постои општо прифатена дефиниција за криминалистичко разузнавање. Дефинициите кои ги сретнуваме се засноваат на праксите и стандардите кои се применуваат во соодветните служби, каде што најчесто се спроведуваат во вид на методологија на работата. Основен предуслов за дефинирање на криминалистичкото разузнавање е согледувањето на значењето на зборот „информација" во контекст на разгледувањето на поимот „криминалистичко разузнавање". Притоа, под поимот „информација" се подразбираат необработени податоци кои се однесуваат на идентификување на лица, групи, докази, настани или ги опишуваат процесите кои укажуваат на постоење на кривично-правен настан како и докази за кривично-правниот настан.

Информациите собрани од различни извори имаат ограничено значење, па низ криминалистичко-разузнавачкиот процес и со обработка на широк спектар на информации се доаѓа до заклучок за нивната валидност и веродостојност, односно релевантност за проблемите, процесите и појавите кои се предмет на интерес преку индуктивно и дедуктивно расудување. Оттука произлегува дека криминалистичкото разузнавање е процес, но и производ, кој на различните информации, трендови, намери и други околности поврзани со криминалот им дава додатна вредност.

[2] Гачанин,Енис и други, Криминалистичко разузнавачки работи, DCAF-Љубљана стр.97

Меѓународната асоцијација на шефови на полициски служби го дефинира криминалистичкото разузнавање во областа на спроведувањето на законот како „комбинација од веродостојни и проценети информации и квалитетна анализа врз основа на која се развиваат и извлекуваат заклучоци.“ Меѓународната асоцијација на разузнавачки аналитичари смета дека разузнавањето претставува аналитички процес, односно собирање на информации од различни извори и извлекување на заклучоци кои претходно не биле очигледни.

Комисијата за акредитација на агенции за спроведување на законот во Соединетите Американски Држави, која е надлежна за давање на насоки и правила во работењето и праксата кои ќе гарантираат ефикасност и заштита од можни злоупотреби во сите области на спроведувањето на законот, разви и стандарди за криминалистичко разузнавање. Според нив, разузнавачката функција треба да овозможи развивање на процедури за континуиран проток на необработени податоци од сите извори во една централна точка, сигурен систем на досиеја во кои проценетите податоци се на соодветен начин поврзани така што се препознаваат нивните меѓусебни релации, кои пак овозможуваат целосно и брзо повлекување на информации, систем на анализа со доволен капацитет, како и систем за препраќање на информации до соодветните лица, односно органи.

Во теоријата и праксата синтагмата „разузнавање во спроведувањето на законот“ најчесто се поистоветува со синтагмата „криминалистичко разузнавање“, а се однесува на обврските и одговорностите на органите за спроведување на законот при примена на кривичното законодавство. Во суштина, криминалистичкото разузнавање е конечен производ на процесот во кој се врши собирање и проценка на информациите од различни извори, интеграција на релевантните информации во една логична рамка и донесување на заклучоци, проценка и прогноза поврзана со одреден криминален феномен, при што се користи научен пристап кон решавањето на проблемите, односно кон анализите. Според тоа, целта на криминалистичкото разузнавање е да обезбеди значајни и веродостојни информации кои се однесуваат на криминалот и неговите носители, а врз основа на кои ќе може да се донесат легитимни одлуки за негова превенција, контрола и спречување.[3]

[3] Гачанин,Енис и други, Криминалистичко разузнавачки работи, Љубљана стр.12

***Прикриени човечки извори на информации***

Употребата на информатори, односно на други облици на човечки извори кои можат доволно точно да се споредат со поимот „информатор“, претставува една од најстарите методи на ангажирање на човечките извори. Притоа, како во минатото, така и денес постојат многу различни облици на ангажирање на информатори. Работата со информаторите, како извори на разузнавачки информации, претставува значајна, но и исклучително чувствителна област, со која може успешно да се управува само доколку постои добро разработен систем и стручно оспособен кадар.

Во работата со информаторите треба да се посвети посебно внимание на опсегот на мотиви поради кои тие се одлучуваат да соработуваат, кои варираат од постапување на совесни граѓани до соработка заради остварување на лична материјална корист и прифаќање на соработка со цел да се елиминира конкуренцијата од другите криминални групи.

Основниот услов за воспоставување на системот за водење на информаторите претставува постоењето на правна рамка која го дозволува тоа и со која се регулира на кој начин треба да се постапува со информаторите во сите фази на нивното ангажирање. Во праксата се сретнуваат различни дефиниции на поимот „информатор“, па во најширока смисла за информатор може да се смета едно лице:

• кое за одредена финансиска или друга корист на полицискиот службеник му доставува информации за криминални активности;

• со одредено ниво на доверба кое е блиско со криминалната заедница, но не е посериозно вклучено во криминалните активности;

• непрекинато и на редовна основа ја снабдува полицијата со информации за криминалните дела;

• информациите ги доставува тајно;

• има пристап или сознанија за информациите кои се од корист или интерес за полицијата, а се однесуваат на сериозниот и организиран криминал;

•доброволно и прикриено обезбедува информации заради одредени привилегии или корист и е регистрирано како информатор со цел правно да се регулираат односите помеѓу него и полицијата.

Во дефиницијата на поимот „информатор“ секогаш се сретнуваат одредници со кои се става акцент на:

• мотивацијата на информаторот;

• неговата врска со криминалот;

• континуитетот и редовноста, и

• тајноста, како околност во која се обезбедува информацијата.[4]

**Човечки Извор/ Информатор:**

Претставува лице кое што е вклучено во воспоставувањето и одржувањето на прикриени односно тајни врски со други лица по барање на службата која што е задолжена за спроведување на законите, со цел собирање на информации од тие лица во име на агенцијата односно службата која што е задолжена за спроведување на законите, кое што законски е овластено тоа го извршува и истото е под контрола и добива насоки од соодветно обучени лица.[5]

***Информатор-***

*На информаторот полицијата му задава насоки и задачи за собирање на информации, информаторот има објективна и субјективна способност да собира информации, свесно и континуирано собира информации, користи или создава врски со лица за кои и од кои собира информации, на прикриен начин, раководен е од посебно обучени полициски службеници, постапува по утврдена проценка на ризик од полицјата, постапува согласно закон, координираност на постапување на информаторот во врска и за потребите на криминалистичките истражувања.*

Дефиниција содржана во прирачник за истражни операции и упатства на ФБИ (MIOG), дел 137 управува со Бирото за криминални информации (CI).

MIOG-дефинира информатор како било кое лице или субјект кој ги доставува информациите до ФБИ на доверлива основа.

Информаторите мора да бидат класифицирани според една од следните категории

1. Организиран криминал (ОК)

2. Општ криминал (C) - Оние кои обезбедуваат информации во врска со истраги за прашања од општа кривична природа.

3. Тероризам во САД (T) - Оние кои обезбедуваат информации во врска со истраги за лица или групи вклучени во терористички активности во САД, како што се бомбашки напади и други криминалци терористички активности.

4. Прекршок на белата јака (WC) - Оние кои обезбедуваат информации во врска со прекршувања кои се во рамките на програмата за криминални активности.

---

[4] Гачанин,Енис и други, Криминалистичко разузнавачки работи, Љубљана стр.40-41

[5] Прирачник за криминалистичко разузнавање/процес на криминалистичко разузнавање стр 6

5. Дроги (D) - Оние кои обезбедуваат информации во врска со истрагите за дрога спаѓаат во рамките на програмата за лекови.
6. Меѓународен тероризам (IT)
7. Граѓански права (CR)
8.Национална инфраструктура заштита/Компјутерски Intrusion програма (NI) Информатори и прикриени истраги
9. Сајбер-криминал (КК)
10. Голема кражба (MT)
11. Насилни банди (VG)
12. Доверливи извори (CS) - Оние кои обезбедуваат информации до ФБИ на доверлива и редовна основа како резултат на легитимна работа или рутински пристап до евиденцијата, а не како резултат на здружување со лица со истражен интерес за ФБИ. Информациите обезбедени од страна на доверлив извор мора да бидат релевантни за овластените ФБИ истраги. Работата на доверлив извор мора да биде конзистентна со ФБИ и насоки од јавен обвинител. За доверлив извор може да се платат и разумни финансиски средства како услуги , трошоци или награди [6]

***Организиран криминал***

Територијата на РС. Македонија од аспект на меѓународниот и транснационалниот организиран криминал представува транзитна земја, каде во најголемиот дел криминалните групи инволвирани во различни области на сериозен и организиран криминал даваат логистичка подршка на криминалните групи од регионот, со кои заедно претставуваат дел од една поголема организирана криминална мрежа.

Во МВР-БЈБ, функционира Оддел за сузбивање на организиран и сериозен криминал за спречување и откривање на казнени дела за кои гонењето се презема по службена должност, извршени од организирана група од најмалку три лица, која дејствува одреден период, со цел да оствари непосредна или посредна финансиска корист или друг вид материјална корист и која ќе изврши едно или повеќе кривични дела, како и за други кривични дела за кои со закон е пропишана казна затвор во траење од најмалку четири години.

[6] **Fitzgerald, G. Dennis,** Informants and Undercover Investigations,CRC,USA,2007 година, стр.3-4

Вршењето на казнени дела од областа на сериозниот и организиран криминал е незаконита работа во која постои структура слична на корпорација чија основна цел е стекнување на материјална корист или доход. Доходот се стекнува со продажба на дрога, проституција, криумчарење на оружје, недозволена трговија, експлоатација на пазарот и побарувачката на пазарот која неможе да се задоволи заради рестриктивните закони и заради регулативата која постои.

Организираниот криминал го интересира само оној пазар каде што заработувачката е енормна во однос на вложувањата. Заради заштита на криминалниот пазар криминалните организации користат методи на насилство, кражби, грабнувања, убиства, уцени, корупција.

***Критериуми за постоење на организиран криминал***

***Задолжителни критериуми се:***

Криминална активност на три или повеќе лица, дејствување низ подолг или неограничен период со цел стекнување финансиска корист.

***Незадолжителни критериуми се:***

-Поделба на криминални улоги и задачи

-Користење на внатрешна контрола и дисциплина на членовите

-Користење на насилство и други облици на застрашување

-Влијание во политиката, медиумите, јавната управа, полицијата, стопанството или финансиите со помош на корупција.

### 1.3 Цели на научно-истражувачкиот проект

1.Да се согледа улогата на прикриените човечки извори на информации во полициското работење во процесот на криминалистичкото разузнавање во однос на нивното влијание при донесувањето и спроведувањето на одлуки од страна на полицискиот менаџмент.

2. Да се констатира, да се истражи нивото на успешност на криминалистичките истраги од користењето на прикриените човечки извори на информации, и нивното правилно насочување во воспоставените приоритети на криминалистички истражувања.

3. Да се истражи квантитетот и квалитетот на користењето на прикриените човечки извори на информации во однос на проактивното работење собирање на

информации за моменталните трендови и појавни облици на криминал и нивна навремена приоритизација.

## 1.4 Истражувачки прашања

***Основно истражувачко прашање:***

Какво влијание имаат прикриените човечки извори на информации во процесот на криминалистичкото разузнавање при сузбивањето на сериозниот и организиран криминал.

***Други истражувачки прашања:***

Почитувањето на човековите права и градењето на однос на доверба со граѓаните, со цел градење соработка на таен и прикриен основ во рамки на законите и стандардните оперативни процедури. Пристапувањето кон собирање на криминалистичко разузнавачки информации од прикриени извори на информации во полицијата како форма на управување со процесот на собирање на информации (селекција,таргетирање, регрутирање и користење на информатор)

## 2.Хипотези

**2.1*Главна хипотеза:***

Прикриените човечки извори на информации во процесот на криминалистичкото разузнавање имаат значајно влијание врз успешноста и ефикасноста на процесот на сузбивање на сериозниот и организиран криминал.

***2.2 Помошни хипотези:***

***Хипотеза1:*** Криминалистичкото разузнавање во современите услови претставуваат комбинација веродостојни и планирани информации за изведување на квалитетни криминалистичко разузнавачки анализи неопходни за целосно и ефикасно сузбивање и справување со сериозниот и организиран криминал.

***Хипотеза 2:*** Информации собрани од прикриени човечки извори на информации во процесот на криминалистичкото разузнавање опфаќаат широк спектар на индикатори неопходен за сите фази во процесот на откривање на криминалните групи во сверата на сериозниот и организиран криминал.

***Хипотеза 3*:**Криминалистичкото истражување представува неопходен предуслов во процесот на прибирање на информации за успешно справување со криминалните групи инволвирани во вршење на казнени дела од областа на сериозниот и организиран криминал.

***Хипотеза 4*:**Прикриените човечки извори на информации имаат голема улога во полициското работење посебно при донесување на одлуки посебно од страна на полицискиот менаџмент.

***Хипотеза 5:***Нивото на успешноста на криминалистичките истраги во голема мера зависат од користење на прикриените човечки извори на информации.

***Хипотеза 6:***Користењето на прикриените човечки извори на информации значително влијае врз правилно насочување и воспоставување и приоритизација на криминалистичките истражувања за сузбивање на организирани криминални групи.

***Хипотеза7:***Квантитативното и квалитативното користење на прикриените човечки извори на информации е во целосна функција на проактивен настап на соодветни органи и институции со цел сузбивање на појавните облици на серипзен и организиран криминал.

***Хипотеза 8:*** Користење на прикриените човечки извори на информации за успешно утврдување на моменталните трендови, појавни облици и тенденции во криминалотот и нивна навремена приоритизација

***Хипотеза 9:***Ненавременото изготвување на криминалистичко разузнавачки продукти со користење на информациите собрани од прикриени човечки извори на информации во проактивна работа влијае врз нивното понатамошно насочување.

Со други зборови, приоритетите во работењето на МВР односно ОСОСК, како надлежен за сузбивање на сериозниот и организиран криминал во колкав дел ги зема во предвид криминалистичко разузнавачките информации кои се собрани од прикриени човечки извори на информации и ги користи за пополнување на разузнавачки празнини во разузнавачките продукти или носи одлука на тактичко ниво за воспоставување на соодветни криминалистички истражувања во спротиставувањето на организираниот и сериозен криминал.

## 3.Идентификација и операционализација на варијаблите

### *3.1 <u>Независна варијабла:</u>*

Потребата од користење на прикриените човечки извори на информации и начинот на информирање, дисеминација на криминалистичко разузнавачките информации.

Прикриените човечки извори на информации претставуваат, ресурси кои се користат од страна на полициските службеници со изграденн професионален однос, припадник на разузнавачка единица во состав на Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал (ОСОСК), кои преку процесот на селекција, регрутирање, регистрирање и раководење на прикриен човечки извор на информации (информатор), прибираат криминалистичко разузнавачки информации согласно утврдените разузнавачки потреби и цели за собирање на информации за сузбивање на криминални групи инволвирани во вршење на казнени дела од областа на сериозниот и организиран криминал.

Ангажирањето на потенцијалниот човечки извор на информации мора да биде согласно процедурите за работа и да ги исполнува критериумите за:

неопходност, ангажирањето да биде законски и пропорционално во однос на заканите и секогаш да се има предвид и да се контролира можноста од дополнителните навлегувања во правата и слободите на граѓаните (колетерална интрузија).

Организираниот и сериозен криминал е една од главните закани и предизвици за органите надлежни за спроведување на законот којашто бара силна регионална и меѓусекторска соработка, како важен предуслов за успешна борба против појавните облици на овој криминал.

Овие форми на криминал се многу сложени, првенствено поради силниот меѓународен карактер и сторителите од различни земји, региони и области на светот се повеќе се здружуваат, така што борбата против организираниот и сериозен криминал не може да се сведе само во националните граници. Затоа, процесот на собирање докази потребни за да се гонат членовите на ОКГ кои извршиле вакви кривични дела, како и конфискација на имотната корист стекната со криминал, е многу сложен.“ [7]

„Регионалната процена на заканите од организираниот и сериозен криминал покажува дека во овој момент се соочуваме со организиран и сериозен криминал кој

---

[7] https://mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/publikacii%20pdf/SOCTA_v_11_03_2016_facing.pdf,стр 45

постојано развива нови форми на манифестирање, пред сè во зависност од глобалните промени, технолошкиот напредок и социјалниот развој.“[8]

„Ефикасната борба против организираниот и сериозен криминал може дополнително да се зајакне со користење на сите можни механизми за соработка меѓу земјите од регионот, како што се конференции, тркалезни маси или активности при членување во регионалните и меѓународни асоцијации, бидејќи клучот за успешна соработка е токму размената на искуства, знаењето, методите, алатките и добрите практики за новите облици на закани.“[9]

Поинтензивна примена на меѓународните истражни механизми, односно почесто формирање заеднички истражни тимови за да се истражат кривични дела со елементи на организираност, како и развој на систем на полициско работење врз основа на разузнавачки информации како предуслов за проактивен пристап.

**3.2 *Зависна варијабла:***

Донесување на одлуки на потребно ниво за користење на прикриени човечки извори на информации во насочена реактивна и проактивна работа.

**3.3 *Индикатори за следење на независната варијалба :***

Вид и број на криминалистички истражувања во кој се користени прикриени човечки извори на информации во одреден период

Број на реализирани криминалистички истражувања во кој се користени прикриени човечки извори на информации во одреден период.

**3.4 *Индикатори за следење на зависната варијабла:***

Вид и број на одлуки на потребно ниво, во одреден временски период.

Дополнително, контролните интервјуа со надлежни професионалци во МВР, експерти, и претсавници на агенции кои спроведуваат закон од други држави кои треба да придонесат за тоа како се користат прикриените човечки извори на информации, нивната улога во криминалистичкото разузнавање и резултатите во сузбивањето на сериозниот и организиран криминал односно како влијаат информациите собрани од прикриените човечки извори на информации во донесуваат на релевантни одлуки поврзани со одредување на приоритетите за работа.

---

[8] https://mvr.gov.mk/Upload/EditorUpload/publikacii%20pdf/SOCTA_v_11_03_2016_facing.pdf,стр 49

[9] Ibid, стр 50

# 4.Нацрт на истражувањето

## *4.1 Методологија на истражувањето*

Во истражувањето и обработката на темата ќе бидат користени методи кои се применуваат во научните трудови. Покрај теоретските истражувања ќе биде применет и аналитички метод. Исто така ќе биде применет и методот на опсервација на постоечките истражувања, книги, анализа на содржина, публикации и интернет содржини. За изнаоѓање на потребните податоци ќе биде користена:

- домашна и странска литература
- секундарни извори на податоци
- статистички показатели

При обработка на темата ќе бидат применети и следните методи:

**Метод на опсервација** на постоечки податоци ќе се користи при пребарување и истражување на литература. Ќе биде избрана литература која се однесува на актуелноста на трудот.

**Квантитативниот метод** ќе се примени за интерпретација на резултатите добиени од анкетните прашалници на испитаниците.

**Компаративниот метод** ќе се примени за споредба на добиените резултати од анкетните прашалници одговорени од страна на вработените во ОСОСК.(оддел за сузбивање на организиран и сериозен криминал)

**Дескриптивниот метод** ќе се примени со цел да се даде поширок опис, разработка и анализа на состојбите и перспективите на моделот на полициско работење водено од разузнавање во Република Северна Македонија.

**Методот на индукција** ќе биде применет во однос на согледување на реалните состојби во делот на работа со прикриените човечки извори на информации во процесот на криминалистичкото разузнавање во ОСОСК (оддел за сузбивање на организиран и сериозен криминал) и неговата перспектива.

**Аналитичкиот метод** ќе биде применет со цел да се анализираат теоретските содржини од домашната и странската литература кои ќе се однесуваат на развојот и перспективите на целосна имплементација на моделот на полициско работење водено од разузнавање во МВР.

## 4.2 Испитаници

Во текот на истражувањето ќе се изврши анкетирање на вработените во Одделот за сузбибање на организиран и сериозен криминал и во подрачните отсеци на одделот во СВР. Во истражувањето ќе се опфатат најразлични старосни групи, со различен

степен на образование и полова структура како и лица со различен стаж во институцијата ОСОСК. (оддел за сузбивање на организиран и сериозен криминал)

**Интервјуа:**

(1) Со претставници на тимот за раководење на прикриени човечки извори на информации во својство на (хендлер,контролор,овластувач)

(2) Со претсавници на експертската јавност од областа на работа со прикриени човечки извори во Р.Македонија и странство.

**4.3 <u>Мерни инструменти</u>**

Истражувачки инструмент кој ќе биде користен во истражувањето е анкетниот прашалник поврзан со проблематиката од сферата на прикриените човечки извори на информации. Дел од прашањата кои ќе бидат поставени на испитаниците се прашања со предложени одговори на кои повеќето испитаници ќе одговараат, односно ќе го дадат своето мислење. Останатиот дел од прашањата бараат индивидуално видување и мислење во однос на поставеното прашање. Анкетниот прашалник ќе биде изработен за потребите на ова истражување и ќе биде во согласност со поставената цел односно предметот на истражувањето. Врз основа на одговорените прашања ќе може да се констатира оправданоста на истражувањето, како и потребата за поширокото истажување во однос на проблематиката.

**4.4 <u>Статистичка обработка на податоци</u>**

Обработката на податоци ќе се реализира по следните фази:

Прва фаза: средување на податоците;

Втора фаза: проверка на податоците и внесување во програмата за обработка на Microsoft office;

Трета фаза: анализа на добиените резултати со помош на графичко претставување;

Четврта фаза: изведување на заклучоци според добиените резултати.

# 2.ПРИКРИЕНИ ЧОВЕЧКИ ИЗВОРИ НА ИНФОРМАЦИИ

## 2.1 поим и дефиниции

„Термините „информатор“, „информант“ или „извор“ се оние што се широко разбрани во полициските кругови и пошироката јавност. Во употреба во многу јурисдикции се користи терминот „Прикриен човечки извори на информации“. Овој термин или неговиот акроним, на Англиски јазик се употребува како кратенка CHIS од изразот (Covert Human Intelegence Source). Оваа терминологија, често се користи и како доволно широка за да ги опфати сите три различно одделни но поврзани категории на личности кои обезбедуваат информации за полицијата, т.е. - контакти со граѓани, информатори и агенти“.[10]

Во Македонскиот полициски модел на полициско работење водено од разузнавање во стандардните оперативни процедури за работа „Правилник за работа со прикриени човечки извори на информации“ се користи следнава дефиниција.

**„Прикриен човечки извор на информации** е лице, кое се согласило свесно, организирано, тајно, континуирано или повремено да извршува поставени задачи од овластени полициски службеници, преку воспоставување или користење на личен или друг вид на врска со лица, со цел тајно собирање на информации или обезбедување на пристап до било каква информација за друго лице, а информациите ги дава како резултат на користењето на таквата врска.

**Тајност:** Тајната соработка е најзначаен елемент. Односот со лицето за соработка подоцна информатор е познат само на тимот за селектирање регрутирање и раководење со информаторот (хендлер,контролор,овластувач).

Тајноста на соработката важи за пошироката средина во која работи и делува ПЧИИ.

**Свесност:** На лицето во својство на ПЧИИ мора да му биде јасно со која организациона единица има воспоставено однос на соработка и целосно да биде свесен за задачите кои ги извршува. Лицето мора да биде свесно дека освен тимот друг не смее да биде запознат со неговата работа. ПЧИИ (информаторот), треба да биде свесен за одредени ризици и за одговорноста што ја има при презентирање на информациите, тие да бидат објективни и навремени.

**Организираност:** Самиот пристап кон лицето, давањето задачи и добивање на известувања, мора да бидат во согласност со предходно јасно поставена цел и

---

[10] http://www.garda.ie/angarda/pub/Commissioner%20Statement%20on%20CHIS.pdf
Public Statement by the Commissioner of An Garda Siochána on the Management and Use of Covert Human Intelligence Sources 15 September 2006, стр. 6

предметот на работа на организациската единица.“[11]

Во суштина при дефинирањето на поимот Прикриен човечки извор на информации, ПЧИИ (информатор) неминовно е да бидат споменати трите компоненти кои треба да се препознаат во фазата на селекција и пред носењето на одлука за воспоставување на однос за соработка со лицето. Прикриени човечки извори на информации можат да бидат оние лица кои имаат пристап до информации поврзани со криминал. Тие ја прифаќаат соработката во својство на Прикриен човечки извор на информации кога на некој начин се мотивирани да ги дадат потребните информации на полицијата.

Во делот на третата компонента Контрола, таа ја означува способноста по сопствена волја, Прикриениот човечки извор да го прифати, влијанието на моќ на претпоставениот тим за раководење во делот на делегирање на задачите и насоките.

**Мотивација + Пристап + Контрола**

Препознавањето на овие три компоненти ќе одредат, дали лицето е со потенцијал да биде ПЧИИ (информатор). Без постоење на некоја од овие компоненти, имаме нешто, но тоа во суштина не представува потенцијал за ПЧИИ. Само некој кој ги поседува сите три карактеристики ќе биде ефективен Прикриен човечки извор на информации.

Во многу полициски случаи ПЧИИ, се неопходни „составни делови“ од кривично правниот систем и претставуваат најдобрата, дури и единствената шанса да се реши значаен и крупен криминал, иако во јавноста користењето на ПЧИИ во кривичен предмет, може да биде разбрано како предмет оптоварен со недоразбирања и конфликти, вознемирување на јавноста, па дури и презир.

За да имаме успешно ангажирани ПЧИИ, полициските службеници кои го спроведуваат законот, мора да го разберат и практикуваат процесот за работа со Прикриени човечки извор на информации. Личноста (граѓанин) кој ја прифаќа соработка во својство на ПЧИИ за својата работа во делот на извршувањето на задачите и насоките единствено е одговорен пред надлежниот тим за раководење од овластената организациска единица надлежна за работа со Прикриени човечки извор на информации.

---

[11] Правилник за работа со информатори член 4, стр.2 од 16.10.2013 година

„Прикриените човечки извори на информации, повеќе се од вистински сведоци на криминал а помалку се од офицери кои спроведуваат закон. Тие имаат јасно одредени улоги во процесот на истражување и лишување од слобода на лицата инволвирани во криминал“.[12]

„Во глобалната заедница и ерата на информации во која живееме, информацијата е драгоцена. Индустриската шпионажа, компјутерскиот криминал, економскиот криминал, и злоупотребата на личните податоци, се области на голем број злоупотреби и настојува развивање на информатори кои ќе допринесат со доставените информации во откривањето на кривичните дела и истражувањето на појавните облици на криминалот. Информаторите како човечки извори на информации не само што можат да ни обезбедат прикриен пристап до лицата кои се инволвирани во вршење на криминални активности, тие можат да обезбедат и информации за тоа како да се откријат, истражуваат и следат лицата инволвирани во криминални активности, кои се таргет на полицијата. Информаторите обезбедуваат поефикасни и поефективни истраги во речиси сите области на криминал. Неминовно е да се развиваат и користат во воспоставените криминалистички истражувања за борба против криминалните групи инволвирани во вршење на кривични дела од областа на организираниот криминал“.[13]

„Целта на раководење на информатор е да оперира во насока „нагоре“ – да обезбеди информации и да развие случаи за поединци или организации кои се позначајни прекршители.“[14]

„Спроведувањето на законот не мора да биде само реактивен туку и проактивен во одговорот на криминалните активности. Тоа бара „ таен одговор“ од страна на оние кои го спроведуваат законот кои вклучува развивање и употреба на информатори. Најочигледните и најнеопходните намени на информаторите како извори на информации се иницирање (воспоставување) на случаи и континуирано разузнавање“[15]

---

[12] Madinger John, Confidential informant, CRC Press, USA, Florida, стр.12
[13] Mallory,L Stephen Informants Development and management, Copperhouse Publishing Company,USA,Nevada,2000 година, стр 15
[14] Ibid
[15] Mallory,L Stephen Informants Development and management, стр 16

**2.2 Вредноста на информаторите**

За важноста од користењето на човекот како извор на информации и неговата вредност во остварувањето на победа против непријателот ни укажува и Сун Цу во своето дело „Уметноста на војувањето".

„Средството со кое просветените владетели и мудрите војсководци се водат со цел да ги поразат другите, а нивните достигнувања ќе ги надминат масите, се нарекува предзнаење. Предзнаењето не може да се стекне од духови и привиденија, заклучоци од некои природни феномени или испитувања од постапките на небото, туку мора да биде стекнато од луѓето, бидејќи тоа е знаење за состојбата во која се наоѓа непријателот". [16]

„Освен, доколку некој не е мудар, не смее да се служи со шпиони; ако не е благодарен и чесен, не би требало да се служи со шпиони; ако не е суптилен, нема да може да ја свати суштината на разузнавачките извештаи. Не постојат области каде шпионите не се користат". [17]

Тајното собирање на разузнавачки информации преку човекот како извор на тие информации укажува на вредноста на информаторите во прибирањето на информации во остварувањето на целите на организациските единици кои го спроведуваат законот во борба против организираниот и сериозен криминал. Со тоа во практиката користењето на човечките извори на информации како значаен извор на информации не треба да се смета ниту да се осудува како недостоен начин на прибирање на информации.

Во денешниот современ свет, влијанието на политиката, недоволно предвидени финансиски средства за борба против организираните криминални групи, тероризмот, зголемено присуство на смртоносно оружје неопходно е да се користат придобивките од овие ресурси и покрај постоењето на современи системи за прибирање на разузнавачки информации. Користењето на човекот како извор на информации во борбата против организираниот криминал не смее да се свати како нарушување на чесноста, изопачено и неморално средство во делот на превземањето на мерки од страна на организациските единици кои спроведуваат закон во остварување на резултати во борбата против организираниот криминал.

---

[16] Сун Цу, Уметноста на војувањето,Heroes- Skopje 2019 стр.76-77
[17] Ibid стр.77

„Информатори можат да помогнат во одредување на редоследот на истрагата, што ќе следи понатаму за време на истрагата. „Тие можат да посочат информација каде и како да се обезбеди доказ кој може да биде уништен доколку оние кои што ги спроведуваат истрагите не реагираат веднаш. Тие можат да дадат информации во насочено криминалистичко истражување кој од доказите е достапен, кој го поседува тој доказ, и каде е лоциран тој доказ. Информаторите можат да идентификуваат слаби врски во една криминална организација и да посочат лица кој би можеле да бидат во својство на сведоци или потенцијални информатори.“[18]

„Информаторите можат да обезбедат информации кои се однесуваат на областа на криминал, инволвираните лица (осомничениот), структура, членови, модус операнди на криминалната група.

Со развивање на информациите преку информаторите се прибираат информации за поврзаноста на лицата инволвирани во криминална група, хиерархијата во криминалната група, техничките средства кои ги користат, начинот на извршување на кривичните дела и слично. Со доставување на навремени информации за конкретни случувања во криминалната група овозможуваат навремено користење на расположливите ресурси во делот на документирањето при користењето на ПИМ.

„Обезбедување на чуствителни посебни „информации од внатрешен човек“ кои единствено може да бидат обезбедени од информатори“. [19]

Информатори можат да обезбедат пресудни информации во повеќето од криминалистичките истраги.

„Агенциите кои го спроведуваат законот мора да бидат ефикасни и ефективни. Информаторите можат да помогнат во продуцирање ефикасни и ефективни истраги. Терминот *ефикасен* може да биде дефиниран како „Продукција без трошоци“ (Webster's Dictionary, 1983). Webster го дефинира *ефективен* како изработка на одлучни, сигурни и посакувани ефекти. Ефективноста исто така може да биде дефинирана како „правење на виситнските работи“. Ова често е поврзано со мисијата на една агенција, која можеби е трагање по правда, одредување на виситната, работење ориентирано кон резултати, и дури намалување на криминал.“ [20]

[18] Mallory,L Stephen Informants Development and management, str 2
[19] Ibid
[20] Ibid, стр 2-3

Истрагите можат да бидат водени со користење на посебни истражни мерки најчесто со примена на физичко следење и документирање и пресретнување на комуникации, во делот на обезбедување на докази. Овие типови на истраги бараат големи човечки капацитети, дури и со исцрпни посебни истражни мерки, резултатите во делот на обезбедувањето на доказните често можат да бидат нецелосни и непродуктивни.

Без продуктивни информатори организациските единици кои спроведуваат закон се сколни на трошење на повеќе ресурси. Информаторите можат да помогнат во продуцирање на поефикасни операции (криминалистички истражувања) во текот на планирањето, имплементацијата и во фазата на обвинителните активности при развивањето на одреден случај.

Време, пари, опрема и човечки потенцијал се ресурси кои се трошат во текот на овие фази од започнување, до релизација на одреден случај (криминалистичко истражување). Ова трошење на ресурси може да биде намалено преку употребата на човечки извори како извори на информации. Со задавање на конкретни задачи информаторите можат да вршат опсервација (набљудување), да идентификуваат потенецијални таргети, да иницираат контакти со таргети, или да создадат услови, за времено и адекватно користење на посебните истражни мерки.

Навремените и веродостојни информации добиени од доверливи информатори им овозможува на агенциите кои го спроведуваат законот благоремено да ја одредат потребата од користење на неопходните ресурси, во одреден случај или истрага.

„Информаторите можат да бида ефикасни и ефективни на следните начини:

-Да заштедат време при спроведување на посебните истражни мерки набљудување (следење) и вршење на други планирани прикриени операции,

-Да посочат или да лоцираат лица потенцијални сведоци, кога не може да бидат обезбедени докази со други средства,

-Да достават информации за модус операнди и други специфики или карактеристики користени од страна на членови инволвирани во криминална група,

-Да посочат имоти за заплена или конфискување,

-Да обезбедат детали во врска со криминални активности од минатото,

-Да обезбедат и развијат тактичко и стратешко разузнавање,

-Да идентификуваат други потенцијални информатори или слаби врски во една криминална организација,

-Да идентификуваат потенцијални таргети за една криминалистичка истрага,

-Да идентификуваат региони на делување на криминалните групи или нивни

потенцијални таргети во вршење на криминални активности во тие региони,

-Да обезбедат информации за лица кои се бараат со потерница,

-Да обезбедат информации за идентитетот и структурата на криминални групи инволвирани во вршење на кривични дела од обласста на организиран криминал,

-Го оддржува спроведувањето на законот синхронизирано со криминалот." [21]

„Информаторот може да обезбеди вметнување на прикриен агент во структурите на криминалната организација.

*Работење круто,* инфилтрирајќи се во една организација без информатор, бара долг период и инвентивни техники. Воведувањето на агентот од страна на информатор до осомничен или криминалната организација во голема мера го намалува времето и напорите потребни за да се овозможи развивање на случај." [22]

Поради заштита на идентитетот на прикриениот агент (андеркавер) пред информаторот, агентот се преставува како пријател на тимот за раководење со цел информаторот да соработува во прикриената операција.

Во овие комбинации на прикриени операции, информаторот помага за спроведување на законот. Оваа соработка може да обезбеди брза инфилтрација на прикриениот агент во криминалната група, да запознае одредено лице член на криминалната група преку кои ќе се обезбедат потребните докази или да обезбеди некоја друга предност за прикриениот агент и воспоставеното криминалистичко истражување.

Информаторот може да обезбеди иденитификување на слабите (лесно соборливи) врски во криминалната организација и создавање мрежа од информатори. Тимот задолжен за раководење со информатори преку раководениот информатор покрај собирањето на информации за криминалната група за кои е овластен да прибира информации за: членовите на криминалната група, начинот на вршење на кривичните дела, средствата кои што ги користат за вршење на кривичните дела, доставува и информации со кои се идентификуваат слабите врски во криминалната група. Тимот за раководење по претходна проценка и анализа на добиените информацииите би можел да донесе одлука да селектира и друг член од криминалната група лице-потенцијален информатор и да воспостави соработка и со тоа лице без предходно да биде запознат раководениот информатор.

[21] Mallory,L Stephen Informants Development and managament str. 4

[22] Mallory,L Stephen Informants Development and managament str.8-9

Полициски системи кои дозволуваат поглеми овластувања во делот на развивањето на ПЧИИ-информатори со цел сузбивање на криминалот можат да опфатат и категорија на лица кои се инволвирани во криминални активности.

По предходна проценка на тимот за раководење, согласно вредноста на расположливите информации и планот за собирање на информации во својство на ПЧИИ-информатори, можат да се јават лица кај кои постои основ на сомневање дека се инволвирани во планирање или вршење на кривични дела, со незначителна штета, но се со потенцијал во делот на компонентите пристап, мотивација и контролата.

Со правилно менаџирање од страна на тимот за раководење во консултација со надлежниот Јавен Обвинител од овие ПЧИИ -информатори, може континуирано да се прибираат информации и навремено да се споделуваат со надлежните за водење на криминалистичките истраги.

Воспсотавувањето на однос за соработка од страна на тимот за раководење со овие лица може да имаат големо значење за брз напредок на истрагата во воспоставени реактивни криминалистички истражувања но и во развивање на проактивната информација.

Со правилно раководење на информаторите како извори на информации се прибираат информации од стратешко значење како за трендовите во криминалот, појава на нови облици и начини на извршување на криминал, информации кои упатуваат на можни закани, ризици и безбедносно интересни појави. По обработка и проценка овие криминалистичко разузнавачки информации стануваат составен дел на соодветни аналитички продукти (Стратешка проценка, Тактичка проценка, Профил на субјект и Профил на проблем) и преставуваат основа за креирање на безбедносни политики и планирање на работните ангажмани на организациските единици надлежни за сузбибање на организираните форми на криминал.

„Видувањето на ПЧИИ- информаторот е различно од она на истражителот или аналитичарот. ПЧИИ, може да извести за тоа што се случува во заедницата кога тоа се уште не им е познато на надлежните кои го спроведуваат законот. Информаторот може да го слушне она за што истражителите не можат, или да го забележи она за што луѓето не информираат кон надлежните кои го спроведуваат законот.

Проценето е дека за повеќе од 50 % од криминалот не се известува. Информаторите можат да помогнат да се регистрира нерегистрираниот криминал или да се откријат планирани и извршени кривични дела како и трендовите во криминалот.

Вообичаено, оние кои го спроведуваат законот се последни кои дознаваат за појава на трендови на пример: (нови злоупотребувани droги). Информаторите се на предната линија и можат да бидат драгоцени во рано откривање и според тоа помагаат во тактички, административен и стратешки одговор во борбата против криминалот. “[23]

## 2.3 Разлика помеѓу извори на информации и информатори

### 2.3.1 Извор на информации

Според процедурите кои се применуваат во Министерството за внатрешни работи при Бирото за јавна безбедност, сите полициските службеници можат да собираат информации од граѓани. Граѓаните немаат статус на Прикриен човечки извор на информации. На граѓаните не им се задаваат задачи и насоки за дополнително обезбедување податоци и информации.

Граѓанинот може да се јави во улога да достави информации односно да оствари неколку пати контакт со полициски службеници со цел достава на информации. Во овој случај по извршените проценки на доставените информациите се согледуваат субјективните и обејктивните способности на граѓанинот, се врши проценка дали лицето граѓанин е со потенцијал во делот на пристап до информации и утврден мотив, односно дали може да се започне со процесот за регрутирање на граѓанинот како Прикриен човечки извор на информации. Овие проценки се вршат од страна на полициските службеници надлежни за работа со прикриени човечки извори на информации.

Како човечки извори на информаци-граѓани, се лица или организации кои се во субјективна или објективна можност да соберат и достават информации без никаква финансиска надокнада, случајно и повремено, и без посебни насоки од полициски службеници надлежни за раководење со информатори припадници на агенции кои го спроведуваат законот.

Информации добиени од граѓани во својство на извор на информации, може да биде и на барање од надлежен јавен обвинител или судија на предходна постапка со издавање на наредба за да се обезбедат потребните информации за водење на понатамошната постапка.

„Примери за човечки извори на информации-Граѓани можат да бидат:

-Граѓани, - продавачи во билетари за патување, такси возачи, вработени во пошта,

[23] Mallory,L Stephen Informants Development and management, str. 13

бизнисмени, вработени во мотели или хотели, возачи на автобуси итн.

-Комуникациски компании и нивни вработени,

-Банки и нивни вработени,

-Официјални здруженија и нивни членови,

-Синдикални здруженија и нивни членови,

-Кредитни агенции и нивни вработени,

-Транспортни компании и нивни вработени,

-Приватни истражни агенции,

-Јавни записи (списоци) вклучувајќи гласачки списоци, списоци на јавни услужни компании, записи од судски процеси кои не се предмет на криминал, апликации за добивање на одредени документи, изводи од венчаници, записи од стечајни постапки, документирани материјали од комерцијални униформирани организации, матични служби, други служби кои имаат евиденции за лица итн.

-Бројни владини агенции вклучувајќи и контролни (надзорни) и извршни ентитети,

-Публикации, како што е телефонски именик, весници, извештаи за продадени автомобили.

-Служби за информации,

-Записи од даночни наплати,

-Воени записи,

-Записи на противпожарна служба,

-Картотеки за ненаплатени налози,

-Датотеки за извештаи за прекршоци во полиција или други владини институции,

-Извештаи за сообраќајни незгоди,

-Архиви за малолетници,

-Агенции за условни казни и помилувања и нивни вработени,

-Бироа за издавање на лиценци,

-Осигурителни компании и нивни вработени,

-Тестаменти и потврди,

-Различни одбори, комисии како што се едукативни, изборни итн“[24].

Преку моделот на полициското работење водено од разузнавање со специфичен фокус кон заедницата ги подобрува и подига односите меѓу членовите на заедницата и полицијата. Со придвижување на овие односи и зголемување на довербата на

[24] Mallory,L Stephen Informants Development and management, str. 5

полицијата во заедницата, преставува можност за идентификување на лица-граѓани, потенцијални извори на информации. Овој однос може да им помогне на надлежните полициски службеници за раководење со ПЧИИ (информатори) во развивањето на човечки извори на информации. Граѓани кои имаат пристап во одредени криминални средини или располагаат со информации при идентификување и решавање на одреден безбедносен проблем би можеле да бидат од големо значење за надлежните полициски службеници задолжени за раководење со ПЧИИ (информатори).

Позитивни релации, почит, и доверба во оние кои го спроведуваат законот од страна на заедницата се неопходни за остварувањето на резултатите во текот на работењето. Ова ќе даде резултат во делот на воспоставување на соработка со потенцијални и мотивирани граѓани кои ќе споделуваат информации со спроведувачите на законот а со тоа ќе помогнат да се детектира и да се сузбива криминалот. Овие врски со заедницата ќе допринесат и во зголемување на можноста да се развиваат ПЧИИ (информатори).

## 2.4 РАЗВИВАЊЕ НА ИНФОРМАТОРИ

Една од најсложените и најтешките задачи која тимот за раководење со прикриени човечки извори на информации, треба да ја исполни е да ја убеди селектираната личност да соработува и тајно да прибира информации по задачи и насоки на преставниците од организациската единица надлежна за работа со Прикриени човечки извори на информации. Во сложени криминалистички истраги на сузбивање на криминални групи од областа на организираниот криминал, најчесто селектираното лице-потенцијален информатор е лице со криминално минато или пак одржува контакти со лица кои се инволвирани во вршење на криминал. Проценката на ризик при селекцијата на лице од криминална средина за соработка е важна во однос на нивото на пристап до информации кои ги има лицето во криминалната група. Тимот за раководење ќе одлучи дали ќе селектира лице кое врши услуги за организаторите, лице кое е повремено на контакт со членови од криминалната група или ќе селектира лице организатор во криминалната група. Носењето на одлука преставува долготраен процес и ќе зависи од расположливите информации за таргетите на криминалната група, нивниот модус операнди, структура, хиерархија во криминалната група како и односите помеѓу членовите и секако можноста да се препознаат мотивите за соработка. Доаѓањето до сите овие

информации од тимот за раководење бара голем ангажман, посветеност, инвентивност, искуство, но и познавање на моменталните прилики-трендовите во криминалот, влијателни криминалци како и многу други информации и подготовки кои треба да ги предвиди тимот за раководење пред да донесе одлука и да отпочне со процесот на регрутација.

„Употребата на информатори од страна на полицијата не наидува на добронаклонетост во јавноста и заедницата. Вообичаено нарекуван како озборувач, гулаб, шпион, шпионски глушец итн., на информаторот се гледа како на некој кој делува надвор од довербата и лојалноста. Други пак ангажирањето на информатор го гледаат како лукавство или упад во нивната приватност. Необично е кога ќе се постави критичко прашање за употребата на информаторите како неприфатлива техника, додека пак електронското прислушкување без дозвола од суд е „оправдано“. На информатор кој ја добива довербата кај поединци или меѓу членовите на криминална група во извршувањето на задачите и насоките при спроведувањето на законот, може да се гледа како на „несвесен извлекувач на докази“. Многу семејства ги учат своите деца да бидаат тивки и да не ја издаваат довербата и тајноста дури и кога лицето кое го заштитуваат има направено нешто погрешно или дури и нешто нелегално (на пример не ги „цинкарете“ вашите другари). Појавата на притисок исто така настојува дека молчењето треба да се оддржи кога пријател или член на една група има направено некое кривично дело. Останувањето лојален на групата е најчесто стекнато преку присилување на верувањата дека информирањето или дури и тивко шепотење, е погрешно. Овој код на молчење е подеднакво поддржан во многу ентитети кои го спроведуваат законот. Во полициската заедница познато е прикривањето на партнерот или молчењето за неговата недозволена активност.“[25]

Во продолжение на текстот е извадок од книгата Развивање и управување со информатори преку кои ќе го согледаме значењето на информаторите. (Informants Development end Management) Stephen L.Mallory,PH.D.

*„Истрагата на детективот Џозеф Тримболи од Полицискиот Оддел во Њујорк за полицискиот офицер Мајкл Доуд и неговите соработници е еден пример за тоа како одделот и неговите офицери даваат многу мала подршка во истрагите за корупција. Активностите на полицискиот офицер во транспортирањето на дрога во патролни коли, ограбување на дилерите на*

[25] Mallory,L Stephen Informants Development and management, str. 17

*дрога, и продавање на дрога би било многу тешко, ако не и невозможно да се сокрие од партнерот кој работи со него. Истрагата на Тримболи за Доуд доби мала поддршка. Некој во заедницата мора да знае за нелегалните активности на Доуд. Зошто други полициски офицери или граѓани не известиле за активностите на Доуд? Истрагата на Тримболи би можела да се забрза и да биде поуспешна доколку бидат развиени информатори како извори на информации. Активностите на Доуд и неговиот партнер никогаш немало да се издигнат на она ниво на кое се доколку биле развиени информатори или истрагата била чекор пред него уште од почетокот.*“[26]

„За да се надмине овој недостаток и во случаи кога не постои друг начин да се добие релеватна информација, за потребите на истрагата неопходно е да се создаде и користи информатор. Детективот мора да биде многу иновативен и да развие ефективни интерперсонални вештини. Не постојат техники кои се во голем процент ефективни. Методите кои се користат за регрутирање на селектираните лица во информатори се имаат докажано како ефективни во *најголем* дел од случаевите, но исклучоците постојат за сите техники. Повторно иновација, обиди, грешки, и искуство се неопходни за ефективно регрутирање на информатор. “[27]

Во делот на работа со прикриени човечки извори на информации во Министерството за внтрешни работи при Бирото за јавна безбедност, организационата единица за Криминалистичко разузнавање и анализа, во состав ја има и единицата за работа со Пркриени човечки извори на информации. Работата со прикриени човечки извори на информации на оваа единица преставува сложен процес кои се одвива низ неколку последователни фази и тоа: Селектирање, Регрутирање (Регистрирање), Раководење (Користење), Дерегистрација.

Начинот како да се развие Прикриен човечки извор на информации, кој би се користел проактивно или во реактивни истраги, започнувајќи го процесот со тоа како да се селектира лице со потенцијал, да се препознаат мотивите, селектираното лице да прифати соработка со тимот за раководење во делот на извршувањето на задачи и насоки од страна на регрутираното лице се развива започнувајќи од фазата на селекција до процесот на раководење во согласност со стандардните процедури за работа од страна на надлежната служба за работа со прикриени човечки извори на

---

[26] Mallory L. *Stephen Informants Development end Management str.18*
[27] Ibid

информации.

Во одредени околности при вршењето на работни задачи од страна на униформираната полиција или организациски единици надлежни за спроведувањето на истрагата или посебните истражни мерки, полициските службеници можат да препознаат лице потенцијален информатор и при тоа потребно е да ја известат надлежната организациска единица за работа со прикриени човечки извори на информации. Во вакви оклоности може да стане збор за лице со потенцијал и со неговото превземање и дополнителни проверки и проценки, надлежната служба за работа со прикриени човечки извори на информации може да се „стекне“ со информатор. Воспоставувањето на соработката со лица потенцијални информатори може да произлезе и на иницијатива од граѓаните како резултат на репутацијата на организациската единица надлежна за работа со информатори, мотивацијата како и други скриени намери од страна на обучени граѓански лица. Стекнувањето на информатор можеби го скратува процесот на развивање на информатор во делот на селекција но за да продолжи понатаму процесот на регрутација бара соодветни проценки и безбедносни проверки за лицето потенцијален информатор. Кои начини ќе се користат за развивање на информатори, зависи од разузнавачките потреби, инвентивноста и креативноста на тимот за раководење, нивната репутација, познавање на техники и соработка со надлежните за спроведување на истрагата како и униформираната полиција.

### 2.4.1 **Тим за раководење со информатори**

Селектирање, регрутирање, користење и раководење на прикриениот човечки извор на информации се спроведува од тим за раководење, составен од соодветно селектирани и професионално обучени полициски службеници во рамки на посебно систематизирана организациона единици во МВР- БЈБ на централно и регионално ниво. Тимот за раководење е составен од службеник за овластување, контролор и двајца хендлери со утврдени овластувања и надлежности.

-Хендлер: е полициски службеник овластен да регрутира, користи и раководи со прикриен човечки извор на информации со цел собирање на информации.

-Контролор: е полициски службеник овластен да планира, организира, контролира и го спроведува процесот на регрутирање, користење и раководење на прикриен човечки извор на информации.

-Службеник за Овластување: е полициски службеник овластен да планира, организира, овластува и го контролира тимот за раководење во процесот на регрутирање, користење и раководење на прикриен човечки извор на информации.

## 2.5. Процес на работа со ПЧИИ-информатори

Основ за регрутирање, користење и раководење на прикриен човечки извор на информации се дефинираните разузнавачки потреби кои произлегуваат од поставените цели и задачи за справување со криминалитетот на соодветно ниво во надлежност на криминалистичко разузнавачките единици и организациони единици надлежни за водење на криминалистички истражувања.

Тимот за раководење, мора да одреди дали е потребно создавање на нов информатор, или ангажирање на веќе регистриран информатор. Еднаш кога ова е одлучено, може да биде лоциран или идентификуван ефективен информатор. Методите на регрутирање мора да бидат активирани, способноста и продуктивноста на потенцијалниот информатор треба да бидат постојано проценувани од страна на тимот за раководење.

### 2.5.1 <u>Стекнување на информатор (прикриен човечки извор на информации)</u>

Практиката покажува дека воспоставувањето на однос за соработка со лица - потенцијални информатори можат да се развиваат и на следните начини;

<u>„Репутацијата на еден детектив</u>

Криминалните членови на заедницата знаат кои се чесни, доверливи и професионални детективи во полицијата, посебно во помалите географски региони. Тие знаат кому да му веруваат, чиј збор е добар, и кој е постојано успешен при разрешувањето на криминалните настани.“ [28]

„Потенцијалните информатори знаат во кои детективи ќе можат да имаат доверба и ќе бидат продуктивни за нив. Понекогаш и покрај тоа што тие не треба да споделуваат информации за развивањето на тајниот однос на соработка со други лица од нивното опкружување, тие се доверуваат на лицата во кои имаат доверба или најчесто соработуваат и ги советуваат за нивните искуства и изборот на детектив“.[29]

---

[28] Ibid

[29] Mallory L. *Stephen Informants Development end Management str.*19

Советите кои им ги даваат се со цел да им посочат вистински човек кои ќе може да им помогне за решавање на нивниот безбедносен проблем кои го имаат со членови на криминалната заедница, да ја споделат веродостојна информација, бараат начин да ги решет нивните финансиски мотиви, да се одлучат да го изберат посочениот офицер. Информатор може да биде развиен и како резултат на доаѓањето на лице - граѓанин во полициската станица со желба да соработува, да контактира со конкретен полициски службеник, што претставува резултат на самоиницијатива.

„Детективите треба да развиваат добри односи со униформираните офицери во нивниот регион или област на работа. Овие офицери имаат повеќе контакти со заедницата отколку детективите, или цивилните полициски службеници. Униформираните офицери прават бројни апсења за помал криминал или инцидент и можат да дадат иницијатива за развивање на информатор“. [30]

Приведените лица треба да бидат интервјуирани и по проценка на униформираните полицајци за капацитетот и потенцијалот кај некои од приведените, треба да ги информираат надлежните служби за работа со информатори за потенцијалот и можноста да се развива понатамошна соработка за создавање информатори.

Други извори кои треба да бидат консултирани за развивање на информатор се офицерите за условни казни и помилување.Управата за извршување на санкции во делот на пробациските служби. Таргетот на истрагата може да има соработник кој е на условна казна, помилуван или е во затвор.

Во условите каде се користат дискретни методи за регрутирање на лица потенцијални информатори, каде идентитетот на тимот за раководење и информаторот не се познати за криминалните членови на заедницата, во однос на репутацијата би можело да се работи на афирмација на надлежната служба-организациската единица во Министерството за внтрешни работи при Бирото за јавна безбедност, за работа со прикриени човечки извори на информации. Препознатливоста би значела можност за лица потенцијални ПЧИИ (информатори) да остварат и споделат информации со соодветен професионален тим. Но исто така репутацијата на организациската единица во јавноста и секако кај членовите во криминалната заедница би значела и можност за ризик по основ на лажни пристапи од страна на лица од криминалната заедница со цел добивање на корисни информации за нив или можноста да играат двојна улога. Сепак препознатливоста и

[30] Mallory L. *Stephen Informants Development end Management str.21*

репутацијата на организациската единица како бренд во криминалната заедница но и во однос на останатите организациски единици во МВР и униформираната полиција, се базира на чесноста, продуктивноста и професионалност на вработените во организациската единица надлежна за работа со прикриени човечки извори на информации.

### 2.5.2 <u>Селектирање на лица за регрутирање за прикриен човечки извор на информации</u>

#### 2.5.2.1 <u>Селекција</u>

Постојат голем број на лица –граѓани, потенцијални информатори во секоја заедница. Клучниот збор е „*потенцијални*". Без успешна мотивација, тие ќе останат само како лице со потенцијал да биде во својство на прикриен човечки извор на информаци- (информатор). Идентификацијата на пристапот, мотивите, стимулација на нивните мотиви, и контрола, се неопходни во проценката кои му наложуваат на тимот за раководење внимателно да ги разгледа овие компоненти при селекција на лице потенцијален-информатор. Проценката која ја опфаќа постојноста на трите компоненти кај лицето со потенцијал е важна не само при носење на одлука за избор на селектирано лице, туку постојано треба да се преиспитува во сите фази од процесот на работа со Прикриениот човечки извор на информации.

За да можат овие процеси да се развиваат неопходно е хендлерскиот тим но и целиот тим за раководење да располага со знаење, искуство и професионален однос. Хендлерите се дел од тимот за раководење, за да бидат ефикасни во проценките, не ги носат сите одлуки сами туку потребна им е помош и од останатите членови на тимот за раководење (Контролорот и Овластувачот).

„Човечкото однесување е најчесто непредвидливо, но може да биде подобро разбрано со познавање на психологијата на човечката мотивација. Тоа е обрска на непосредните хендлери да ги развиваат нивните познавања за човечката психологија во поглед на мотивацијата но и да пристапуваат со здрав разум кога треба да донесат проценки за развивање на однос за соработка со лице потенцијален информатор".[31]

[31] Mallory L. *Stephen Informants Development end Management str.42*

Во Европски земји како Словачка и Словенија во состав на организциската единица надлежна за работа со прикриени човечки извори на информации (информатори), имаат воспоставено работно место психолог. Ова стручно лице е во својство на службеник со полициски овластувања и дава подршка на тимот за раководење со информатори. Професонално се ангажира да извршува работни задачи од надлежност на криминалистичко разузнавачки работи како подршка на тимовите за раководење со информатори. Стручноста при проценката на потенцијалот на селектираното лице но и следење на психолошките промени кај сите регистрирани човечки извори на информации. Мотивациските согледувања и фактори кај личноста која се селектира за развивање на соработнички однос. Континуирано следење на психолошките промени кај човечките извори со советодавни препораки кон тимот за раководење за влијанијата и промените кај човечките извори кои се случуваат на психолошки план. Континуирана подршка во делот на проценките на ризик при ангажирање и користење на лице човечки извор на информации во случаи на сложени истраги од области на организираниот криминал.

Проактивноста во подршката на психологот е исто така и во делот на изборот на лицето кое што ни е потребно уште пред да го селектираме. Изборот на профилот на личноста со посочување на потребните карактеристики од стручно лице, може во голема мера да ни заштеди трошење на ресурси, донесување на погрешни одлуки и секако безбедноста на полициските службеници.

Користењето на психолог во разузнавачките единици во голема мера ја оленува работата на полициските службеници при изготвувањето на плановите за пристап, и согледување на мотивациските фактори од професионално лице.

„Ефикасен и ефективен хендлер мора постојано да ги развива своите знаења и техники за регрутирање на соодветни и доверливи информатори. Без информатори, хендлерот нема да биде продуктивен и непотребно ќе троши вредни ресурси“. [32]

„Ова е вештина која се учи и стекнува со искуство. За совладувањето на тие вештини неопходна е практична обука, едукација и теренско искуство. Процесот на работа со информатори не е вештина која што неможе да се стекне доколку желбата и истрајноста се пристутни кај надлежните полициски службеници. Одлучувањето како да се селектираат лица, на кого и како да му се пристапи, преставува заедничка

---

[32] Mallory L. *Stephen Informants Development end Management,* str .*38*

работа на тимот за раководење. Не постои *ниту еден еднаков случај з*а развивање на информатори“. [33]

Во организациската единица во МВР, надлежната за работа со Прикриени човечки извори на информации, во процесот на работа со човечки извори на информации во делот на селекцијата се ограничува можноста да се развива однос на соработка со лица кои припаѓаат на следниве категории.

Во својство на прикриен човечки извор на информации, не се селектираат лица, кои се инволвирани во: организирање, потикнување или непосредно извршување на кривични дела, лица кои се бараат по распишана судска потерница, или инволвирани во процесот на планирање, извршување на кривично дело, малолетни лица како и лица со заостанат или попречен душевен развој.

2.5.2.2 **Пристап**

***"Јас никогаш не заборавам дека кога раговарам со мојот пријател, тој не разговара со неговиот пријател.“*** *Сун Цу*, „Уметноста на војувањето“.

Дефиницијата за пристап според речник „Webster“, 1983 е*"способност или дозвола за пристап, влегување, зборување приближување и комуникација со некое лице. "*[34]

Способноста на личноста која соработува, да пристапува или да зборува со таргетот на истрагата е токму она што го имаат предвид агенциите надлежни за спроведување на законот. Но дали личноста навистина ја има оваа можност? Како дошла личноста до овој пристап? Дали го има пристапот сега, или тоа е работа од минатото? Дали тој всушност има поголем пристап (или помал) отколку она што го кажува ?

Одговарот на овие прашања, ќе одреди како ќе бидат користени услугите на личноста со потенцијал-информатор и каков вид на случаи ќе бидат развивани.

“Во проценката за пристап на информатор разликуваме неколку категории:

-Директно лично знаење или негово учество (партиципација),

-Индиректно знање преку лични поврзувања

-Периферно знаење преку индиректни поврзувања“[35]

Пристапот исто така е фукција на време. Тој може да биде моментален, од минатото

---

[33] Ibid

[34] https://www.merriam-webster.com/

[35] Madinger, John, Confidential informant, стр.94

или комбинација од двете времиња. Но исто така може да биде краткорочен или долгорочен.

Најголем дел од селектираните лица се оние кои веќе имаат изградено некаков пристап во криминалната средина. Доколку немаат, соодветен пристап до таргетите, преставува ризик за кои треба да одлучиме дали би требало да ги трошиме ресурсите за воспоставување на соработка со оваа личност.

При проценката околу вистинскиот пристап на селектираното лице треба да се земе предвид и мотивацијата како чувствителната состојба. Високо мотивиран потенцијален информатор со изграден пристап но погрешна проценка од страна на тимот за раководење во делот на мотивацијата, подоцна во процесот на раководење, информаторот може да ја користи тајната соработка и да доставува информации за невини луѓе односно да доставува невистинити информации.

„Колкав пристап информаторот има ќе биде основниот фактор во неговиот успех или неуспех. Оние селектирани лица кои имаа добар пристап во хиерархијата на криминалната група кон повеќе криминалци, еден или двајца криминалци од повисок ранг, се ресурси кои треба да бидат внимателно развивани“[36]

Од страна на непосредните хендлери како дел од тимот за раководење при комуникацијата со селектираното лице-потенцијален информатор во делот на проценката на пристапот, неопходно е при разговорот да дојдат до одговори преку поставувања на соодветни прашања.

Едно од најчесто поставуваните прашања е од страна на непосредните хендлери е прашањето "Како ти знаеш за ова?"........

Поставувањето на ова прашање на лицето во фаза на селекција е да се потврди како и на кој начин доаѓа до информации, но и можноста да се направат мотивациски согледувања. Целта е да се согледа неговиот пристап а потоа преку проценката на информацијата што ни ја презентира да разјасниме за она што тој ни го пренесува како информација знае .... или претпоставува дека знае?.

[36] Madinger John, Confidential informant, str.102

**2.5.2.3 Мотив**

**Мотивациски согледувања**

„Мотивот е дефиниран како нешто што ја предизвикува личноста да делува. Други зборови кои помагаат да се дефинира мотивот може да вклучат: стимулација, повод, побуда, потреби и цели. (*Webster's Dictionary,* 1983.стр.43)

Мотивите и потребите можат да бидат променливи. *Целите* се често насочени кон поттикнувања. Цели на една личност се резултати кои се насочени од мотивите. Успешен тим за раководење, создава средина во која се својствени и одредени поттикнувања кои се расположиви, а се потребни за сатисфакција на потенцијален информатор. Тим за раководење мора да разбере дека мотивацијата е психолошко поттикнување кое ја придвижува личноста во акција и дека ова поттикнување доаѓа од внатре".[37]

Информаторите не се мотивирани од страна на тим за раководење за кого тие работат, но се мотивирани, и ќе бидат продуктивни, за оној тим за раководење кои правилно ќе ги идентификува мотивите за соработка и кој успешно ќе ги стимулира и ќе ги претвори овие мотиви во акција.

„Секогаш треба да имаме предвид и да запомниме дека во однос на мотивацијата, информаторот никогаш не работи за нас, туку само за себе. Тој таму е поради *негови* причини, не поради наши". [38]

„Доколку постои конкретната мотивација, доколку соодветните потреби се задоволени, поединецот ќе одлучи дали ќе соработува со службата. Всушност, и покрај тоа што е вистина дека мотивацијата е еден од компонентите (мотивација, пристап, контрола) кои го дефинираат потенцијалот на еден информатор, тоа е само еден од трите компоненти кои влијаат на *одлуката* да информаира".[39]

2.5.2.4 **Мотивациски Фактори**

„Често кај селектираното лице, подоцна информатор ќе препознаеме основен мотив за соработка, но како што врската помеѓу хендлерите и потенцијаланиот информатор се развива и созрева, основните мотиви се повеќе се откриваат и притоа можат да бидат многу важни за превземање на акција. Успешен тим за раководење мора непрекинато да ги проценува промените во мотивот за соработка на

[37] Mallory L. *Stephen Informants Development end Management str. 43*
[38] Madinger John, Confidential informant, str. 64
[39] Madinger John, Confidential informant, str. 53

информаторот и да настојува да ги откријат дополнителните мотиви покрај основните мотиви за соработка“[40]. Познавањето на вистинските мотиви ќе значи јакнење на довербата и носење на вистински одлуки за продолжување или за престанок на соработката.

Проблемите за развивање на соработката со потенцијалниот информатор може да бидат минимални, доколку правилно се идентификуваат и поттикнуваат.

Познавањето на вистинските мотиви за соработка на лицето потенцијален информатор или регистриран информатор, значи и заштита од компромитација на интересите на организациската единица, планираните активности или спречување на идентифкација на припадниците на организациската единица надлежна за работа со информатори кои мора секогаш да бидат заштитени.

2.5.2.5 **Доверба**

„На почетоткот, при воспоставување на однос за сорабтка кај човечките поврзувања, постои потреба од градење на доверба“.[41]

Иронично, е што во релацијата која се развива помеѓу хендлерите и селектираното лице подоцна информатор, може да постои чувство на предавство во однос на криминалната околина за која ќе треба да собира информации, бидејќи исто така тој однос на селектираното лице со околина е изграден врз основ на доверба. Стекнувањето на меѓусебна доверба на потенцијалниот информатор со хендлерскиот тим, игра важна улога во одлуката на поединецот да ја прифати соработката и да биде раководен како прикриен човечки извор на информации.

2.5.2.6 **Мотиви за соработка**

„Мотивите можат да бидат распоредени во една од четирите категории:

Финансии-парични средства, идеологија, конкуренција, или его“[42]

Финансиските средства како мотив за развивање на соработката најчесто се парични средства кои се исплаќаат на прикриениот човечки извор на информации-(информатор), во вид на награда за вложените напори, ризици, постигнатите резултати, искажаната самоиницијативност, снаодливоста и храброста во извршувањето на дадените задачи за собирање на потребните информации.

---

[40] Mallory L. *Stephen Informants Development end Management str.44*
[41] Madinger John, Confidential informant str.54
[42] Mallory L. *Stephen Informants Development end Management str. 49*

Наградата може да биде исплатена како еднократна парична исплата или континуиран поединечен месечен паричен надомест. Карактеристично во практиката е дека од страна на тимот за раководење однапред не се информира Прикриениот човечки извор на информации, за видот и висината на наградата. Најчесто висината на наградата се одредува и исплаќа по успешна реализација на воспоставеното криминалистичко истражување или по проценка за доприносот на изворот за квалитетот на доставените информациите и неговата пожртвуваност.

Во овој дел на мотивацијата, може да биде користен начин за исплата на финансиски средства во вид на трошоци што значи покривање на сите издатоци на прикриениот човечки извор на информации во делот на изгубена заработувачка, лична и имотна штета настаната во текот на извршувањето на дадена задача за собирање на потребни информации.

Понекогаш, мотивација кај изворот наместо парична награда може да биде барање на услуга. Тимот за раководење може да ја даде бараната услуга на прикриениот човечки извор на информации само доколку истата не преставува казнено дело и не ја компромитира службата или може да ја деконспирира тајната соработка.

Подолу ќе наведеме неколку карактеристички мотиви како примарни мотиви и произлегуваат од егото кај лицата кои можат да се јават во својство на прикриен човечки извор на информации. Навременото препознавање на овие мотиви од страна на тимот за раководје е значителна предност во делот на ефикасноста на информациите и конспирацијата во работењето, но и на ефикасноста и насочувањето на работата на останатите служби во проценка, обработка, доставување и користење на криминалистичко разузнавачки информации.

„Суета — имањето или покажувањето на необична или претерана гордост во нечие постигнување (т.е. вообразеност). Овој мотив може да се нарече егоистички. Поединците кај кои преовладува овој мотив тежнеат да бидат наклонети или да бидат добро прифатени од тимот за раководење. Човечкиот извор на информации со ваков мотив е склон да се преставува како припадник на полицијата и да ги надмине овластувањата, зададените конкретни задачи и насоки од страна на тимот за раководење. Често ги зема работите во сопствени раце, што вообичаено резултатот од таквата соработка завршува со компромитирање на случајот, опасни пресметки, или засрамување на тимот за раководење односно надлежната организациска единица. Оваа мотивација предизвикува однесување за кое изворот мора да биде

предупреден дека не е полициски службеник и нема надлежност да спроведува полициски овластувања. Во вакви околности пожелно е да се зајакнат контролните механизми од страна на тимот за раководење кон изворот во делот на самоиницијативно носење на огнено оружје, полициски обележја, легитимации и визит карти“.[43]

„Перверзност (изопаченост) – Препознавањето на овој мотив од страна на тимот за раководење како примарен мотив за соработка можно е да не се препознае, бидејќи лицето вешто ќе го прикрива. Подоцна во текот на соработката, кај личноста ќе се забележат однесувања кои упатуваат на постоење и на друг мотив, кој можеби е примарен во споредба на оној кои бил првично препознат. Овој мотив ќе се препознае во текот на соработката преку начинот на дебрифирање на собраните информации, извршувањето на задачите каде изворот најчесто ќе се настојува да ни пласира информации само за она што го засега него. Перверзниот информатор тежнее кон некои необични придобивки од неговата соработка. Соработката може да биде заради следните причини:

-Да ја елиминира конкуренцијата. Пример:

Човечки извор на информации започнал да се бави со растурање на наркотична дрога кокаин. Друго лице исто така инволвирано во недозволена трговија со дрога-кокаин започнал со растурање на наркотична дрога кокаин но за пониска цена. Тимот за раководење го разоткрил неговиот план за понудената соработка. Иако биле земени предвид и искористени неговите информации за да ја тргне конкуренцијата, подоцна истрагата била проширена и за неговата инволвираност во недозволена трговија со дрога-кокаин.

-Да ја научат суштината и методите на работа на оние кои го спроведуваат законот вклучувајќи идентитет на прикриени агенти (андеркавер), тим за раководење со информатор, возила за набљудување и методологија на работа, идентитет на други човечки извори на информации како и таргет лица кои се опфатени со воспоставената истрага.

-Да се направат обиди да се пласираат дезинформации кон оние кои го спроведуваат законот со цел да се уништат нивните напори во реализацијата на таргетираната криминална група, или да се потрошат вредни ресурси кои би можеле да бидат

[43] Ibid, str. 49-50

ставени во ефективна употреба. Со обезбедување на лажни информации, функцијата на разузнавањето може да биде компромитирана.

-Да се насочи фокусот на истрагите на замки или жртвени јагниња преку погрешно насочување. Перверзниот мотив, тешко е да се идентификува бидејќи честопати понудените информации од страна на информаторот се добри, и веродостојни информации".

Љубомора (завист) - Љубомората се појавува како мотив за соработка. Да се гледа лице кое не работи ништо но поседува имот во скапи автомобили, куќи и накит може да мотивира некои луѓе кои работат напорно да обезбедат информации на оние кои го спроведуваат законот во врска со изворот на нелегални приходи за тие лица. Во праксата имало случаи кога љубомората била мотив за убиство и други видови на насилен и сериозен криминал, па според тоа ова може да биде моќна причина за некого да соработува. Тимот за раководење не треба да го потценува овој мотив но повторно треба да биде претпазлив при проценка на информација обезбедена од извор кај кои преовладува овој мотив. "[44]

Постојат голем број други мотиви за соработка со лица со кои се воспоставува соработка или се во својство на ПЧИИ- (информатор). Мотив за соработка може да произлезе од почит, лојалност или сожалување на некој кој е во неволја со законот.

Мотивацијата како израз на внатрешното чувство во секоја совесна личност за тоа што е правилно а што е погрешно за нечија постапка е во насока да помага на полицијата.

При работа со лица кои се воспоставува соработка или се во својство на ПЧИИ- (информатор), може да посочат-откријат, лице со потенцијал со кого може да се развие соработка. Но иако неговите внатрешни чувства мотиви се во насока да помогнат на полицијата, регистриран ПЧИИ-(информатор), не треба да се обиде да регрутира друг информатор, без овластување и запознавање од страна на тимот за раководење.

Препознавањето и постојаното следење на промените во мотивацијата, влијаат врз продуктивноста на лицата кои се ангажираат во својство на ПЧИИ.

---

[44] Mallory L. *Stephen Informants Development end Management str.54-55*

2.5.2.7 **Контрола**

Тимот за раководење ќе биде оној кои ги дава задачите и насоките во воспоставената соработка. Со воспсоставениот однос на соработка тимот за раководење подетално ќе ги надгледува активностите на човечкиот извор на информации.

„Контролата е вештина која се учи и со која се одредува продуктивноста на еден човечки извор. Тимот за раководење со проценката на ризик ќе ги согледа јаките, слабите страни и можноста човечкиот извор на информации да располага со способности кои ќе бидат со потенцијал за да ги реализира неопходните задачи“. [45] *„Контролата се дефинира како моќ или овластување да се води или раководи“*. Тимот за раководење треба да *има моќ* да влијае, за да го раководи информаторот“[46]

„Идентификувани се следниве категории на моќ:

**-Експертска (стручна) моќ** – базирана на стручност, вештина и знаење;

**-Релевантна моќ –** базирана на личните карактеристики на непосредните ракувачи

**-Поврзувачка моќ –** базирана на поврзаноста на хендлерите или нивна блискост со влијателни луѓе или организации

**-Легитимна (законска) моќ** – базирана на позицијата на тимот за раководење во делот на почитување на човековите слободи и права, законите и стандардните процедури за работа што упатува на вистински професионалци,

**-Присилна моќ** – базирана на страв,

**-Информативна моќ** – базирана на поседување или пристап до вредни податоци.

Горенаведените извори на моќ мораат да бидат развиени за да може правилно да се водат и раководат информатори“.[47]

Хендлерите-(агентот) мора да бидат обучени да ги документираат сите контакти со лицето за соработка - информаторот. Треба да бидат претпазливи да ја следат мотивацијата за да се воспостави и развива продуктивна соработка. Контролорите треба да бидат информирани за сите контакти и превземени активности на терен од страна на хендлерскиот тим. Други области на знаење од страна на хендлерите и тимот за раководење вклучуваат: одредување на места за контакт состаноци, методи и техники на дебрифирање, методи на интервјуирање и испрашување, анализа на изјави и методи на набљудување. Познавањето на овие

---

[45] Mallory L. *Stephen Informants Development end Management str.57*

46 Ibid

47 Ibid Str 57-58

области се неопходни за успешна контрола на лицето за соработка - информаторот кои покажуваат дека хендлерите–тимот за раководење контролираат и знаат секогаш што прави ПЧИИ (информаторот).

„Оддржувањето на контролата е тековен процес кој вклучува три елементи: контакт, потврдување и комуникација. Контролата е воспоставена со првиот контакт, почетното испрашување и преку документацијата на информаторот. Наредните контакти повторно ја потврдуваат контролата на офицерот“. [48]

2.5.2.8 **Регрутација**

„Во животот на информаторот, постои еден момент, еден фрагмент во време кога „одлуката“ е донесена. Процесот според кој една одлука е донесена ќе се разликува од лице до лице, но секој информатор доаѓа до овој одлучувачки момент“. [49]

Одлуката за контакт со селектираното лице не треба да биде направена самостојно од хендлерите (агентот). Пристапи кон селектираното лице или пред да се ангажира од страна на агенцијата, треба да биде со знаење на Контролорот (раководителот) и да има добиено овластување од Овластувачот. Додека комплетните проверки за минатото не се завршат, не се добие соодветна дозвола (овластување), не се заврши точно идентификување, и не се одредат мотивите за соработка, на лицето не треба да му биде кажано ништо што се однесува на таргетираната цел на истрагата. Успешноста при регрутирањето на селектираното лице најмогу зависи од способноста на хендлерите (агентот) да ја лоцира личноста која може да биде најмногу продуктивна за развивање на одреден случај и потоа да се концентрира на можниот мотив за соработка.

Одлуката да се регрутира/ангажира и раководи со ПЧИИ (информатор) треба да ги вклучи сите нивоа во тимот за раководење со информатор, започнувајќи од хендлери, контролор и офицери за овлатување во единицата. Носењето на ваква одлука, исто така може да вклучи информирање и на други преставници од релевантни институции кога се работи на ангажирање на информатор со проценка од висок ризик. „На пример, Агенцијата за борба против дрога (ДЕА) бара одобрение од соодветниот јавен обвинител во случај кога треба да се ангажира лице во својство на информатор, инволвирано во вршење на кривични дела. Ограничена употреба на

[48] Madinger John, Confidential informant, str. 119
[49] Madinger John, Confidential informant, str. 53

информатори, што бара нечие одобрение, вклучува лица под 18 години, лица на условна казна или помилување, затвореници кои се на издржување на казна затвор, лица поранешни зависници на дрога или моментално се на некоја програма за лечење од зависности, лица кои биле декларирани како непресметливи, или информатори класифицирани како „веќе влезени во групата“

Барања според правилата на ДЕА се следните:

• За лица условно пуштени на федерално ниво се бара писмена согласност од комисија за условни помилувања на регионално ниво триесет дена пред предложениот термин за користење, освен во итни случаеви.

• За лица под 18 години се бара одобрение од родител или старател во пишана форма.

• За информатори под обвинение се бара одобрение од надлежниот јавен обвинител пред да се бара соработка со обвинетиот.

• За затвореници се бара одобрение од надлежниот обвинител и судија“[50]

Лицето кое од страна на тимот за раководење е предходно селектирано се процени дека има пристап до информации, препознат е мотивот како основ за понатамошното негово ангажирање и утврден е начинот на контрола, што значи процесот може да продолжи во фазата на регрутација.

Квалитетот на собраните информации од различни извори на информации како отворени извори на информации, човечки извори на информации, теренски опсервации и извидувања, набљудување итн. ќе ни го дадат одговорот за исполнување на горенаведените критериуми како пристап до информации, мотив на лицето за соработка и можноста лицето да прифати да постапува по нашите задачи и насоки за продолжување на процесот во делот на регрутација на селектираното лице. Остварувањето на оваа фаза предвидува планирање на мерки и активности од страна на тимот за раководење во насока да се добие потребната согласност за соработка од предходно селектираното лице.

Во оваа фаза тимот за раководење планира соодветна легенда, начинот на кој ќе пристапи, времето и местото на пристапот, безбедносни мерки на заштита за време на реализирање на пристапот. За да се реализира пристапот кон селектираното лице на тимот за раководење предходно му се неопходни информации (знаења) за неговиот работен ангажман, социјален живот хоби и слободно време. Добивањето

---

[50] Mallory L. *Stephen Informants Development end Management str.38*

одговор на овие области значи голема посветеност на тимот за раководење во делот на проучување на селектираното лице и често бара пожртвуваност на терен на членовите од тимот задолжен за регрутирање.

При реализација на пристапот, треба да се создаде вистинскиот момент каде хендлерите задолжени за регрутирање на селектираното лице непосредно и отворено ќе му понудат тајна соработка со цел да добијат согласност од селектираното лице за понудената соработка.

При пристапот потребно е да се аапочне со кажување на вистината, да не се ветува нешто што не ќе може ниту пак се има намера да се исполни. Мамењето и давањето на лажна надеж за да се добие соработка за некого може да преставува презир.

Во оваа фаза тимот за раководење сите мерки и активности кои ги превзема и планира, како и личните податоци за селектираното лице ги евидентира и изготвува писмени документи кои подоцна преставуваат дел од досието на прикриениот човечки извор на информации.

Доколку не се реализира регрутацијата, по проценка на тимот за раководење може да се планира нов план за пристап или да се прекине процесот на регрутација.

Успешната регрутација значи развивање на процесот кон регистрирање на сега веќе регрутираното лице.

Документација за информатор како метод за регрутирање на информатори

Со таргетирањето на потенцијално лице кое по проценката на тимот за раководење ги испоплнува критериумите за пристап до информации, препознати се мотивите за соработка и најден е соодветен начин на контрола во делот на проверките за лицето ќе се користат сите расположливи информации и документи во постоечките бази на податоци или отворени извори на информации досиеата за информатори, разузнавачките досиеа и досиеата на стари случаеви може да содржат информации за потенцијалниот информатор. Повеќето од агенциите имаат развиено досиеа за информатори. Тие содржат информации за сегашни и поранешни информатори. Тимот за раководење-хендлерите, можат да откријат ПЧИИ-информатор кој бил пасивиран, но кој би можел да е важен во постоечката истрага. За информатори кои имаат соработувано во минатото, постои веројатност да помогнат повторно.

„Директно барање, блеф, иницирање на случај, љубовна врска, или преглед на досиеа, сите можат да бидат продуктивни методи на регрутирање на информатор.

Секогаш кажете им на сите обвинети и уапсени за потенцијален информатор или соработка, што може да доведе до развивање на голем случај. Иновацијата и доследноста се клучот до успешно регрутирање на информатори. "[51]

2.5.2.9 **Регистрирање и овластување**

По добивањето на согласноста, процесот на регрутација се заокружува со добивање на овластување од полицискиот службеник надлежен за овластување. Доставувањето на потребната документација-барањето за овластување е на предлог од надлежните хендлери до полицискиот службеник во својство на Контролор и откако ќе го даде своето мислење го доставува барањето до Овластувачот за да го добие потребното овластубвање.

Даденото овластувањето за користење и раководење на Прикриениот човечки извор на информации е од времен карактер и предвидува територијална надлежност, област и ниво на криминал, видот на Прикриениот човечки извор на информации и под кои услови ќе се одвива соработката. Овластувањето е со ограничена важност и се обновува периодично односно на година дена. Овластувањето може да биде обновено и порано од една година по основ проширување на дадените овластувањата, промена во раководниот тим, или да се прекине доколку заврши соработката и од други причини како компромитација, вршење на кривични дела односно не почитување на рамката на дадените овластувања. Овие промени во делот на овластувањето можат да ги предложат членовите на тимот за раководење. Овластувањето не се однесува само при регрутација на нов човечки извор на информации туку и во текот на раководењето со регистриран информатор позната како постапка за преовластување.

Во прилог на барањето за овластување, непосредните хендлери доставуваат и проценка на ризик која објективно ги дефинира ризиците од користење и раководење на прикриен човечки извор на информации.

Проценката на ризик не се доставува само во случај кога се регрутира нов Прикриен човечки извор на информации туку и кога се работи со активен - регистриран Прикриен човечки извор на информации, како и во услови на превземање на сложени задачи од страна на прикриениот човечки извор на информации.

[51] Mallory L. *Stephen Informants Development end Management str.23*

### 2.5.2.10 Проценка на ризик

Проценка на ризик се доставува во процесот на регрутирање на нов можен Прикриен човечки извор на информации или за преовластување за користење и раководење на регистриран прикриен човечки извор на информации.Во проценката на ризик се наведуваат деталите за идентификуваниот ризик со предлог за превземање на контролни мерки. Проценката на ризик претставува објективно дефинирање на користење и раководење на прикриен човечки извор на информации како извор на информации и препознава седум видови на ризици меѓу кои: ризик за полицијата и заедницата, физички, психолошки и правен ризик; економска проценка, морални и етички прашања.

### 2.5.2.11 Регистрација

Процесот на регрутација завршува со поднесување на барање за регистрација. Барањето за регистрација на прикриен човечки извор на информации е изготвено од страна на хендлерите, одобрено од контролорот и службеник за овластување по што се доставува до надлежниот полициски службеник за водење на Регистарот на прикриени човечки извори на информации каде се евидентира во централна евиденција како прикриен човечки извор на информации.

Со внесувањето во регистарот на прикриен човечки извор на информации се отвора примарно досие се доделува кодно име и број кои ќе се користи во понатамошната комуникација меѓу тимот за раководење и се известува тимот за раководење. Надлежниот контролор отвора секундарно досие за прикриениот човечки извор на информации. Основната документација каде е наведен идентитетот на прикриениот човечки извор на информации останува само во примарното досие. Со оваа постапка процесот на регистрација поминува во делот на користење и раководење со прикриен човечки извор на информации.

Постапка при регистрација и доделување на идентификациски број на информаторот со цел негова заштита во понатамошната соработка се опшани во делот на работа со информаторите од агенцијата за спроведување на законот на Флорида во САД.

„Одделот за спроведување на законот на Флорида (The Florida Department of Law Enforcement-FDLE) ги регистрира информаторите како *насочувани* (контролирани и насочувани од страна на FDLE агент) и *заштитувани* (не се контролирани или насочувани од страна на FDLE агент). Овие ознаки се користат со цел да се прави

разлика помеѓу прикриени човечки извор на информации (информатор) и човечки извор на информации (граѓанин) како извор. Одделот за спроведување на законот на Флорида бара и за насочуваните и за заштитуваните извори да биде доделен *доверлив број на извор*. Овој број е сериски број доделен од регистер на регионална канцеларија. Секој регион е именуван со буква како алфа идентификатор додека бројот е редоследниот од регистарот за водење на информаторите. Па како за пример идентификациски број на информатор може да биде следнава нумерација сочинета од букви и броеви М-300. Значи буквата М би ја претставувало алфа нумерација на регионот каде е овластен да работи информаторот и бројот 300 значи тристотиот редоследен број од регистарот за водење на информаторите.

При регистрација оваа евиденција опфаќа податоци за:

-Шифра (код) број на информатор

-Тип на информатор (обвинет, ограничена употреба, итн)

-Вистинско име на информатор

-Име на агентот кој го регрутирал

-Датум на овластување

-Датум на дерегистрирање

Ова е формалната документација за информаторот. Во сите случаеви, офицерот треба да знае што е можно повеќе за информаторот пред да го регистрира и да започне соработката. Во многу случаи постојат лица кои се бараат со потерница, измамници, и други непожелни карактери но истите располагаат со веродостојни информации. Овие информации за селектираните лица ќе се комплетираат со вршење на оперативно евиденциски проверки за нивното минатото.

„Преку проверките треба да се добијат следниве информации:

-Лично минато

-Картон со отисоци од прсти

-Фотографии

-Проверка во националниот криминалистички информациски центар

-Криминално минато

-Проверки во локалните евиденции“ [52]

---

[52] Mallory L. *Stephen Informants Development end Management str.76*

„При регистрација, копии од образецот за личното минато се вклучени во прилозите, заедно со другите обрасци кои се употребуваат во документирањето на информатор. Потребни се информаци за следниве активности: (1) дознајте точно која е оваа личност, (2) да можете повторно да го пронајдете ако треба и (3) развивајте концепт за неговата можна мотивација и негово регрутирање. Целокупното личното минато вклучува имиња и адреси на роднини, сегашно и поранешни работни места, како и финансиски информации. Припадниците на агенциите кои спроведуваат закон често започнуваат да работат со лице во својство на информатор, иако за него располагаат со помалку информации во споредба на пример со оние информации со кои располагаат за тоа каква е храната во некоја продавница за брза храна.
Не правете ја оваа грешка. Запознајте ја добро личноста пред да продолжите со понатамошната постапка во процесот на работа со Прикриениот човечки извор на информации“.[53]

## 2.5.2.12. Раководење со прикриен човечки извор на информации

„Како драгоцено оружје во борбата со криминалот, информаторот е како остар меч, способен да нанесе голема штета на криминалната група, но само ако правлино се ракува со него. Ова е функцијата на офицерот кој спроведува закон, кој мора да ги контролира и насочува постапките на информаторот, ракувањето со информатор преставува менаџерска функција“. [54]

По воспоставената соработка, Раководењето со прикриен човечки извор на информации се подразбираат активности со кои се задаваат задачи и насоки на прикриениот човечки извор на информации со цел собирање на информации. Задачите, насоките и ограничувањата на дејствување, треба да бидат пренесени на начин што ќе бидат разбирливи за прикриениот човечки извор на информации.
Раководењето се спроведува од тимот за раководење. Во меѓусебната комуникација помеѓу прикриен човечки извор на информации, хендлерот и контролорот се користи определениот псевдоним или кодното име на прикриениот човечки извор на информации. Овој тим при раководењето на прикриениот човечки извор на информации треба да постапува согласно законите, да ги почитуваат човековите

[53] Madinger John, Confidential informant, str.126
[54] Madinger John, Confidential informant, str.108

слободи и права, да внимаваат и да ги заштитат личниот и на изворот идентитет и безбедноста како и заштита на собраните информации.

Тимот за раководење, за време на раководењето превзема мерки за континуирана контрола, проценка на доверливоста на прикриениот човечки извор на информации и веродостојноста на информациите.

Раководењето се реализира најчесто преку одржување на контакти со Прикриениот човечки извор на информации. За реализирање на непосредните контакти задолжен е тим од хендлери. Овие контакти можат да бидат остварени преку следниве техники: со непосреден контакт-средба, мртва јавка или на посреден начин со користење на електронско- телекомуникациски уреди.

Доколку договорената средба со прикриен човечки извор на информации биде непосредна местата за контакти се одредуваат од страна на хендлерите. При одредувањето на место за средба треба да се одбере локација која ќе обезбеди непречено одвивање на контактите од аспект на физичка безбедност на прикриениот човечки извор на информации и хендлерите и заштита од деконспирација на средбата каде се одвива контактот.

По секоја средба со Прикриениот човечки извор на информации од страна на непосредниот хендлерски тим се изготвува контакт извештај. Во овој извештај хендлерите се должни да го евидентираат времето, местото, начинот на кој што ја договориле средбата, безбедносните мерки кои ги превземале и зададените задачи и насоки кон Прикриениот човечки извор на информации.

Хендлерите како непосредни раководители на Прикриениот човечки извор на информации во делот на давањето задачи и насоки на изворот и при размената на информации да дојдат до одговори преку поставувања на соодветни прашања.

Ако едно од најчесто поставуваните прашања од страна на непосредните хендлери е прашањето "Како ти знаеш за ова?"........и погоре беше споменато како прашање кое се користи во фазата на селекција при проценка на пристапот и согледување на мотивацијата на селектираното лице.Во понатамошниот процес на работа со Прикриен човечки извор на информаци во фазата на раководење се поставува истото прашање.

"Како ти знаеш за ова?"

„Со утврдување на кој начин информаторот дошол до информацијата, а потоа со проценката на дадената информација врз основа на воспоставената методологија, оствaруваме две работи.

Преку одговорот како информаторот знае нешто, добиваме подобра идеја за она што тој го знае (за разлика од она за што само претпоставува).

Второ, овие информации ни овозможуваат да ги дадеме приоритетите на нашите истраги. Можеби ќе сакаме да се фокусираме на оние настани што ги опиша информаторот што се во рамките на неговите лични знаења. Можеби е пожелно да се испрати информаторот за поголема потврда во одредена област.

Користа од постојаното поставување на прашањето „Како го знаете ова?“ ..... е дека за релативно кратко време, информаторот ќе започне да ви кажува без да ве праша. Тој е уморен постојано да го слуша истото прашање и ќе сака да заштеди малку време, па при секоја наредна средба ќе откриете дека тој ги квалификува сите свои изјави со: „Го слушнав ова, но не го видов сам“. Честитки, успеавте да го обучите информаторот да изврши подобра работа и потврдувате мерка на контрола што можеби не сте ја имале порано“.[55]

И во оваа фаза целта е да се има контрола над изворот, да се следи промената во мотивот но има влијание и во делот на едукацијата на изворот да знае што е битно и начинот како да ја пренесе информацијата.

Со разбирањето на ова прашање од страна на изворот ќе значи и собирање на поверодостојни информации на терен а со тоа ќе се согледаат можностите за развој на информациите и придонес за воспоставените истражувања.

<u>Менаџмент процесот се состои од три основни елементи</u>:

1.Стратегија (начин на работа, правец, принцип)

2.Методи

3.Луѓе

„Политиката се однесува на тоа каде одиме - кои се насоките или целите на организацијата. Често слушаме дека „менаџментот ја поставува политика“. Секогаш ќе има надворешни фактори кои вршат притисок врз одлуките на политиката. Во управувањето со информаторите, овие надворешни влијанија ги вклучуваат судовите, кои диктираат како можат да се добијат докази; законодавниот дом, кој ги донесува законите што треба да се спроведат; и јавноста, која може да изрази одобрување или неодобрување за тоа како се користат информаторите во спроведувањето на законот. Во односот службеник-информатор, политиката ја поставува службеникот, иако надворешните сили работат на неговите или нејзините

---

[55] Madinger John, Confidential informant, str.96-99

одлуки. Информациите добиени од информаторот ќе влијаат врз донесените одлуки за остварување на целите поставени од службеникот - во делот на тоа кои случаи ќе се развиваат и каков пристап ќе се користи“. [56]

„Ако политиката е она што ние ќе го планираме да го направиме, методите се како и со што ние тоа ќе го оствариме. Повторно, ова е нешто што традиционално претставува привилегија за менаџирање. Во остварувањето на стратешките политики и цели на менаџментот во борбата и сузбивањето на организираниот криминал,треба да се земат во предвид организациската структура и ресурсите кои се неопходни за да се заврши работата. Кои ресурси се расположиви?.... Дали има финансии за да се плати информаторот?.... Дали постојат ресурси за следење или собирање на докази? .........ќе треба да се носат соодветни одлуки кои методи ќе се користат за да се има потребната ефикасност и ефективност во остварувањето на стратешките цели, односно политиките на организациската единица.“[57]

„Луѓето се последниот елемент во менаџмент процесот. Ниту една организација не е комплетна без нив. По се нам очигледно ни се потребни најмалку двајца луѓе – офицер и информатор.

Луѓето имаат многу значајно влијание врз тоа како се постигнуваат целите, па дури и методите што се користат. Всушност, сите три елементи комуницираат едни со други и влијаат врз дејството“. [58]

**Лидерски стил на раководење со информатори**

„Што треба да биде направено со информациите на информаторот?.. За кого треба да биде започната истрага и кои треба да биде обвинет?.. Кои случаи(истражувања) ќе се работат, од која област и доколку постојат, дали ќе бидат започнати, и како понатаму ќе се постапува?... Ниту едно од овие прашања не треба да му биде препуштено на информаторот да го одговори?.. Ова не е нивна одговорност. Информаторите не се обучени, емоционално подготвени, правно овластени, или на друг начин квалификувани да направат нешто со овие барања. Во речиси секој случај, информаторот по природа има конфликт на интереси и не може да донесе непристрасна одлука. Тоа е работа на непосредниот менаџер на информаторот, неговиот хендлерски тим.

[56] Madinger John, Confidential informant, str.120
[57] Madinger John, Confidential informant, str.121
[58] ibid

Постои само еден лидерски стил во односот офицер – информатор. Офицерот кажува на информаторот каква одлука е донесена и како тоа ќе биде извршено. Ова не значи дека информаторот не е консултиран, дека неговите чувства или информации се игнорирани, или дека неговите мислења не се почитувани. Мудар хендлерски тим ќе оди до таа дистанца да научи точно што мисли информаторот за ситуацијата, проблемите, можните решенија, и секоја расположива алтернатива. Животите на луѓето можат да бидат во опасност. Зошто да игнорираме состојби или развој на настани кои би можеле да влијаат на донесување лоши одлуки, едноставно да поттикнеме донесување на добри одлуки?

Информаторот ја поседува информацијата која ни е потребна за да донесеме правилна одлука; хендлерскиот тим мора да го почитува овој реален факт. Истовремено, информаторот мора да ја почитува предноста на хендлерите да ги донесуваат одлуките. Оваа взаемна почит е основата на добро раководење на информатор“.[59]

**Офицер —> Информатор**

### 2.5.2.13.Користење на прикриен човечки извор на информации

Утврдените криминалистичко разузнавачки потреби и реализирање на поставените цели за борба против организираниот криминал, произлегуваат од изготвените тактички проценки и предвидуваат насочено собирање на информации. Еден од начините плански да се собираат информации, преставува користење на Прикриени човечки извори на информации. Во МВР, основ за користење на прикриен човечки извор на информации, при насочено собирање на информации е тактичката одлука на групата за давање задачи и координација, за воспоставување на криминалистичко истражување.

Одлуката за воспоставување на криминалистичко истражување се носи од страна на групата задолжена за носење на одлуки на тактичко ниво-преставници-старешини на четирите сектори во Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал (истарги, прикриени операции, криминалистичко разузнавање и анализа и тероризам).

Со одлуката на тактичката група за воспоставување на криминалистичко

---

[59] Madinger John, Confidential informant, str.123

истражување од одредена област на криминал, се согледуваат околностите на кои начин и со кои средства ќе се собираат и развиваат информациите во насока на обезбедување на докази за таргетираните лица.При носењето на одлуката се земаат предвид:
-моменталната состојба, можностите да се користат најефикасните мерки за да се биде ефективен на теренот, односно треба да се даде проценка дека на друг начин во моментот не е можно собирање на потребните информации и неопходна е потребата за користење на Прикриени човечки извори на информации. Со предлогот за воспоставувањето на криминалистичкото истражување се изготвува и план за превземање на мерки и активности. Во планот се наведуваат и преставниците-членови во тимот за реализирање на планираните мерки и активности. Во тимот иако криминалистичкото истражување е од една област може да бидат вклучени и преставници од други организациони единици во зависност од комплексноста и активноста со кои се бави криминалната група.

Согласно проценките за потребата од користење на информатор во тој тим ќе има преставник и од надлежната организациона единица за работа со прикриени човечки извори на информации. За време на работната средба од страна на раководителот на тимот се презентираат планираните активности и потребниот ангажман од секоја организациона единица опфатена со планот. На таа средба се споделуваат и конкретните барања за реализација на воспоставеното криминалистичко истражување дека ќе биде потребно да се користи прикриен човечки извор на информации. Користењето на прикриен човечки извор на информации подразбира изготвување на План за насочено собирање на информации.

Покрај реактивниот начин на користење на Прикриен човечки извор на информации, иницијативата за користење на информатор може да произлезе и од проактивниот пристап на надлежната единица за работа со прикриени човечки извори на информации.

Проактивните информациите кои се собрани од Прикриениот човечки извор на информации даваат можност со изготвување на разузнавачки продукти, да се продолжи со прибирање на криминалистичко разузнавачки информации од Прикриениот човечки извор на информациии и согласно методологијата за приоритизација на предмети, да се даде иницијатива до групата за давање задачи и координација да донесе одлука за воспоставување на криминалистичко

истражување. По запознавањето на конкретната истрага со аналитичкиот продукт за постоење на криминална група, ќе се поднесе барање за воспоставување на криминалистичко истражување во консулатација со Јавното Обвинителство. По воспоставувањето покрај одлуката да се продолжи со собирање на криминалистичко разузнавачки информации од Прикриен човечки извор на информации, може да се користат мерки и други средства за прибирање на информации и докази.

Мерките за обезбедување на доказите ќе се користат по проценка и по предходно посочување од Прикриениот човечки извор на информации.

И во двете ситуации кога се користи прокриен човечки извор на информации треба да имаме предвид следното:

-Собирањето на криминалистичко разузнавачки информации или нивното развивање би било отежнато без користење на ПЧИИ, како и

-Пропорционалноста на користењето на прикриен човечки извор на информации во однос на почитувањето и заштитата на човековите права и слободи.

По донесената одлука за користењето на прикриен човечки извор на информации за надлежната организациона единица за работа со Прикриени човечки извори на информации, подразбира изготвување на план за насочено собирање на информации.

### 2.5.2.14.Писмени акти кои се изготвуваат при раководење и користење на прикриен човечки извор на информации

Во текот на постапката на раководење и користење на Прикриениот човечки извор на информации во зависност во која фаза се наоѓа тимот за раководење во однос на изворот изготвуваат соодветна писмена документација.

Контакт извештај.

По одржаниот контакт помеѓу хендлерскиот тим и прикриениот човечки извор на информации се изготвува Контакт извештај. Извештајот се изготвува со цел внесување на информации кои се во врска со остварениот контакт и околностите под кои е остварен контактот, дадени задачи, насоки и ограничувања за дејствување на прикриениот човечки извор на информации.

Разузнавачки извештај

Добиените информации за време на средбата односно контактот со Прикриениот човечки извор на информации се внесуваат во Разузнавачки извештај на начин со кој се оневозможува откривање на идентитетот на прикриениот човечки извор на

информации и полицискиот службеник.

Оперативен извештај

Од информациите кои се изготвени еден или повеќе разузнавачки извештаи се изготвува Оперативен извештај од страна на контролорот и истиот се доставува до надлежната организациона единица како основ за спроведување на криминалистичка истрага. Доставувањето на оперативниот извештај до надлежната организациона единица е по предходна проценка за веродостојноста на информациите и доверливоста на изворот според кодот за проценка а доставувањето согласно согласно правилото „потребно е да знае“

### 2.5.2.15 **Проценка на прикриен човечки извор на информации и информација**

Во процесот на користење и раководење со прикриен човечки извор на информации од страна на тимот за раководење се врши проценка на изворот и информацијата. За таа цел се користи утврден код за проследување на криминалистичко разузнавачките информации.

Проценка на извор и информација и дозволено проследување



Проценката (евалулација на ПЧИИ-информаторите) треба да биде уредно изготвена од страна на тимот за раководење, најмалку еднаш на три месеци. Оваа проценка бара ажурирани информации од минатото, успех или неуспех за активноста на информаторот или било какви нови информации кои се однесуваат на способноста на информаторот да помогне во спроведувањето на законот.

Важноста, вредноста и веродостојноста на информациите и доверливоста на информаторот мора да бидат евалуирани. Бирото за наркотици на Мисисипи, во работењето со информатори користи методологија за проценка на информаторот и добиените информации од информаторот. Оваа методологија предвидува водење на евиденции за бројот на веродостојните наспроти лажните информации доставени од информаторот.

Водењето на евиденцијата, со кои се следи бројот на веродостојните и лажни информации укажува на квалитетот и продуктивноста на ПЧИИ-информаторот.

Во случаи кога се водат сложени криминалистички истраги доставените информации од ПЧИИ- информатор со висок степен на проценка за доверливост влијае и врз веродостојноста на информациите кои пак повеќе пати се од пресудно значење за успешно водење на истрагите во борба против организираниот криминал.

Од првичниот контакт со информаторот до денот кога тој ќе биде дерегистриран, тимот за раководење континуирано врши проценки за веродостојноста на информациите и доверливоста на информаторот. Додека надлежниот тим професионално се бави со овие проценки, информаторот кој има удел и преставува дел од оваа игра, субјективно исто така прави проценки во насока дали може да има целосна доверба, односно колку да им верува на хендлерите како дел од тимот за раководње во она што го бараат од него како задачи или насоки за извршување на задачите.

### 2.5.2.16. **Дерегистација**

Прекинот на соработката со селектираното лице, односно дерегистрација на прикриен човечки извор на информации настапува кога тимот за раководење ќе процени дека се исполнетите услови за:

-откажување на овластувањето за раководење и користење за селектирано лице во фаза на негово регрутирање.

-откажување на овластувањето за раководење и користење на Прикриениот човечки

извор на информации со цел негово дерегистрирање.

-Барање за откажување на овластување за користење и раководење на прикриен човечки извор на информации за селектирано лице во фаза на негово регрутирање се изготвува во случаеви кога:

Од селектираното лице не е добиена потребната согласност за воспоставување соработка во својство на Прикриен човечки извор на информации; При проценката за развивање на соработка, утврден е ризик по безбедноста на селектираното лице или полициските службеници од тимот за раководење; При вршењето на проверките тимот за раководење констатира дека селектираното лице не ги исполнува основните услови (малолетно лице, лице со нарушена психофизичка состојба и заостанат душевен развој, лице кое се бара со потерница, лице кое непосредно е инволвирано во планирање, помагање и извршување на кривично дело).

-Барање за откажување на овластување за користење и раководење на прикриен човечки извор на информации со цел дерегистрирање се изготвува во случаи кога: Ќе престанат потребите од воспоставената соработка; Прикриениот човечки извор на информации може да побара прекин на соработката; доколку во текот на соработката ќе се констатира недоволна активност односно не се добиваат корисни информации; доколку настапи болест или смрт; Прикриениот човечки извор на информации за време на соработката изврши кривично дело; во случај кога прикриениот човечки извор на информации не постапува соодветно на зададените задачи, насоки и ограничувања при што може да настапи деконспирација или опасност од деконспирација.

Во горенаведените случаеви кога се исполнети условите за дерегистрирање, односно за откажување на овластувањето во фаза на регрутација, тимот за раководење изготвува соодветно барање и преку контролорот со свои забелешки барањето се доставува до Службеникот за Овластување.

По одобрувањето на барањето за откажување на овластување за користење и раководење на прикриен човечки извор на информации односно дерегистрација се изготвува потребна документација и се одложува заедно со примарното досие во организационата единица надлежна за водење на регистарот на ПЧИИ-информатори.

Со дерегистрирањето на прикриениот човечки извор на информации, се превземаат безбедносни мерки на заштита при што изворот се предупредува на должноста и обврската да ја чува тајноста на воспоставената соработка и информациите кои произлегле од таа соработка, во спротивно ќе сноси кривична одговорност доколку тајната ја оддаде на друг.

„Информаторите може да бидат дерегистрирани или да се прекине соработката со нив заради следните причини:

Информаторот не дал значителен придонес во остварување на резултатите за воспоставената истрагата во одредената временска рамка. Информаторите тежнеат да ја одолговлечат нивната соработка и не мора да им биде дозволено да продолжат со оваа нивна пракса на неодредено.

Информаторот може да одлучи да не соработува. Проценката за носење на одлука за соработка, во некои случаи не упатува да ја користиме познатата изрека „Железото се кове додека е жешко“. Информаторите често се преиспитуваат за нивното експонирање и при тоа можат да одлучат, да не соработуваат доколку им се даде премногу време да размислуваат во носењето на нивната одлука.

Таргетот на истрагата е уапсен или е покоен и понатамошното ангажирање на информаторот не може да биде од било каква помош. Некои таргети се случува да починат пред истрагата за нив да биде комплетирана“.[60]

„Со информаторите се прекинува соработката и поради следниве причини:

-Поднесување на лажни или заведувачки информации

-Глумење на непромислености и изложување на опасност на агенти или андеркавери.

- Играње еден оддел против друг или дуплирање на улога со повеќе од една агенција.

- Извршување на сериозни криминални активности.

- Откривање на информации во врска со истраги, полициски методи и опрема, или идентитет на андеркавер персонал“.[61]

„Пред да биде информаторот дерегистриран, треба темелно да биде и дебрифиран (испрашан) од страна на агентот во врска со задачите по кои бил ангажиран информаторот и собраните информации. Информаторот треба да биде

[60] Mallory L. *Stephen Informants Development end Management str.37/38*

[61] Ibid *str.39*

опоменат дека во случај на откривање на информации за организационата единица надлежна за работа со информатори, методите за работа, вработените полициски службеници, или ако свесно изврши или прикрива криминал, може да биде доведен во ситуација на одговорност за откривање на чувствителни информации. Надлежниот тим за раководење треба да им даде потребни инструкции на информаторите како конкретни постапки и процедури на заштита, доколку проценат дека нивната лична и семејна безбедност може да биде нарушена поради нивната соработка со преставници на соодветната организациона единица за работа со информатори“.[62]

Ниту еден информатор не треба да биде со доживотен договор. Кога условите од неговиот договор се исполнети, кога неговата мотивација ќе исчезне, кога веќе подолго време нема пристап до предметот на интерес, тоа е моментот во најголем број од случаите за престанок на тајниот однос на соработка.

Ова е деловен однос, во кој не доминира емоционалната сатисфакција туку правните интереси и практичните согледувања.

### 2.6. **Меѓународна соработка**

Во работењето со Прикриени човечки извори на информации во МВР, предвидено е во делот на меѓународната соработка, користењето на прикриен човечки извор на информации. Користењето е предвидено во сложени криминалистички истраги со меѓународен карактер во борба против организирани криминални групи. За оваа цел неопходно е постоење на меѓународни договори за соработка помеѓу полициските служби, потоа поднесено барање за меѓународна соработка и поединечно потпишани Меморандуми за разбирање.

Нашите стандардни процедури предвидуваат неколку случаеви на користење на прикриен човечки извор на информации во меѓународната соработка.Соработката се реализира на неколку начини во делот на упатување на Прикриен човечки извор или тим за раководење надвор од државата за наши или потреби на друга земја или ангажирање на прикриен човечки извор на странска полициска служба за наши потребити или потреби на странска служба или за потребите на други меѓународни полициски организации и институции.

---

62 Ibid

## 2.7. **Проблеми кои можат да се јават при развивањето на информатори**

„Тимот за раководење, мора да биде сигурен дека го знае точниот идентитет на информаторот и неговите мотиви за соработка. Тимот за раководење треба секогаш да одреди на чиј интерес информаторот му служи и зошто информаторот ја обезбедува оваа информација. Иако човечкото однесување е многу тешко или невозможно да се предвиди, тимот за раководење мора да биде многу темелен и да ги користи сите расположиви ресурси за да избегне ситуација каде ќе се правда или ќе објаснува одреден инцидент во кој е вмешан информаторот пред надлежните старешини или правосудни органи. Овој вид на инциденти им се случуваат и ќе им се случуваат на хендлерски тимови кои се мрзеливи и не ги раководат или разиваат правилно информаторите“. [63]

- Има прилики кога информатор се користи од службата во карактеристичен и важен временски период, а подоцна службата открила дека информаторот се бара за сериозен криминал во друга правна надлежност или држава,

-Состојби кога информаторот кој работел со хендлерски тим е ангажиран во прибирање информации за лица инволвирани во вршење на кривични дела од областа на сериозен криминал. Соработката може да заврши трагично со можност и за убиство на информаторот.

-Кога агенциите ги делат информаторите, тие треба да одлучат кои ја има примарната контрола и одговорност за информаторот. Делењето на информаторот може да ги доведе агенциите во конфликт и да создаде проблеми и за двете агенции. Информаторот е потребно да има еден шеф, еден тим за раководење пред кого ќе биде одговорен.

„Пред неколку години, се појави контроверзија (спор) во редовите на една голема разузнавачка агенција, каде што повеќето контроверзии се исклучени. Извор на проблемот беше ставот на некои офицери дека агенцијата фаворизира офицери кои регрутираат човечки извори на информации на сметка на оние што управуваат со нив. Во институционалната култура на агенцијата, отсекогаш приоритет бил ставен за регрутирањето на човечки извори на информации. Ова изгледа доволно логично; без човечки извори на информации немате ништо за аналитичарите да

[63] Mallory L. *Stephen Informants Development end Management str.19*

анализираат и никакви криминалистичко разузнавачки продукти и информации на можат да им ги пренесат на носителите на одлуки. Оваа предност се одрази врз кариерите на полициските службеници.Колку повеќе човечки извори на информации регрутирал полицискиот службеник, толку повеќе се стекнал со почит во агенцијата.

Оваа констатација формира раскол помеѓу полициските службеници кои ги регрутираат изворите и оние кои управуваат со човечките извори (ракувачи). Сѐ е добро, велат ракувачите, да се регрутират човечки извори, но само вешто ракување - ефикасно управување со тој извор - ќе овозможи потенцијалот на човечкиот извор да биде целосно реализиран. Ова секојдневно управување (ракување) честопати се одвива под тешки, дури и опасни услови и може да трае по неколку години. Ракувачите сметаат дека нивните напори - иако доста различни од регрутерите - треба да добијат еднаков статус и афирмација за нивната работа во агенцијата.

И двете страни имаат значителни придонес во спроведувањето на законот. Службеникот кој развива човечки извор на информации, низ целиот процес за работа со прикриени човечки извори на информации, од фазата на селекција - регрутирање до регистрирање и раководење со изворот, генерално продолжува да работи со изворот низ целиот процес, ставајќи го службеникот и во двете улоги, прво како регрутер потоа како ракувач (управувач). Контроверзноста во разузнавачката агенција нѐ потсетува дека за овие две различни функции се потребни познавање на различни вештини. Регрутирњето е умешност да се препознае вистинската личност за соработка, да се влијае кај личноста да донесе важна одлука во животот во делот на соработката. Службениците кои се добри во регрутирањето може да не бидат соодветни за друга важна улога во процесот на работа со човечкиот извор на информации како што е управувањето со тој извор. Со правилно раководење се развиваат случаи за работа а подоцна како резултат на тоа се планираат мерки за обезбедување на доказите.

Во спроведувањето на законот, придобивките обично одат, не кај полициските службеници кои го регрутирале прикриен човечки извор на информации, туку кај оние полициски службеници што управувале со тој извор и ги донеле воспоставените истражувања до успешна реализација.“[64]

---

[64] Madinger John, Confidential informant str.стр 119 и 120

## 2.8. МЕРКИ НА ЗАШТИТА

**Опрема**

„ За информаторот да биде успешен во спроведувањето на зададените задачи хендлерскиот тим треба да има во предвид, типот на неопходната опрема. Ова може да вклучи користење опрема во вид на материјално-технички средства како: патнички моторни возила или друг вид на транспортни средства, средства за запишување (електронски – диктафони), телефонски линии, апартман, уреди за озвучување итн. Информаторите при вршењето на конкретни задачи може да имаат потреба и од финансиски средства во вид на трошоци. Овие средства треба да бидат предходно предложени и одобрени согласно процедурите за користење на специјални финансиски средства за работа со информаторот. Во случаи доколку е потребно од страна на информаторот, да биде користена опрема за документирање, тогаш ќе треба да биде обучен за користење на таа специфична опрема“.[65]

**Безбедност**

„Информаторите, како и повеќето од нас, склони се да зборуваат за нивната работа. Тие треба да бидат обучени и да знаат како да ја „чуваат устата затворена“ во врска со нивното работење како информатор. Прикриени полициски агенти, живеат безбеден живот благодарение на способноста на одреден информатор што ги почитува договорените мерки за конспирација во врска со истрагата и знае да ја задржи тајноста или што би се рекло „ ја држи устата затворена“. Информаторите треба да бидат подучени од тимот за раководење со цел да ги почитуваат безбедносните мерки на заштита. Ова вклучува, начинот на употребата на телефони, осетливи документи, визит карти на агенти, и средби или други работи поврзани во однос на соработката со припадниците на надлежната служба. Кога се користат телефони, информаторите треба да превземат мерки на заштита за да бидат сигурни дека не се надгледувани. Повеќе информатори се склони да чуваат визит карти на полициски службеници или документи кои се поврзани со истрагата, отколку истите правилно да ги уништат. Припадниците на криминалните структури се познати и по тоа да го проверуваат сметот во корпите за отпадоци на лица во кои се сомневаат дека соработуваат со полицијата или на полициски службеници. Криминалците знаат да провалат и во домовите или објекти кои се користени од полициски

---

[65] Mallory L. *Stephen Informants Development end Management str.54*

службеници или за лица во кои се сомневаат дека се ангажирани во својство на информатори. Често бараат информации кои се однесуваат на чувствителни истраги или информации со кои можат да потврдат дека лицето во кое се сомневаат за нив е ангажирано како информатор или лицето во кое се сомневаат е полициски службеник во својство на прикриен агент. Информаторите треба да бидат внимателни, за можноста криминалната група да превзема мерки на контразаштита и од нивна страна да се вршат проверки. Од овие причини треба да превземат соодветни мерки и на самозаштита, како непоседување на материјал кај себе кој може да го открие нивниот идентитет како информатор. Поединци информатори кои обавуваат сложени задачи, потребно е да бидат обучени за контранабљудување за да се осигураат дека тие не се набљудувани или следени кога се на контакт со полициски службеници преставници на надлежната служба. На информаторите треба да им се укаже да бидат претпазливи, доколку е можно, „лошите момци“ нема потреба да го знаат местото на живеење на информаторот или живеалиштето на фамилијата или пријатели на информаторот. Хендлерскиот тим мора да се осигура дека информаторот има јасна претстава во однос на целта на неговото учество и дека јасно ја разбира неговата улога. Никогаш не претпоставувајте дека некој „слуша“ што вие му кажувате него, и никогаш не претпоставувајте дека ве „разбрале“ што вие сте им кажале. Претпоставување значи само како што се вели, „Да направи идиот од мене и тебе.“

**<u>Очекувања</u>**

Информаторите не треба да знаат само што е она што се очекува од нив туку исто така и тие што можат да очекуваат од службата во врска со поддршка, мотивација, и доколку е можно да им се даде одржливо објаснување за нереализираните случаи и покрај тоа што дале свој допринос. Информаторите треба да знаат, да бидат свесни и за начинот на кои ќе се практикува исплатата на финансиските средства и временскиот период на исплата.

Во случај кога треба да се извршуваат задачи со користење на легенда, или во улога да внесе прикриен агент, потребно е деталите темелно да бидат разработени со информаторот. Ова е посебно важно доколку улогата предвидена со легендата го менува неговиот стил на живот и работа. Многу информатори за себе сметаат дека тие немаат способност да запомнат комлексни приказни во кои треба да играат улога со која тешко можат да се носат. Информаторите вообичаено имаат „улично“

познавање со погрешно разбирање во однос на легалните ограничувања за истражните методи. Многу информатори веруваат дека тие можат да ги прекршуваат законите откако ќе станат „оперативци“ на агенцијата. Тие често веруваат дека е добро за нив да ги стават доказите на место каде што можат да ги најдат, да дадат лажно сведочење, да прекинат и да започнат, или да потикнат луѓе во вршење на криминал. Хендлерскиот тим треба да процени и да се осигура, колку информаторот се придржува на правилата и дека не ги прекршува законите и процедурите за време на соработката при извршување на задачи за конкретна истрага или случај. Информаторите мора да се доведат на ниво да разберат дека тие не се полициски службеници со полициски овластувања. Тимот за раководење кои неуспешно ќе го проценат информаторот во делот на неговите познавања за процедурите, насоките и методите на делување и легалните ограничувања, тогаш во понатамошното обучување на информаторот во овие области можно е да се соочат со непријатни ситуации за себе но и за организациската единица. Информаторите можат да ви направат кариера, или да ви ја уништат кариерата“.[66]

**Надгледување (контрола)**

„По правило, информаторите непрекинато создаваат проблеми. Хендлерскиот тим треба да знае што е можно повеќе за тоа каде се информаторите со кои има воспоставено соработнички однос и што прават тие за време на извршување на зададените задачи но и за време на нивната неактивност. Ова бара понекогаш ангажман за надлгледување по зададените задачи за прибирање на информации за конкретна истрага. Контролата-надгледувањето, може да биде поефектна доколку информаторите очекуваат или веруваат дека тие се набљудувани од нивните „контролни агенти“ во текот на нивниот ангажман или во периодот на неактивност. Со овие надгледувања на информаторот хендлерскиот тим располага со информации за информаторот во врска со мотивите, проблемите, посетувани места, навики итн. Надгледувањето помага во минимизирање на мамењето и криминалните активности на информаторот. Хендлерскиот тим при разговорот со информаторот може да разговара на прашања за кои веќе ги знае одговорите. Една од техниките е да се врши надгледување-контрола преку други информатори или граѓани како извори кои несвесно ќе делуваат како набљудувачи на активностите на

---

66 Ibid str.54-55

информаторите кои се надгледуваат. Хендлерскиот тим мора да биде претпазлив кога испрашува други информатори или граѓани во врска со активностите на информатор. Со мало невнимание може да дојде до откривање на идентитетот на информаторот кои се надгледува. Да се има еден или повеќе информатори во една организација или географско подрачје може да помогне да се одредат активностите на сите информатори. Некои информатори постојано треба да бидат потсетувани дека криминална активност извршена од нивна страна нема да биде толерирана и ќе резултира со кривична одговорност против нив“.[67]

**Полиграф**

„Друг метод кој се користи за да се одреди веродостојноста на информациите од информаторот е употребата на полиграф. Најголем број од агенциите дозволуваат испитување на информатори со полиграф. Еден дел од најголемиот број на договори со лицето со кое се соработува има потреба од согласност од лицето за да подлежи на испрашување со полиграф на барање на контролниот агент. Меѓутоа, информатор не може легално да биде присилен за употреба на полиграф. Некои агенции бараат писмено одобрение пред употребата на полиграф. Резултатите од полиграфот сеуште не се прифатливи во судови но и обезбедуваат на истрагата информации кои можат да помогнат во добивање на пристапи или признанија, или пак да обезбедат насоки во истрагата. Иако полиграфот не е непогрешлив, тоа е моќна алатка за одредување на вистината“.[68]

**Испрашување -Дебрифинг**

„Периодичните испрашувања- дебрифинзи се дополнение на почетното испрашување и можат да помогнат во активностите за водење и контрола на информаторите. Почетното испрашување секогаш треба да биде темелно и прецизно “. Ова е начин како да се извлечат информации од информаторот кои нема да ги презентираат на состаноците освен ако не бидат прашани. Информаторот може да претпостави дека хендлерите веќе знаат на што е ангажиран и со тоа во текот на разговорот нема да ги открие сите информации.

Од суштинско значење за иследникот е писмениот водич за дебрифинг за да спречи да не испушти прашања или теми за кои информаторот може да обезбедил информации. Писмениот водич исто така ќе спречи истражителот да има визија на

---

67 Ibid str.56

68 Mallory L. *Stephen Informants Development end Management str.65*

„тунел“ и да се насочи само на информациите кои се однесуваат на конкретното кривично дело. Овој вид на визија може да резултира со нерегистрирање на други информации за сериозни криминални активности. Поширокото размислување одзема повеќе време но може да донесе вредни информации.

Дебрифирање на контактите со информаторот не служи само за извлекување на информации од информаторите, но и за мотивирање, обука, оценување и подобро разбирање на информаторот.

Дебрифинг-контактите треба да бидат чести дури и за време на неактивност на информаторот. Овие контакти треба да развиваат само професионални односи и да не бидат основ за социјални прилики. И отворени и специфични прашања треба да го праша истражителот. На дебрифинзите хендлерите треба да бидат добри слушатели и да сочувствуваат со проблемите на информаторот, додека се фокусирани на извлекување информации или насочување на активноста на информаторот. Хендлерите не смеат да му доставуваат на информаторот информација, туку да добиваат информации од информаторот. Некои информатори се одликуваат со манипулирање кон хендлерите со цел да добијат информации. Хендлерите треба да бидат добро обучени и искусни при водење на разговорот да знаат да ги применат потребните техники за анализа на изјавите кои се ефикасни во извлекувањето информации и откривање на измама“. [69]

## 2.9. Воведување на прикриениот агент

Најголем дел од операциите со прикриени агенти ја вклучуваат употребата на информатори за воведување на прикриениот агент. Прикриениот агент мора да развие оддржлива прикриена приказна без обзир дали ќе се вметне во криминалната група со или без користење на информатор.

Некои од прашањата што прикриениот агент и информаторот мора да ги подготват и да одговорат, вклучуваат следново:

-Колку време информаторот го знаел прикриениот агент?

-Како се сретнавте?

-Дали информаторот направил бизнис пред тоа со прикриениот агент?

-За каков вид на бизнис и кои детали?

-Од каде е прикриениот агент?

---

[69] Mallory L. *Stephen Informants Development end Management str 60-61*

-Каде живее прикриениот агент?

-Каде работи прикриениот агент?

-Дали е прикриен агент е во брак?

-Какво возило вози прикриениот агент?

Прикриениот агент мора да биде запознаен со насловната приказна:
вид на работа, локации, итн“.[70]

2.9.1. **Развивање случаи за работа со нформатори**

Развивање на случаи или воспоставување на криминалистичко истражување по добиените информации од информаторот преставува потврда за веродостојноста на информациите и доверливоста на изворот, но и за сите кои се инволвирани во различни фази од обработка и анализа на тие информации до носителите на одлуки. Во обидот да се осудат злосторници, членови на криминална група, дали можеме да се потпреме само на информациите кои се добиени од информаторот, оној кој што има интерес за исходот од доставените информации но и мотив кои произлегуваат од голем број причини за лажење?. Начинот да се потпреме само на информациите од информаторот не само што не е мудро, туку е непрофесионално, без притоа информациите да ни си потврдат со користење на други извори на информации. Само безусловната потврда на информациите добиени од информаторот ќе обезбеди основа за успешно развивање на случаевите и воспоставените истраги и ќе овозможи гонење на инволвираните лица во криминал.

При воспоставување на случаи или криминалистичко истражување мора да ги следиме правните процеси утврдени од законодавниот дом и судовите, но во текот на работењето, стекнатото искуството и знаења произлегуваат неколку принципи што треба да ги земеме предвид и да ги практикуваме во работењето со информаторите со цел да бидеме продуктивни и ефикасни во работењето. „Во продолжение наведени се неколку принципи што се чини дека функционираат во повеќето ситуации, но секој офицер треба да развие сет што одговара на неговата состојба.

1. Купи го информаторот, не информацијата, *но*....
2. Изградете го вашиот случај околу информацијата, не околу информаторот.
3. Не ослонувајте се на информаторот „да направи случај;“ тоа е *ваша* одговорност.

[70] Mallory L. *Stephen Informants Development end Management str 78*

4. Секогаш претпоставувајте дека секој случај ќе заврши пред некој што носи одлуки.
5. Потврдете и проценете.

Договорите со информаторите треба секогаш да бидат за целиот пакет, наместо отколку за доставување на неколку информации или посочување на докази. Две лоши работи можат да се случат кога офицерот преговара за еден дел од целата низа.

Прво, ќе мора да преговарате секогаш кога ви треба нешто. Секој дел од информациите што ги собира информаторот ќе подлежи на процес на договарање што може да вклучи барање на информаторот да бара други агенции за поголема понуда. Контролата не постои, и никој не може да развие добар случај под овие услови.

Второ, овој вид на ангажман влијае на развојот на случаи затоа што информаторот е во состојба да утврди кои информации доаѓаат, а што не. Без пристап до целиот пакет, службеникот не може да ги донесе потребните решенија за да го придвижи случајот напред.

Во времето кога информаторот е првично развиен, целиот пакет треба да се објасни, така што нема простор за забуна. Еден поранешен офицер на ЦИА го опишува ова како „горчлив муабет". Ова е во суштина гаранција дека сè додека информаторот ги следи условите на тимот за раководење, кои вклучуваат голем процент на посветеност за целосно откривање, и реализирање на случајот, информаторот може да очекува дека ќе добие соодветната награда. Ако, од друга страна, информаторот обезбеди помалку од договореното тој може да очекува да не добие ништо. Сосема вистинити изјави и искрен одговор на секое прашање поставено од службеникот, се важни делови од обврска; тоа е договор за сите или ништо.

Разберете дека кога преговарате со информатор за неговата соработка, купувате целосна соработка или ништо. Откако ќе ја преземете таа заложба за целосна соработка, можете да напредувате во развој на случаи со помош на информаторот, имајќи предвид дека се создаваат и развиваат случаи, не со информатори, туку со нивни информации.

Иако сакате да го „купите" информаторот отколку неговите информации, не е паметно да се гради случај околу поединецот. Случаите - за време на истрагата и фазата на гонење - наместо тоа треба да се градат околу информациите дадени од

информаторот. Зошто е ова? Бидејќи не можеме да сметаме да веруваме во информаторите. Потпирањето на неусогласениот збор на информатор е најсигурниот начин за ослободителна пресуда. Тоа е, исто така, патот до обвиненија за лошо однесување, злосторства и други скандали.

Запомнете дека погоре претходно спомнавме за предавството, научивме дека луѓето ја ценат довербата и „довербата“ и ги отфрлаат оние што предаваат. Библијата (Пословици 11:13) вели: „А бајката открива тајни: но оној што има верен дух ја крие работата“. Разгледувајќи го зборот на информатор, поротниците ќе размислат дали таа личност е „со верен дух“, а повеќето пати ќе заклучат дека тој не е. Потоа започнува да се игра втор библиски израз (Проповедник 21:28), „А бајката ја осквернува својата душа и ја мрази овде каде и да живее“. За да се снајдат овие предрасуди, <u>најдобро е да не го ставате информаторот во нешто како клучна улога во истрагата.</u>

Една од овие причини е дека криминалот се одвива во атмосфера на тајност. Идејата за провалник да остави картичка со име и адреса во секој украден дом е смешна, иако можеби тој оставил посуптилни индиции, како што се отпечатоци од прсти, алатки со кои е извршено кривичното дело или дури и парче облека. Сторителите за кривичниот настан може да им кажат на неколку доверливи соработници, скоро никој не ја емитува нивната вмешаност во кривично дело. Оваа тајност значи дека кога некој од оние доверливи соработници ќе биде во состојба да обезбеди информации за злосторството, потврдувањето на изјавата може да биде тешко.

Развој на случаи не е нешто што некогаш треба да му се остави на информаторот. Соработникот поединец нема никаков збор дали е поведен случај, кој треба да биде насочен, како ќе се испита случајот или кој ќе работи на случајот. Сите овие работи се во рамките на ексклузивниот преглед на лицето кое се плаќа за да ги донесе овие одлуки - истражниот службеник.

Сите видови на лоши работи можат да се случат кога службеникот ќе ја напушти оваа одговорност. Контролата што е од суштинско значење за успешен однос офицер-информатор е изгубена и веројатно не може да се добие.

Како и да е, треба да се направи разлика кристално чиста помеѓу информациите и потврдувањето. Давањето на информациите е одговорност на информаторот. Добивањето на потврда е одговорност на истражителот. Овие улоги

никогаш не треба да бидат обратни“.[71]

„Во развивањето на случај со информатор, истрагата содржи активно добивање на информации, нивно потврдување, и проценување на крајниот продукт. Овој процес треба да биде континуиран и офицерот треба да се обиде да биде објективен“.[72]

„Развој на случаи е крајниот резултат на соработката на информаторот. Знаењето за доброто на знаењето е луксуз за кој спроведувањето на законот има малку време. Процесот на развој на случаи ќе варира во зависност од голем број фактори, но кога е вклучен информатор, процесот треба да тече од дадените информации, наместо да се фокусира на информаторот. Користењето на голем број други истражни техники е клучот за развојот на добри случаи. [73]

## 3.КРИМИНАЛИСТИЧКО РАЗУЗНАВАЊЕ

“Разузнавањето има бројни и различни дефиниции, зависно од контекстот, културите, јазиците и традициите. Користењето на зборот криминалистичко разузнавање во смисла на овој научен труд укажува дека тој истовремено посочува на методологија, структура, процес и продукт.“ [74]

„Под Криминалистичкото разузнавање, се подразбираат „податоци, информации и знаења што биле евалуирани, анализирани и презентирани во формат за донесување одлуки, за акциско-ориентирани намени“.[75]

„Поседувањето на криминалистичко разузнавачки информации, не е доволно, потребна е соодветна рамка или модел за да управува со разузнавањето за да го искористи максимално, а да обезбеди дека податоците и разузнавањето се собираат, обработуваат и се користат во строга усогласеност со домашните закони и меѓународните стандарди за човековите права“.[76]

„Истражувачите и литературата за спроведување на законот обично ги расчленуваат методологиите за спроведување на законот во пет модели на полициското работење; традиционално полициско работење, полициско работење во заедницата, проблемски-ориентирано полициско работење, полициско работење со компјутерски статистики, и полициско работење водено од разузнавање (Intellegence

[71] Madinger John, Confidential informant str.170
[72] Madinger John, Confidential informant str. 172
[73] Madinger John, Confidential informant str. 180
[74] Полициско работење водено од разузнавање,OBSE - Скопје,2017 год, стр.18
[75] Ibid
[76] Полициско работење водено од разузнавање, OBSE - Скопје,2017 год, стр.21

Led Policeing -ILP). Полициско работење водено од разузнавање (ILP), е модел на полициско работење со свои карактеристики во делот на стратешки цели, силни и слаби страни, и може да ги надополни другите модели на полициско работење, кога се користат истовремено.

На пример, полициското работење водено од разузнавање (ILP) се повеќе се користи за да се зајакне полициското работење во заедницата, затоа што тој нуди јасни процеси, процедура за комуникација и менаџерски структури за прибирање податоци и информации, анализа и дисеминација.

Друг пример е оној каде традиционалниот, реактивен модел е доминантен, но моделот на полициското работење водено од разузнавање (ILP) се применува само на борбата против организираниот и сериозен криминал. Заеднички фактор на првите четири гореспоменати модели, а често претставуван како слабост за современите органи на прогонот, е нивниот фокус врз локалните области и закани. “[77]

„Рапидните и значителни промени на глобално ниво го сменија и криминалното опкружување и како такви, овие методологии не успеваат да ги поседуваат квалитетите потребни за да се посветат на посериозната закана од транснационалниот организиран криминал. По себе, полициското работење водено од разузнавање е единствениот полициски модел што уникатно е позициониран за да се бори делотворно против транснационалниот организиран криминал“[78]

„Полициското работење водено од разузнавање (ILP) се однесува на менаџерската рамка за криминалистичко разузнавање и планираната оперативна работа на полицијата, во која разузнавањето е основа за дефинирањето на приоритети, стратешки и оперативни цели во превенцијата и сузбивањето на криминалот и другите безбедносни закани. Тоа, исто така, го вклучува донесувањето соодветни одлуки за оперативната полициска работа и акции, рационалното ангажирање на расположливите човечки ресурси и распределбата на материјални и технички ресурси“.[79]

„Моделот на 4-i (intent, interpret, influence и impact - намера, толкување, влијание и последици) е корисен за објаснување на улогите и односите меѓу клучните актери на концептот на полициското работење водено од разузнавање (ILP): криминалното опкружување, аналитичарот за криминалистичкото разузнавање и носителите на

---

[77] Полициско работење водено од разузнавање, стр.14
[78] Ibid
[79] Полициско работење водено од разузнавање, стр.19

одлуки во полицијата. Сите четири “i”-компоненти мора да се на место и соодветно да функционираат за полициското работење (ILP) да го оствари својот потенцијал. Моделот става акцент на односот меѓу криминалистичката анализа и носителите на одлуки. Носителите на одлуки (раководителите) задаваат задачи, даваат насоки, советуваат и ги водат аналитичарите за криминалистичко разузнавање. Прво, носителите на одлуки мора да обезбедат дека нивните намери (intent) се објаснети и разбрани. Второ, аналитичарите го толкуваат (interpret) криминалното опкружување, и трето, влијаат (influence) на носителите на одлуки со наодите од анализата. Врз основа на овие наоди, носителите на одлуки (четврто) имаат влијание (impacts) врз криминалното опкружување преку стратешки менаџмент, акциони планови, истраги и операции, како што е презентирано на сликата.“[80]




Слика 3.1 **Модел на 4-i:** *intent, interpret, influence и impact (намера, толкување,влијание и последици)*

Извор: Полициско работење водено од разузнавање- водич на ОБСЕ - Скопје,2017 год

„Европската Унија формално го одобри полициското работење водено од разузнавање во 2005 година. Оттогаш, се изготвуваат заеднички стратешки планови и оперативни акциски планови на ниво на Унијата за сузбивање на организираниот криминал, со користење на пристап на полициското работење водено од

[80] Полициско работење водено од разузнавање- водич на ОБСЕ - Скопје,2017 год, стр.20

разузнавање. Во 2010 година, Европската Унија го усвои *Циклусот политики на Унијата за сериозен и организиран криминал*, коишто се претставени како пример на добри практики за борба против транснационалниот организиран криминал во согласност со принципите на полициското работење водено од разузнавање. Циклусот на политики на Европската Унија се стреми да испорача кохерентна рамка и силни оперативни акции за таргетирање на најприсутните криминални закани со кои се соочува Унијата. Циклусот на политики обезбедува можност и е насочен кон интеграција меѓу различните структури во мултидисциплинарен пристап, вклучувајќи и генерирање синергии меѓу органите за спроведување на законот и органите за гранично управување и олеснување на натамошната соработка меѓу европските агенции, како и со субјектите кои не се дел од Европската Унија".[81]

Позитивните страни на моделот на полициско работење водено од разузнавање:

-Еден унифициран процес се користи во целата земја

-Се употребуваат стандардни процедури

-Користење на нова терминологија

-Зголемена употреба на анализи за да се добие целосно разбирање

-Клучните состаноци се одржуваат во исти денови за да се добие точна „слика" за криминалитетот

-Поефикасно трошење на материјално- технички и финансиски средства - поекономичен

-Подобрени резултати и веродостојни статистики

-Подобро користење на полициските човечки ресурси

Применлив во сите аспекти на оперативната полициска работа во:

-Насочување на патроли

-Таргетирање на повеќекратни и приоритетни престапници

-Ефикасно работење со партнерски агенции

-Придвижување на решавањето на проблеми

-Подобрување на безбедноста на патиштата

-Менаџирање на приоритетни локации и области од висок ризик

-Насочување на полициска активност во локални заедници / соседства

Моделот на полициско работење водено од разузнавање се состои од 3 потпроцеси кои го пеставуваат текот на активностите:

---

[81] Полициско работење водено од разузнавање ,стр.59

1.Водење и Насочување

2.Криминалистичко разузнавачки продукти

3.Планирани оперативни активности

„Во потпроцесот на водење и насочување, раководители бараат спроведување на работа на криминалистичко разузнавање. Врз основа на нивното давање задачи и барања, се планираат и спроведуваат конкретни разузнавачки активности, а резултатите се презентираат во извештај.

Второ, врз основа на овој извештај, надлежните раководители донесуваат одлуки за имплементација на планираната оперативна полициска работа.

Трето, врз основа на овие одлуки се планираат и спроведуваат конкретни оперативни полициски активности, по што следи извештај за евалуација. Опишаниот тек на процесот на криминалистичко разузнавање може или да заврши после еден циклус или да се повтори (надополнет со нови додатоци) во неколку циклуси, зависно од успешноста во решавањето на определено кривично дело и од други околности“.[82]

Процесот на криминалистичкото разузнавање се води на неколку различни нивоа и не е ограничен само на разузнавачкиот циклус.

„Покрај разузнавачкиот циклус, може да постои потреба и од поширок и поконстантен процес на процена на разузнавачките барања од страна на стратешките сојузници. Ова е процена што постојано е во тек ги идентификува постојните и новопојавените закани и празнини во разузнавањето, а се извршува во согласност со стратешките приоритети, политики и цели. Овој процес бара добро функционална и структурирана разузнавачка организација и стандардни оперативни процедури (СОП) што овозможуваат разузнавачкиот циклус да се храни со информации кои ги дефинираат очекуваните резултати на циклусот и неговите последователни активности. Стратешката процена на барањата од разузнавање, како и циклусот на криминалистичкото разузнавање се влеваат во процесот на стратешко планирање на земјата, одразувајќи ги националните, регионалните и локалните стратешки приоритети“.[83]

„Процесот на разузнавање, традиционално наречен разузнавачки циклус, ги

[82] Полициско работење водено од разузнавање, стр.82

[83] Полициско работење водено од разузнавање, стр.31

опишува и исцртува шесте широко познати стандардни чекори што се користат за да се трансформираат суровите податоци и информации во разузнавање со додадена вредност насочена кон дејствување. Процесот, идеално, започнува со одлука или задавање задачи, по што следи фазата на планирање, по што аналитичарите се ангажираат во прибирање информации и податоци што мора да се оценат во согласност со формално признаен систем за евалуација “[84]




Циклусот на разузнавање е динамичен процес на собирање информации, обработка на расположливите криминалистичко разузнавачки информации со подредување, структуирање, проценка и внесување во базите на податоци, анализа на криминалистичко разузнавачките информации и изработка на разузнавачки и аналитички продукти. Изготвените продукти се дисеминираат до крајните корисници односно нарачателите на разузнавачките продукти како подршка, во согласност со нивните потреби и барања.Овој динамичен процес составен од шест фази кои се меѓусебно тесно поврзани преставува основа и се користи за изготвување

[84] Полициско работење водено од разузнавање, стр.30

на стратешки и на оперативни анализи.




- Насочување- Која информација е потребна ?
-Собирање- Како да се собере ?
- Проценување- Како да се процени ?
- Обработка- Како да работиме со неа ?
- Анализирање- Како да ја анализираме ?
- Проследување- Како да ја споделиме, со кого?

### 3.1 <u>Функции на криминалистичкото разузнавање во моделот на полициско работење водено од разузнавање</u>

<u>Според територијата и видот на криминалот</u>

Идентификувани се три нивоа на криминалитет:

**Локално ниво на криминал** – кривични дела што се извршуваат на подрачјето на една општина од страна на сторители, чија криминална активност соодветствува на подрачјето на општината во која живеат;

**Регионално ниво на криминал** – кривични дела што се извршуваат на подрачје на две или повеќе општини од страна на сторители, кои индивидуално или во рамки

на одредени криминални групи вршат криминални активности;

**Национално ниво на криминал** – опфаќа кривични дела од областа на организираниот и сериозен криминал или серија на кривични дела, извршени од страна на сторители поединци или припадници на криминални групи.

Според целта и надлежноста, криминалистичкото разузнавање се изведува како стратешко и тактичко криминалистичко разузнавање.

1.Стратешкото криминалистичкото разузнавање претставува процес кој опфаќа:

- креирање на проценка на закани на национално ниво;
- развивање стратегии за борба против криминалот на долг рок;
- утврдување на појавните облици и трендови на криминалот на национално ниво;
- адаптирање на политиката и легислативата во борбата против криминалитетот и
- донесување стратешки одлуки за распоредување на човечки и материјални ресурси.

2.Тактичко криминалистичкото разузнавање претставува процес кој опфаќа:

- креирање на проценка на закани на регионално ниво;
- развивање регионални стратегии во борбата против криминалот на среден рок;
- утврдување на појавните облици и трендови на криминалот на регионално ниво;
- донесување одлуки за распоредување на човечки и матријални ресурси на регионално ниво, преку процес на профилирање на цели;
- креирање на проценка на закани на тактичко ниво;
- профилирање на цели;
- утврдување на ризик-индикатори;
- донесување одлуки за преземање мерки и активности во врска со конкретни или сериски кривични дела или прекршоци;
- раководење и координирање на полициски акции и
- утврдување на ефективноста на превземените мерки и активности во борбата против криминалот.

## 3.2. Аналитичките функции и користењето на информациите собрани од ПЧИИ (информатори)

Информациите добиени од ПЧИИ (информаторите) во текот на нивната понатамошна обработка, проценка и анализа, се значителни показатели во вршењето на понатамошните функции на криминалистичко разузнавачката анализа при изготвувањето на разузнавачките продукти. Според целта и надлежноста функциите на криминалистичката анализа се изведуваат како тактичка и стратешка.

### 3.2.1. Тактички функции на анализата во процесот на криминалистичко разузнавање

Прибирањето на информации со (култивација) користење и раководење на информатор, за лица инволвирани во организирана криминална група, сомнителни криминални врски, или идни криминални настани согласно целта и надлежностите можат да се јават како тактички функции.

Собирањето на информации преку прикриените човечки извори на информации, предходно проценети во однос на веродостојноста на информацијата и доверливоста на изворот во форма на оперативен извештај се доставуваат до надлежната организациона единица за криминалистичко разузнавање и анализа. Доставените информации, по нивната обработка (документирање, евидентирање, организирање, пренесување, приспособување, употреба, чување, пасивизирање, архивирање, бришење и уништување), се користат во процесот на анализа заедно со останатите расположливи информации собрани од различни извори на информации.

Информациите доставени од прикриените човечки извори на информации, ги посочуваат состојбите, влијанијата, околностите во одредена област на криминал и преставуваат реален показател во идентификувањето на ризик индикаторите и трендовите според територијата и видот на криминал.

Овие информации се вградени во разузнавачките продукти изготвени од страна на анализата и преставуваат основ за безбедносните проценки во креирањето на политики за управување и менаџирање со расположливите ресурси.

Тактичката функција на анализата е содржана во криминалистичко разузнавачкиот

продукт тактичка проценка. Со овој разузнавачки продукт во тековниот месечен период, се следи напредокот на воспоставените криминалистички истражувања и воедно се дава фокус кои информации треба дополнително да се соберат за потребите на тие истражувања. Користењето на прикриените човечки извори на информации во собирање на информации со нивно фокусирање-насочување за потребите на конкретно криминалистичко истражување, подразбира постоење или воспоставување на соработка со лице во својство на Прикриен човечки извор на информации. Ангажирањето на овој човечки ресурс е по предходна одлука, доколку за собирање на потребните информации не постои можност да се обезбедат на друг начин со користење на други извори на информации. Со барањето за користење на Прикриен човечки извор на информации, во собирање на криминалистичко разузнавачки информации за потребите на конкретно криминалистичко истражување, отпочнува процесот за работа со Прикриен човечки извор на информации и работните обврски на тимот за раководење. Раководењето на прикриениот човечки извор на информации од страна на тимот за раководење подразбира насочување на изворот преку давање на задачи и насоки во прибирањето на информации кои ќе бидат неопходни со цел добивање на јасна слика за таргетите, начинот на извршување на кривичното дело, меѓусебните врски, користењето на средствата и предметите за извршување на кривичното дело и други потребни информации за потребите на воспоставеното криминалистичкото истражување .

Тактичката проценка ја следи и проактивната работа, односно сите информации меѓу кои и оние криминалистичко разузнавачки информации собрани од прикриени човечки извори на информации ги акумулира во соодветен криминалистичко разузнавачки профил (најчесто Профил на субјект, Профил на криминална група, Профил на проблем и слично) и ги презентира како работни активности кои треба да се земат предвид во понатамошниот период. Со обработка на овие информации и изготвувањето на соодветни профили (продукти) согласно соодветна методологија за приоритизација се дава предлог до надлежните-(Групата за давање задачи и координација на тактичко ниво) и надлежните за водење на истрагите кои пак со Известување го запознаваат Јавното обвинителство да се разгледаат можностите за воспоставување на криминалистичко истражување. Доколку по доставените информации кои произлегле од проактивната работа, собрани со користење на Прикриени човечки извори на информации, се воспостави

криминалистичко истражување, согласно областа на криминал и понатаму континуирано ќе се собираат информации преку човечкиот извор на информации со кои и предходно до воспоставување на криминалистичкото истражување проактивно се прибирале информации за лицата кои се сега таргет-криминална група на воспоставеното криминалистичко истражување. Раководењето на Прикриениот човечки извор на информации ќе се користи согласно проценките до реализацијата на криминалистичкото истражување.

### 3.2.2. Стратешката функција на анализата во процесот на криминалистичко разузнавање

Стратешката функција вклучува предвидување на трендови, извештаи за невообичаени случувања, распоредување на ресурси, и анализа на посебни ситуации. Тие можат да известат за тоа што се менува во заедницата во насока на криминални трендови или нивоа на криминал.

Стартешката функција на анализата во обработката на информациите ги користи сите расположливи информации меѓу кои и криминалистичко разузнавачките информации собрани од прикриените човечки извори на информации во изготвувањето на соодветните стратешки продукти.

Стратешката проценка е криминалистичко разузнавачки продукт кои ги предвидува заканите и безбедносно интересните појави карактеристични за државата но и регионот, кои трерба да бидат земени во предвид како можни закани, влијанија или трендови и согласно тоа планирање на потербните материјално технички и човечки ресурси со цел спротиставување на заканите од криминал.

Стратешката проценка преставува насока и обврска на управувачкиот менаџмент да се креираат соодветни политики на национално ниво во донесување на одлуки за спротиставување на организираниот и сериозен криминал. За организациските единици на тактичко ниво, стратешката функција е насока за воспоставување на приоритетите и значи повторно ангажирање на расположливите извори на информаци. Конкретниот ангажман на специјализираната единица за прибирање на информации од Прикриени човечки извори на информации со воспоставувањето на приоритетите, значи насочено прибирање на криминалистичко разузнавачки информаци од регистрираните и развивање на нови прикриени човечки извори на информации.

### 3.2.3 Идентификување на тренд на криминал

Користењето на расположливите информации, меѓу кои и информациите од Прикриени човечки извори на информации, од страна на криминалистичката анализа, во одреден временски период се земаат во предвид одредени состојби и со користење на аналитички техники преку соодветни индикатори-показатели, се согледуваат одредени влијанија кои упатуваат на можен развој на настани и ќе преставуваат трендови во криминалот.

На пример:Развојот на организираниот криминал и појавата на организираните криминални групи во периодот на транзиција како состојба во Р.Македонија, во голема мера е условено од: Постоење на слабо законодавство, отсуство на регулаторни механизми, вкоренетост на корупцијата во општеството со ефекти во политиката, економијата, медиумите.

Согласно функциите на криминалистичката анализа (територијата и видот на криминалот и целта и надлежноста) утврдувањето на трендовите во криминалот може да биде на национално или регионално ниво односно стратешко и оперативно ниво.

„Утврдени се три вида на трендови:

- Општи трендови – ги покажуваат состојбите со појавата на пример: ако појавата се влошува, се развива на подобро или останува иста во текот на еден временски период.
- Сезонски, месечени, седмични или дневни циклуси на криминал – идентификуваните појави во претходниот временски периоди се споредуваат со појавите во временскиот период што се анализира.
- Случајни флуктуации - предизвикани од страна на голем број на помали влијанија, или еднократен настан, може да вклучува поместување на кривичното дело од соседните региони и се должи на меѓусебно партнерство-заедничка активност или иницијативи за кривично дело“.[85]

### 3.2.4 Собирање на податоци и информации

Собирањето на криминалистичко разузнавачки информации во рамките на криминалистичко-разузнавачкиот процес се спроведува од полициски службеници во Бирото за јавна безбедност, согласно овластувањата, на начин кој овозможува

[85] Practice advice on analysis –ACPO- NPIA, 2008 год, стр. 36

заштита на доверливоста на криминалистичко разузнавачката информација, заштита на идентитетот на изворот на информацијата и полицискиот службеник.

Собирањето на информации претставува планско, организирано и насочено собирање на лични податоци, податоци и информации од отворени, затворени и прикриени извори на податоци и информации, со цел спречување и откривање на кривични дела и прекршоци, како и пронаоѓање и фаќање на нивните сторители.

Под прикриени извори на податоци и информации се подразбира:

- евиденции и збирки на податоци, добиени преку ангажирање на прикриени човечки извори на информации- информатори, што се водат во писмена или електронска форма за податоци и информации.
- евиденции и збирки на податоци, добиени преку примена на посебни истражни мерки, што се водат во писмена или електронска форма за податоци и информации согласно законите и подзаконските прописи.

Во процесот на прибирање на криминалистичко разузнавачки информации со користењето на Прикриен човечки извор на информации, значи и проценка при доставувањето на овие информации до криминалистичката анализа за понатамошна обработка и анализа. Од страна на хендлерот или контролот се врши проценка на извор и информација и се утврдува код за проследување согласно утврдената методологија во Бирото за Јавна безбедност каде се користи кодот на проценка 5х5х5. (проценка во однос на доверливоста на изворот,веродостојност на информацијата и дозволено проследување) –(прилог слика бр.1 на страна бр 59).

### 3.2.5 <u>Информации од затворени извори на информации</u>

Собирањето на информации треба да биде раководено со користење на план за собирање. Планот за собирање на информации дава сигурност дека собирањето на информации останува фокусирано на разузнавачкиот продукт на кои што е ангажиран аналитичарот (анализа, профил, проценка, извештај). Собирањето на информации вклучува прибирање на информации од отворени но и од затворени извори кои се релевантни на описот за потребите на продуктот на кои што е ангажиран аналитичарот.

Затворените извори на информации се основен и изворен материјал за анализа кои директно ќе ја поддржат неговата аналитичка работа.Информациите од затворените извори на информации, треба да му бидат достапни на аналитичарот во форма на

оперативни извештаи или овој оперативен материјал може да биде содржан и систематизиран во повеќе бази на податоци.

Најчесто употребуваните затворени извори на информации од страна на криминалистичката анализа се користат следниве евиденции и бази на податоци:

**-Документација за криминал и инциденти**-(записници, документи од кривично правни настани (билтен на дневни настани)

**-Документација за притвор-**(Документи за уапсени и притворени лица)

**-Оперативни Извештаи за собрани информации од прикриени човечки извори на информации -**(Разузнавањето се однесува на информации кои биле собрани и проценети со употреба на системот 5x5x5, и се доставени за понатамошна обработка и анализа до единицата за криминалистичко разузнавање и анализа).

**-Полициски национални бази на податоци** (содржат детали за лица; возила; оружје, личните досиеа -вклучувајќи криминални и оперативни досиеа, алијаси, соработници итн.

-**Постоечки разузнавачки и аналитички продукти;**

**-Информации од користењето на Посебните истражни мерки**

Како затворени извори на информации достапни за анализата освен од полициските извори во работата на аналитичарот се користат и извори на информации од други организациски единици. Овде може да се вклучат:

-Достапност до затворени извори на информации - бази на податоци, извештаи од органи на правосудната полиција (Царинската управа, Финансиска полиција, Финансиско разузнавање, Јавно Обвинителство, Управа за Јавни приходи)

-Затворени извори на информации –извештаи и достапност до евиденции и бази на податоци од Казнено поправни установи и затворите (затворско разузнавање),

-Информации во вид на извештаи, барања од полициски тимови и сродни служби по област и ниво на криминал од држави од соседството и на поширок меѓународен план,

-Информации од партнери (канали) за размена на информации на меѓународно ниво преку (Интерпол,Европол, СЕЛЕК -центарот за координација на меѓународни случаеви од областа на организиран криминал и др.)

Улогата на аналитичарите е собраните криминалистичко разузнавачки информации, врз основа на претходно дефинирани задачи и цели, нивно интегрирање со користење на аналитички методи и техники, изведување на хипотези и заклучоци со цел давање на насоки и препораки на полициските служби заради предвидување, попречување и откривање на криминалните активности и нивните сторители.

Собраните и доставени информации од прикриените човечки извори на информации можат да бидат корисни во изготвувањето на разузнавачките продукти за тековните криминалистички истраги, да помогнат во поставувањето стратегиите, трендови и утврдување на приоритетите, но и преку истражувањето во одредена област на криминал да изготват продукти кои ќе ја приоритизираат проактивната работа. За таа цел анализата треба:Темелно да истражува, многу да чита, ефикасно да анализира, да поднесе извештај за резултатите и даде препораки, да има широко знаење за стратегиите за превенција на криминалот, политики за долгорочно намалување на криминалот и да знае „што функционира" во полициската работа и намалувањето на криминалитетот.

Разузнавачките продукти треба да пренесат информации до донесувачите на одлуки навремено и прецизно, на начин што ќе биде срдечно прифатен од страна на донесувачот на одлуки а продуктот ќе му послужи во носењето на одлуки во делот на распоредување ресурси, можности за превенција, селекција и утврдување на таргети, информативни брифинзи, подобро разбирање се со цел за постигнување на ефикасноста и ефективноста во планираните мерки и активности.

**3.2.6 <u>Разузнавачки и аналитички производи (продукти)</u>**

Анализата придонесува во секој од четирите разузнавачки продукти. Четирите разузнавачки продукти се: Стратешка Проценка; Тактичка Проценка; Профил на Субјект и Проблем Профил.

**<u>Стратешка проценка</u>** е продукт кој дава точен приказ за моменталните состојбите со криминалот и прекршоците, идентификување на закани од криминалот и прекршоците заради утврдување на стратешките цели и приоритети согласно идентификуваните закани, изготвување на стратегии и програми за работа на организационите единици во полицијата и идентификација на потребите од измени на нормативно правна легислатива. Стратешка проценка се изготвува периодично на 6 и 12 месеци, ги води состаноците на Стратешката и Тактичката група за

координација, ги информира донесувачите на одлуки, помага при воспоставување на контролна стратегија, информира / ги води разузнавачките потреби, овозможува донесување одлуки за ресурси.

**Тактичка проценка** е продукт кој во согласност со стратешката проценка ги идентификува и обработува актуелните појавни трендови на криминал, ги следи резултатите од превземените полициски мерки и активности, утврдување на моменталната состојба и нивниот напредок, со цел помагање во доносувањето на одлуки за превземање на дополнителни мерки и активности од страна на организациските единици во МВР согласно нивната надлежност. Тактичка проценка се изготвува еднаш во месецот, ги води состаноците на тактичката група за координација, ги разгледува приоритетите, го разгледува перформансот, влијае на тековните операции, идентификува актуелни трендови, жаришта и серија криминал, идентификува нови потреби и проблеми, ги разгледува разузнавачките планови, ги разгледува одлуките за ресурси.

**Профил на проблем** е продукт со кој се врши идентификување на определени криминални закани врз основа на релевантни информации и податоци за зачестено вршење на определни кривични дела и прекршоци, (време, место и начинот на извршување на кривичните дела и прекршоци), за лица за кои постојат основ на сомневање дека се сторители или се инволвирани во извршување на кривичните дела, како и за лицата кои се оштетени од кривичното дело. Се заснова на криминалистичкото разузнавање и дава придонес кон подобро разбирање за постоечки или нов тип на кривично дело, серија на кривични дела или инциденти, приоритетни локации или други идентификувани прашања од висок ризик.

**Профил на субјектот** е продукт за подобро да се разбере криминалецот или криминалната група каде постои разумна основа за инволвираност во планирање, подготвување или извршување на кривично дело.

„Профилот на една цел (таргет) е за конкретна личност и содржи доволно подробности за да се покрене таргетирана истрага/операција или да се поддржи тековната операција против поединец или вмрежена група поединци. Тој ги покажува врските со други истраги (на сите нивоа на моделот) и може да содржи профили на ризик на потенцијално опасни сторители. Врз основа на откриените разузнавачки податоци, профилот на една цел опфаќа толкување

на најдобриот тек на дејствување и предлози за пополнување на празнините во разузнавачката слика“. [86]

Криминалистичко разузнавачките продукти овозможуваат изведување на залучоци и препораки. Препораките се развиени следејќи ја анализата и идентификувањето на клучните заклучоци и информациските празнини. Аналитички препораки не се оперативни (работни) но ќе помогнат на оперативниот персонал да донесе одлуки за тоа како најдобро да се искористат достапните ресурси и тактики.

Разузнавачките продукти се со цел планско насочување на активностите на полициските служби, во донесување на одлуки за соодветна распределба на човечките и материјалните ресурси при планирањето и превземањето мерки и активности за откривање, расветлување, докажување или спречување на извршување на кривични дела во сузбивање на организираниот и сериозен криминал.

**3.2.7 <u>Задавање задачи и координација</u>**

Задавањето на задачи и координација како процес е средство на раководните работници во Бирото, со кое се одредуваат приоритети за работа (извршување), се насочуваат мерките и активностите, се менаџираат ресурсите, а во насока на превенирање на криминалот, водење на истраги со цел откривање и докажување на кривични дела и определување на криминалистичко разузнавачките потреби.

Задавањето на задачи и координација како процес во криминалистичкото разузнавање се изведува преку Групи за Задавање на Задачи и Координација.

Групите за задавање на задачи и координација својата функција ја вршат преку следење на годишните, кварталните или месечните извештаи и програми за работа, како и врз основа на заклучоците, насоките и препораките содржани во криминалистичко разузнавачките продукти

Групи за задавање на задачи и координација се стратешки и тактички работни тела кои функционираат на локално, регионално и национално ниво.

Групи за задавање на задачи и координација како работни тела се составени од раководител на група и членови.

Раководител и членови на Групи за задавање на задачи и координација се полициски службеници од редовите на раководната структура или од нив овластени полициски службеници, на надлежните организациски единици.

---

[86] Полициско работење водено од разузнавање- водич на ОБСЕ - Скопје,2017 год,стр.70

## 4.ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ

### 4.1Поим

"Во определувањето на поимот на организираниот криминалитет во социолошката литература егзистираат два пристапи. Според првиот, поширок пристап, овде станува збор за дејност на криминалните организации. Според вториот потесен пристап за постоењето на овој криминалитет не е доволно само постоењето на криминална организација (организациона димензија), туку и низа други услови како што се: да се рабооти за организирана дејност од стопански вид (криминална корпорација); да постои употреба на насилство за зачувување на позицијата на приоритет или монопол, поради ширење на профитот, но низа финансирање на убиства со цел за спречување на примената на правото или донесување на политички одлуки кои ги загрозуваат и корупција на полициската, судската и политичко- извршната власт.[87]

### 4.2 Концептот на организиран криминал

„Најстариот мултинационален концепт на организиран криминал (1998 година), официјално изнесен во меѓународниот обврзувачки документ е дефиницијата за заедничка акција на криминалната организација, усвоена на ниво на ЕУ:

„Криминална организација значи структурирано здружение, формирано пред извесен временски период, сочинето од две или повеќе лица, кои делуваат на организиран начин во насока на вршење на кривични дела кои се казнуваат со лишење од слобода или наредба за притвор во времетраење од најмалку четири години, или потешка казна, без оглед на тоа дали ваквите кривични дела се крајна цел сами по себе, или претставуваат начин за да се добијат материјални придобивки, и кога е соодветно, влијаат врз државните органи со што се отежнува нивната операција."

Како и да е, иако беше усвоена како Заедничка акција, никогаш не беше ратификувана во ниту една од земјите членки на ЕУ.

---

[87] Котовчевски М., Облици на криминално делување на транснацоналниот криминал, Филозофски факултет, Институт за одбранбени и миро вни студии, 2005 и https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2014/09/kriminalitet.pdf Асистент м-р Марјан Габеров (Европски универзитет Р.М. – Факултет за правни науки) Септември, 2014 г

Советот на Европа – во својата Препорака (Пр. бр. 11 од 2001 година) – усвои слична дефиниција за „организирана криминална група“ без притоа да го ограничи доменот на транснационалните кривични дела. Конвенцијата на Обединетите Нации за борба против транснационалниот организиран криминал (UNTOC) може да се смета за најзначаен обид се до денешен ден глобално да се усогласи концептот на организираниот криминал. Конвенцијата влезе во сила во септември 2003 година. Се до месец јуни, 2006 година, таа е потпишана и ратификувана од страна на сите проектни области, од страна на голем број на земји членки на Советот на Европа и ЕУ (во моментов од страна на 19 земји). На овој начин, Конвенцијата е најрелевантниот правен инструмент за Европа и за регионот. UNTOC се применува за тежок криминал, корупција, перење пари и попречување на правдата, само ако кривичното дело е транснационално по карактер и ако вклучува организирана криминална група, како што е дефинирано во Конвенцијата. Согласно член 2:

(а) „Организирана криминална група“ значи структурирана група од три или повеќе членови, која постои одреден временски период и која делува организирано, со цел вршење на едно или повеќе криминални или кривични дела утврдени во согласност со Конвенцијата, со цел да се добијат, директно или индиректно, финансиски или друг вид на материјални придобивки;

(б) „Тежок криминал“ значи водење на утврдени кривични дела кои се казнуваат со максимално лишување од слобода во времетраење најмалку од четири години, или потешка казна;

(в) „Структурирана група“ значи група која не е случајно формирана за итно вршење на кривично дело и за која е потребно да се дефинираат формално улогите на членовите во неа, континуитетот на членството или развојната структура„. [88]

„При дефинирањето на криминалот или криминалните групи како „организиран криминал“:

Задолжителни критериуми:

1. Соработка на три или повеќе лица
2. За подолг временски период или за неодреден

[88] https://rm.coe.int/16806ef3a1,стр14

времнски период

3. Осомничени или обвинети за вршење на тешки кривични дела

4. Со цел остварување добивка и/ или моќ

Незадолжителни критериуми:

5. Доделување посебна задача или улога за секој учесник

6. Користење на одредена форма на внатрешна дисциплина и контрола

7. Употреба на насилство или други средства соодветни за заплашување

8. Влијаење врз политиката, медиумите, јавната администрација, полицијата, владеењето на правдата или економијата преку копрупција или со употреба на други средства

9. Употреба на трговски или бизнис структури

10. Вклученост во перењето пари

11. Делување на меѓународно ниво.

Покрај минималните карактеристики (задолжителни критериуми, од точка 1 до точка 4), најмалку два од незадолжителните критериуми мора да бидат применливи за да се квалификува една криминална група како организирана криминална група. Ваквиот пристап има предност, а тоа исто така значи дека можат да бидат вклучени и правните ентитети или професионалци вмешани во невообичаените и тешки форми на организиран и економски криминал“. [89]

Под <u>транснационален организиран криминал</u> се подразбираат криминални групи кои имаат организатор (или организатори) во една држава, но поради обемот на криминалните активности делуваат во други држави.

<u>Мултинационалниот организиран криминал</u> подразбира здружени криминални групи од поедини држави, така што нивното делување се одвива во поголем број држави. Најпосле,

<u>Глобален организиран криминал</u> ги подразбира сите појавни облици на групите на организираниот криминалите во светот.” Иако во сите овие поими има определени разлики во нијанси, сепак суштински се работи за еден ист поим во различни варијации, при што организираните криминални групи делуваат во повеќе држави. Оттука, сметам дека појмовната содржина на сите овие варијации може да се опфати

---

[89] https://rm.coe.int/16806ef3a1 стр.27-32

во еден поим, кој што конвенционално може да биде определен како транснационален организиран криминал“.[90]

„И понатаму спречувањето и контролирањето на организираниот криминал останува да биде двосмислен концепт, формиран преку перцепцијата на она што ја сочинува формата на криминал која претставува најголема закана за општеството и која е поттикната од различните политички и институционални интереси. Се одвива во динамичен контекст кој нуди нови можности за организираниот криминал и бара одредено ниво на приспособување како од страна на криминалците, така и од страна на агенциите за спроведување на законот. Оформен е преку општествениот, економски и политички контекст во кој тој функционира, преку сложените односи меѓу организираните криминални групи, државата и општеството. Стариот концепт на хиерархиска и строга организирана криминална група е сега веќе променет во концепт на акционерско учество на членовите во организираниот криминал, со добро развиени структури за непостојани и флуидни мрежи, употребувајќи брзи и безбедни средства за комуникација, што уште повеќе ја отежнува задачата за идентификување и анализирање на организираниот криминал.

Повременото поврзување или понекогаш погрешното толкување на концептите на организиран криминал и тероризам придонесуваат кон појава на уште една двосмисленост, од која понекогаш произлегува погрешно поврзување меѓу тероризмот и одредени методи преку кои истиот се финансира или се преземаат акции. Организираниот криминал и тероризмот се – пред се – различни концепти. Првично, организираниот криминал има за цел да обезеди финансиски или друг вид на материјални добивки, додека тероризмот се занова на недискриминирачко насилство со цел да се променат воспоставените правни и уставни наредби и политики. Најголем дел од криминалните групи и мрежи во Европа се вклучени во финансиски измами и други форми на економски криминал, производство и трговија со дрога и криумчарење и трговија со луѓе, но не и со активности кои се поврзуваат со тероризмот. Како и да е, постојат одредени сличности и врски меѓу организираниот криминал и тероризмот, со тенденција тероризмот да конвергира во организиран криминал – а се повеќе и

[90] https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2014/09/kriminalitet.pdf,стр.5

повеќе постојат добри причини за да се доведе во прашање односот меѓу организираниот криминал и економскиот криминал со светски распостранетиот тероризам, што се чини дека е особено точно за al-Qaeda. Терористите имаат потреба од средства за да ги вршат нивните напади. Можноста да прибираат и да пренесуваат финансиски средства, да се снабдуваат со оружје, да регрутираат и да обучуваат кадри и да комуницираат, пред се со употреба на Интернет, е од клучно значење за нив. Сепак, постојат одредени терористички групи кои можеби ги финансираат нивните активности преку одгледувањето на дрога и нелегалната миграција, други терористи делуваат преку децентрализираните мрежи, кои, кога веќе еднаш подигнале и направиле трансфер на пари преку формални канали и други легитимни извори, како што се приватните бизниси и извори, како што се приватните бизниси и добротворни организации, сега применуваат методи кои многу потешко можат да бидат контролирани, како што се употребата на куририте за пренос на готовина и системите за алтернативни дознаки (ARS), методи за кои понекогаш се користи терминот „подземно банкарство“.[91]

4.3 **Владина и економска средина**

„Карактерот на државата и политичките институции се чини дека се критички, одлучувачки фактори за организираниот криминал. Општи теми, во поглед на политиката и владеењето, како и дифузијата на овластувањата и променливата улога на државата. Ваквите промени се предизвикани од завршетокот на Студената војна, најразлични закани, какви што се конфликтите во рамки на државата и етничките конфликти, меѓународниот тероризам, олеснувањето на пазарот, децентрализацијата и глобализацијата, слободното движење на лица и стоки, и како никогаш до тогаш, зголемената улога на недржавните актери, какви наднационалните владеачки стуктури (ЕУ,ICTY и други меѓународни институции), транснационални компании и зголеменото влијание и моќ на приватните компании за обезбедување.

Таквото мешање на овластувањата покренува прашања кои се однесуваат на

[91] https://rm.coe.int/16806ef3a1, стр15/16

државните приоритети за контролирање на криминалот“. [92]

„Југоисточна Европа има свои посебности кога станува збор за предизвиците за политиката и владеењето, За да се постигне ова, како во поглед на создавање на нови институции и законодавна рамка, така и во однос на реформирање на старите, се наметнуваат големи напори за веќе постоечките институционални капацитети кои се оштетени од војната и државната каса. За оние земји кои се покажаа како најуспешни во постигнувањето, се појави потешкотија во примената на новите алатки, што беше двојно зголемено со недостатокот на техничка опрема за нивна примена“.[93]

„Општествата во Југоисточна Европа и понатаму продолжуваат да ја сметаат корупцјата за значаен проблем. Како што легалната трговија станува се поглобална, така станува поглобална и трговијата на класичните криминални пазари, како што е трговијата со дрога, оружје, возила, цигари, како и други нетрадиционални стоки. Имајќи ја предвид несиметричноста на човечкиот развој – фактор за појава на миграцијата – луѓето се повеќе и повеќе стануваат вредна стока, па затоа се јавува криумчарењето, трговијата на луѓе и нивното злоупотребување за вршење работа или нудење сексуални активности.Новите можности за измама, финансиски криминал, фалсификување и други форми на економски криминал нудат можност за далеку поголема заработувачка, со помалку ризици, во голема мера потпирајќи се на нејасното разликување меѓу законските економски и финансиски активности. Во Југоисточна Европа, даночните и царински измами, стапката на капитал и приватизациската измама се чини дека претставуваат проблем за постоење на поголема загриженост отколку традиционалниот криминал. Ова е резултат на тоа што пред се влијанието од економскиот криминал се чувствува во самите земји, повеќе отколку надвор од нивните граници. Разликата меѓу легитимните претпријатија кои се служат со незаконски средства во водењето на бизнисот и вршат реинвестирање преку кривични дела за стекнување на имот со цел да се одржи она што се смета за легитимна економска активност, од една страна, и

[92] https://rm.coe.int/16806ef3a1 стр. 33
[93] https://rm.coe.int/16806ef3a1,стр 34

формирање на организирани криминални групи за цели на вршење на економски криминал кои ќе бидат управувани на начин како бизнис компании, од друга страна, не е многу јасна. Реинвестирањето преку вршење на кривични дела за стекнување на имот, кое се јавува како последица, во законската економија е придружено со корупција и од нив произлегува сериозната загриженост во однос на довербата на јавноста во судските и владеачки институции“. [94]

„Организираниот криминал се заканува на мирот и безбедноста на луѓето, го загрозува уживањето на човековите права и го поткопува економскиот, социјалниот, културниот, политичкиот и граѓанскиот развој на општествата ширум светот.Органите за спроведување на законот, сепак, можат да истражат само мал процент од информациите и разузнавањето што ќе го добијат за организираниот криминал и организираните криминални мрежи во рамките на нивните надлежности. Оттука, проценката на сериозноста на овие закани и одлуката за приоритети и распределувањето на расположливите човечки, финансиски и технички ресурси е од витална важност. Моделот на полициско работење водено од разузнавање ја дава потребната рамка за модерен пристап и за организациските структури да го усвојат она што вообичаено се препознава како единствена остварлива опција за справување со транснационалниот организиран криминал, имено, анализата на податоци и информации, споделувањето и соработката, осврт на идентификувани и проценети закани на приоритетен и таргетиран начин“.[95]

„Сериозниот и организиран криминал ќе остане високо динамичен и брзо ќе ги експлоатира промените во поширокото опкружување. Органите за спроведување на законот се соочени со предизвикот да држат чекор со технолошките иновации и растечките комплексни криминални потфати што продираат во сите сектори на економијата и општеството - истовремено лимитирајќи ги своите расходи или, во многу случаи, справувајќи се со буџетите што се намалуваат. Отсликувајќи го криминалот, полициското работење станува покомплексно и борбата со криминалците сега

[94] https://rm.coe.int/16806ef3a1 стр 35/36
[95] Полициско работење водено од разузнавање,стр.58

бара досега непознато ниво на специјализација и експертско знаење. Органите на прогонот ќе мора да најдат начини да ги помират буџетските ограничувања со потребата од високо специјализирано знаење. [...] Напредната анализа на криминалистичко разузнавачките информации, може да помогне на органите за спроведување на законот да им дадат приоритет на нивните напори и да се вклучат во, навистина, умното и оптимално полициско работење водено од разузнавање."[96]

Моделот на полициско работење водено од разузнавање во Република Северна Македонија, во делот на сузбивањето на организираниот и сериозен криминал се води од стратешкиот документ „Проценка за заканите од организираниот и сериозен криминал". Донесените одлуки од страна на управувачите на стратешко ниво во земјава предвидени во овој документ ќе значат задачи и обрски за организациските единици на тактичко ниво.

„Сериозниот и организиран криминал претставува најсложен и најопасен криминал, кој се заканува на безбедноста во земјата, економијата, владеењето на правото, демократијата и ја зголемува ранливоста на земјите, вклучувајќи ја и Република Македонија. Истиот е динамичен, флексибилен, вклучува голема разновидност на криминални активности, и поврзан е со легитимни бизниси. Превенцијата и сузбивањето на сериозниот и организиран криминал во голема мерка ќе зависи од познавањето на целокупната слика за овој криминал и последиците од неговото дејствување".[97]

„Проценката на закани од сериозен и организиран криминал претставува стратешки извештај чија цел е да ги идентификува моменталните закани, да ги одреди приоритетите и да предложи идни активности за елиминирање или намалување на заканите. Изработката на овој документ ќе придонесе за подобро и пошироко разбирање на криминалните феномени и ќе служи како аларм, кој во наредните години ќе сигнализира на нови и значајни криминални активности".[98]

„Проценката, пред сè, ќе им помогне на донесувачите на одлуки, на агенциите за спроведување на законот, како и на сите засегнати страни во решавањето на предизвиците од областа на транснационалниот организиран и сериозен криминал

[96] Полициско работење водено од разузнавање,стр.59
[97] https://mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/publikacii%20pdf/SOCTA_v_11_03_2016_facing.pdf стр.7
[98] Ibid

во време на глобализација каде што граничните линии не претставуваат никаква препрека за криминалците. Воедно, ќе помогне во преземање на иницијативи за ефикасно дејствување против сериозниот и организиран криминал во насока на подобра превенција, интервенција и соработка, за да се обезбеди сигурност во земјата, да се зголеми довербата на јавноста, и ефективно да се штити државата и нејзините граѓани од последиците на овој криминал".[99]"

Стратешкиот документ „Проценка на заканите од сериозниот и организиран криминал" е проценка на сегашните и очекуваните закани од областа на организираниот и сериозниот криминал кои се однесуваат на нашата држава и преставува основа за да се постави (контролната стратегија)-да се определат приоритетите за разузнавањето, спроведување на законите и превенцијата. Целта на овој документ координиран од страна на стратешка група за давање на задачи и координација го опфаќа и распределувањето на ресурсите и креирање на политики кои се потребни за остварување на контролната стратегија (реализирање на зададените приоритети) во борбата против организираниот и сериозен криминал.

Борбата против сериозниот и организираниот криминал е стратешки приоритет на Министерството за внатрешни работи. Основа за поставување на приоритетите за борба против криминалните групи инволвирани во вршење на кривични дела од областа на организираниот и сериозен криминал се предвидени како моментални и идни закани и се содржани во „Проценката на закани од организираниот и сериозен криминал". Оваа проценка е направена да им овозможи на носителите на одлуки да преземат соодветни мерки за справување со заканите во државата.

Подолу во текстот е даден сегмент од Проценката за закани од организиран и сериозен криминал на Р.Македонија за период 2016-2019 година. За период 2020 година до 2023 година ќе се изготви нова Проценка на закани од организиран и сериозен криминал.

[99] Ibid

## 4.4 <u>Криминалистичко релевантни фактори кои се земаат предвид при изготвувањето на Проценката за закана од организиран и сериозен криминал во Р.С Македонија</u>

„Геостратешки нашата држава се наоѓа во централниот дел на Балканскиот полуостров и на раскрсницата од главните коридори исток-запад и север-југ што резултира со зголемен проток и промет на патници, што има влијание на транзитот и транспортот на нелегални стоки, пред се на дрогата. За ваквата состојба придонесуваат и соседните земји кои произведуваат нелегални стоки (дрога и цигари), а територијата на нашата држава ја користат како транзит земја до крајните потрошувачи. Различните нивоа на економска развиеност во земјите во регионот, неусогласеноста на фискалната политика и големата разлика на цените на одредени стоки во земјите во регионот, го стимулира криумчарењето на стоки. Роднински, пријателски, работни и други врски со дијаспората во Европа, го олеснуваат вршењето на криминалот обезбедувајќи логистичка и финансиска поддршка. Инфилтрирањето на легални бизниси го олеснува криминалот и тоа како средства за транспорт и места за складирање, а предизвикуваат и нелојална конкуренција на пазарот. Одбегнувањето да се платат давачките кон државата доведува до создавање нелојална конкуренција во однос на стоката која е внесена во државата со платени давачки. Со актуелизирањето на легализацијата на марихуаната и нејзината употреба за медицински цели во регионот, се зголемува социјалната толеранција што го олеснува вршењето на овој криминален бизнис. Постои "прикриена" толеранција од страна на албанската етничката заедница во средината каде што живеат членовите на криминалните групи кои се занимаваат со оваа криминална активност така што не се пријавуваат криминалните активности поради страв од одмазда. Социјална толеранција е делумно присутна и при криумчарењето, особено во пограничните места на македонско-бугарската граница, каде што живеат лицата кои се занимаваат со овој вид на криминал. Нецелосното применување на законската регулатива од страна на правосудните органи со неизрекување мерка конфискација на имот, кога е евидентна несразмерност помеѓу постојната имотна состојба и легално остварените приходи, за лица инволвирани во криминални активности им овозможува на членовите на криминалните групи лесно да ги обноват врските во криминалните кругови и да продолжат со криминалните активности.

**Организирани криминални групи**

„Организираните криминални групи се инволвирани во недозволена трговија со дрога, криумчарење мигранти, насилен и сериозен криминал на национално и меѓународно ниво. Околу 26% од организираните криминални групи се поликриминални и делуваат во повеќе од една област на криминал. Поврзувањата на членовите во организираните криминални групи најчесто е врз основа на семејна или пријателска врска. Повеќе од половината организирани криминални групи се од средна големина во кои членуваат од пет до 14 членови. Стекнатите финансиски средства од криминалните активности се перат преку инвестирање на финансиските пазари, во легални бизниси, движен и недвижен имот. Мал број од организираните криминални групи применуваат корупција во нивното криминално делување, која што е особено изразена кај службеници во спроведување на законот од пониско ниво и влијание во судски процеси за нивни членови“. [100]

„Согласно националното законодавство во нашата држава, криминалот од организирана криминална група (ОКГ) се дефинира како кривични дела извршени од структурирана група од три или повеќе лица, која постои одреден временски период и дејствува со цел да изврши едно или повеќе кривични дела за кои е предвидена казна затвор од најмалку четири години, со намера директно или индиректно да стекне финансиска или друга корист“.[101]

„Областите на криминал во кои најчесто делуваат ја вклучуваат нелегалната трговија со дрога, насилниот и сериозен криминал. Најголем дел од ОКГ се основани од членови кои сѐ уште се активни во групите, постои континуитет во членувањето и ретко се менуваат организаторите на групите. ОКГ кои се основани исклучиво од краткорочен криминален интерес, немаат континуитет во извршувањето на криминалните активности. Поврзувањето во структурата на ОКГ најчесто се карактеризира врз основа на семејна основа и пријателски криминални интереси, што особено е изразено во врвот на структурата кај ОКГ кои делуваат подолг временски период. Етничката припадност на членовите на ОКГ обезбедува хомогеност во групата.

[100]https://mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/publikacii%20pdf/SOCTA_v_11_03_2016_facing.pdf стр.17
[101]https://mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/publikacii%20pdf/SOCTA_v_11_03_2016_facing.pdf стр.14

Организираните криминални групи кои делуваат подолг временски период се најчесто инволвирани во областа на недозволена трговија со дрога и насилниот и сериозниот криминал. Мал е бројот на ОКГ кои делуваат во економскиот криминал. Според финансиската моќ, поголемиот дел од ОКГ не располагаат со големи финансиски средства, што ја ограничува нивната достапност до ресурси. ОКГ кои се стекнале со релативно поголема финансиска моќ, дел од финансиските средства стекнати од криминалните активности, ги внесуваат во легален промет преку легалните бизниси кои ги поседуваат, инвестирање во недвижности, луксузни возила, угостителски објекти и финансиските пазари. Големата финансиска моќ на ОКГ им го олеснува регрутирањето на нови членови во пониските структури на групата и за коруптивни активности. Легалните бизниси од страна на ОКГ се користат за зголемување на нивната финансиска моќ, прикривање на криминалните активности во и надвор од државата, перење пари и инвестирање на нелегално стекнатите средства во движен и недвижен имот. Поголемиот број од легалните бизниси коишто наменски се отвораат од членовите на ОКГ, најчесто имаат дејност за транспорт, а истите се користат за криумчарење нелегални стоки. Организаторите и членовите на ОКГ во правните субјекти се јавуваат во улога на основачи и управители на повеќе правни субјекти преку кои се врши уплата на парични средства, со цел да се прикрие вистинското потекло и како лица кои се дел од менаџерскиот тим со доминанта улога во одлучувањето. Нивна единствена цел е прелевање на капитал од еден во друг легален бизнис заради стекнување на капитал на штета на други правни лица. Коруптивните активности се застапени кај мал број од ОКГ, кои корумпираат службеници од спроведувањето на законот од пониско ниво, за дејствија кои им го олеснуваат вршењето на криминалните активности и обезбедуваат нивна заштита. Методите на корупција кои се применуваат од страна на ОКГ се проверени, веќе користени и се прилагодуваат на моменталните услови на криминалната активност. Коруптивното влијание врз органите за спроведување на законот на ОКГ, покрај прикривање на криминалните активности, им обезбедува знаење за тактиките и техниките на откривање на криминалот и обезбедување докази. Преку ова знаење ОКГ ги планираат своите контра мерки. Експертиза е застапена заради прикривање на криминалните активности и избегнување на законите. Од страна на ОКГ се користат експерти или технички алатки за одредени криминални активности преку користење на стручни знаења на сопствените членови или специјализирани стручни лица од легалните бизнис структури. Покрај

експертизата од лица кои ги познаваат законите, ОКГ користат стручни знаења во делот на нелегалната трговија со дрога, експертиза при легализирање на криминално стекнат имот и перење пари. Заштита на криминалните активности, најголемиот дел од ОКГ ја обезбедуваат преку употреба на едноставни и традиционални контра мерки од типот на директни лични средби при договарање на криминалните активности и користење методи на обезбедување на рутите на транспорт при криумчарење стоки. При вршењето на криминалните активности преку државната граница, ОКГ често употребуваат технички средства за заштита од набљудување. Одредени членови на ОКГ вршат промена на лични податоци или користат двојно државјанство заради слободно движење во државите на западна Европа, каде што претходно се регистрирани како извршители на кривични дели и имаат забрана за влез. Насилството во ОКГ се применува само во изолирани случаи при извршување криминални активности во рамките на групата и надвор од неа. Поради хиерархиската подреденост и високо ниво на лојалност кон организаторите, насилството во ОКГ се применува заради одржување дисциплина во сопствените редови и стекнување моќ и почит во средината во која што делуваат. Насилството е карактеристично за ОКГ инволвирани во НТ со дрога и насилен криминал, манифестирано преку методи за изнудување со лични и телефонски закани, употреба на огнено оружје и оштетување на имот. Дел од ОКГ користат низок степен на закани преку употреба на физички напади, вербални закани и предизвикување физичко насилство со цел заплашување на жртви и сведоци во судска постапка. Најголем број на идентификуваните ОКГ немаат сопствена стратегија и делуваат на локално и регионално ниво, а дел покажуваат тенденција да се прошират и на меѓународно ниво. Делуваат на традиционален начин, со строга хиерархиска поставеност и поделеност на улогите и обврските во групата. Членовите на ОКГ кои се формираат исклучиво од финансиски интерес, сѐ без силна хиерархиска структура и многу често дел од нивните членови соработуваат и со други ОКГ. Соработка со други ОКГ во и надвор од државата остваруваат особено при набавката, транспорт и продажба на дрога и криумчарење мигранти. Најголемиот дел од ОКГ немаат поврзаност со криминално – екстремистички групи. Постојат индиции дека дел од членовите на ОКГ имаат семејни врски со лица кои биле инволвирани во криминално – екстремистички активности и имаат повремена соработка со други криминални и екстремистички групи. Членовите на една ОКГ се радикални и екстремни во своите активности и истите делуваат на меѓународно ниво. Контролата

во областа на делување не е карактеристика за мнозинството на ОКГ во Република Македонија, но исклучок се ОКГ која е инволвирана во НТ со дрога и ОКГ која делува во злоупотребата на службената положба и овластување. Организираната криминална група којашто делува во областа на НТ со дрога има високо ниво на контрола на нарко-пазарот, додека ОКГ која делува во злоупотребата на службена положба и овластување е активна во давање поткупи и примање награди за издавање дозволи за работа и монополот во делувањето го обезбедува преку политичкото влијание на лидерот. Ефектот на ОКГ врз средината е забележителен во изолирани случаи преку „прикриена" толеранција од страна на локалното население каде што живеат членовите на ОКГ, главно мотивирана делумно од т.н. лојалност кон етничката припадност, а делумно поради огромната финансиска моќ која се манифестира од страна на членовите и стравот од одмазда од страна на ОКГ. „Прикриена" толеранција е застапена кај некои етнички заедници во средината каде живеат членовите на криминалните групи и се манифестира со непријавување на криминалните активности поради страв од одмазда, а големата и брза заработувачка е пресудна за голем број млади луѓе да се вклучат во криминалните активности."[102]

### 4.5. <u>**Значењето на Прикриените човечки извори на информации во реализирањето на проценката на закани од организиран и сериозен криминал**</u>

При изготвувањето на овој документ од страна на криминалистичко разузнавачката анализа се користат расположливите извори на информации меѓу кои и доставените криминалистичко разузнавачки информации собрани од Прикриените човечки извори на информации.

Со цел добивање на вистинска слика за заканите од организираниот и сериозен криминал неопходно е информациите да бидат соодветно обработени и проценети во однос на веродостојноста на информациите и доверливоста на изворот.Релевантните информации ќе ни ја прикажат сегашната состојба со заканите по области на криминал, но ќе дадат и визија за можните закани од организиран и сериозен криминал. Планирањето на приоритети по области на криминал согласно проценката ќе значи одредување на конкретни криминални групи на тактичко ниво и насочување на разузнавањето во прибирање на потребните

[102] Ibid, стр 14

информации.

Во делот на реализација на целите на стратешката проценка прикриените човечки извори на информации се раководат насочено за прибирање на информации во приоритетните-воспоставени криминалистички истражувања.Покрај собирањето на насочени информации за потребите на воспоставените приоритети, преку прикриените човечки извори на информации се собираат информации и проактивно за криминални настани и појави кои откако ќе бидат проценети се доставуваат до криминалистичко разузнавачката анализа. Со користењето на соодветни аналитички алатки и техники собраните информации со проактивен пристап кои во моментот не се дел од насочената и приоритетна работа, заедно со информации од други извори допринесуваат на тактичко и на стратешко ниво, за идентификување на индикатори-показатели во одредувањето на трендовите, исполнувања на препораките во разузнавачките продукти и при носењето на одлуки и креирање политики од страна на управувачкиот тим.

При реализирањето на проценката за закана од организиран и сериозен криминал во делот на приоритетите за разузнавањето, надлежната организациона единица за работа со Прикриени човечки извори на информации е вклучена со задача да собира информации. Собирањето на информации се реализира со планот за собирање на информации преку насочување на регистрирани прикриени човечки извори со конкретни задачи во реализирање на приоритетите преку воспоставените криминалистички истражувања. За потребите на приоритетите ќе селектира и воспоставува однос на соработка со потенцијални лица и преку процесот на работа со прикиени човечки извори ќе ги наочува и раководи во собирањето на потребните информации за реализирање на целта на проценката во делот на сузбивањето на организираните криминални групи.

Користењето на Прикриените човечки извори на информации како затворен извор за собирање информации за криминални групи инволвирани во вршење на кривични дела од областа на организираниот и сериозен криминал неопходно е:

"• Да се воведат доволен број заштитни механизми за да се заштитат човековите права на луѓето споменати во информациите собрани за цели на анализата.
• Да се воведат неопходните мерки на заштита за да се заштитат идентитетот и сигурноста на прикриените човечки извори на информации и сигурноста на свиркачите.

• Во рамките на важечките домашни и меѓународни законски рамки, кодовите за обработка на класифицирани информации и законите за заштита на личните податоци, властите треба да дозволат споделување податоци и информации меѓу државните органи и другите официјални институции.
• Релевантните органи може да направат формални аранжмани што дозволуваат стекнување и користење релевантни податоци и информации од извори што се надвор од државните институции, вклучувајќи ги локалните власти, невладините организации, граѓанското општество, приватниот сектор, регионалните и меѓународните организации, медиумите и јавноста, под услов тие аранжмани да се во границите на важечките домашни и меѓународни законски рамки. Овие аранжмани, исто така, мора да обезбедат соодветни заштитни мерки за да се осигураат дека властите не стекнуваат пристап кон ваквите податоци спротивно на стандардите за човековите права и заштитата на податоци.
• Националните системи за евалуација на информации, вклучувајќи ги и кодовите за ракување и дисеминација на информации, треба да се утврдат и воведат со формална одлука.
• Сите службени лица на органите за спроведување на законот треба да се добро запознати со овие кодови и да ги применуваат на сите информации што ги добиваат и поднесуваат“.[103]

Професорот Д-р Цветковски Гроздан, во своето дело „Македонскиот октопод“, објавено во 2008 година, ги дава реалните и потенцијални тенденции на влијание на постмодерниот организиран криминал во Република Македонија. Во продолжение се наведени тенденциите и предизвиците за Македонското општество за справувањето со заканите од појавните облици на организираниот и сериозен криминал.Карактеристично е што во 2008 година, се манифестирале како моментални закани со проценка за нивна експанзија во наредните години.Иако одамна наведените тенденции во текот на годините еволуирале и денес преставуваат закана и можат да се препознаат како компоненти во повеќе облици на кривични дела од областа на организиран и сериозен криминал. Во прилог се наведени најзначајните.

[103] Полициско работење водено од разузнавање, OBSE, Скопје,2017 год, стр.49

„-Формирање на етнички, наместо граѓански политички партии, со што се воспостави модел на монополизирање на избирачите прку авторитарна и централна партиска контрола. Лојалноста послушноста и зависноста беа во директна корелација со решавањето на егзистенцијалните проблеми на граѓаните, нивниот успех во бизнисот и активно учество во јавниот живот“[104].

“-Брзо партизирање на институциите на сиситемот, што генерираше корупција, партиско политички пазарења, бизнис лобирања и негативна кадровска селекција. На тој начин се создаде паралелен систем на вон нституционално функционирање на државата што директно се одрази на демократскиот капацитет и ефикасноста на институциите.

-Постепено создавање на криминални мрежи и нивно пенетрирање во институциите на сиситемот, вклучително во полицијата, царината, судовите со што организираниот криминал започна да се институционализира.

-Нарушување на ембаргото кон СРЈ и блокадата од Грција.

-Атентатот врз председателот на државата- со која се навести рекомпозиција на системот и се покажа дека зад кулисите на „оазата на мирот “, егзистира „оаза на криминал и корупција“

„-Дефектот и криминален модел на приватизација, Организирањето на пирамидални штедилници, кулминација во Р.Македонија се случи во 2001 година во атипична војна. Во овој вооружен судир меѓу легитимната држава и паравоената „Ослобободителна национална армија“најмногу профитираа криминалните структури без оглед на нивната етичка припадност.Тој истовремено беше нус-продукт од симбиоза меѓу криминални мрежи на албанската заедница и корупцијата во македонските институции„. Без оглед што организираниот криминал не беше единствениот извор за финансирање на ОНА, тој имаше клучна улога во нејзината трансформација во воена организирана

---

[104] Цветковски, Гроздан, Македонскиот октопод, Силсонс, Скопје 2008 год, стр. 216

сила, а потоа и во политичка партија која се инсталира во власта. На тој начин, организираниот криминал, посредно, но и директно ја делегитимира Република Македонија во слаба и неотпорна држава“. [105]

„Во овој период се покажа дека на ранг листата на најпрофитабилни криминогени дејности во Р.Македонија се трговијата со наркотици и оружје, перењето пари, и „борбата за човекови права“ и дека за генерирањето на организираниот криминал беа неопходни три елементи;криминални структури, валакни пари и врски со политиката“.[106]

„Фактот што Република Македонија не располага со големи економски и финансиски ресурси, реално ги лимитира можностите на македонскиот организиран криминал“.[107]

„Ваквата економска моќ на земјата значи дека сеуште не постојат објективни можности за самостојно делување и меѓународно етаблирање.“според матрицата на класични криминални организации, туку само како огранок или холдинг на соседните и регионални транснационални структури (албански, србски, бугарски, турски)“.[108]

„Иако веќе дефинитивно може да се констатира дека криминалната приватизација преставува минато време сепак инвентивноста на македонскиот октопод во перспектива како нов извор на профит може да ги стави на дневен ред злоупотрбата на евро фондовите и финансирањето на инфраструктурни проекти во Р.Македонија“.[109]

„Важна тенденција може да биде настојувањата за заземање на стратегиски позиции во индустриското производство националните и меѓународната економија и финансии и инкорпорирањето во сферата на висока технологија“.[110]

---

[105] Цветковски, Гроздан, Македонскиот октопод, Силсонс, Скопје, 2008 год, стр. 217/218
[106] Ibid стр 218
[107] Ibid стр.219
[108] Ibid
[109] Ibid
[110] Ibid

„Феноменот на организираниот криминал е во неговото „преплетување "со државата т.е. опортунитетот, спрега со институциите и соработка со власта независно од тоа која владејачка гарнитура е во прашање и без оглед на тоа која политичка партија е на власт. Немањето на политичка волја т.е и не применувањето на законите, ќе го толерира и стимулира организираниот криминал и ќе оневозможува негово доследно и ефикасно спречување."[111]

„Организираниот криминал во Р.Македонија најнепосредно е поврзан со бизнисот (криминална приватизација, кршење на меѓународното ембарго, криумчарење на акцизни стоки, неплаќање на царински даноци, нетранспарентни јавни набавки и продажба на објекти,нелегално финансирање на политички партии итн), а во споредба со некои други земји од регионот во многу помала мера се манифестираат уцени, изнудувања, нарачани убиства и слични организирани форми на криминал. Карактеристично е што одредени облици на организиран криминал, како што се трговија со луѓе и криумчарење мигранти, дрога и оружје, не се реализираат со инволвираност на високи државни структури, туку со индивидуална и лоби или партиска поврзаност со преставници на пониски нивоа на државна и партиска власт. Значи, организираните криминални групи во Р.Македонија не преставуваат организација од типот на монокартел т.е. не се наоѓаат под заедничко раководство на директна криминална дејност.Тие се уште немаат доволно длабоки корени во политиката и таков моќен потенцијал да ја загрозат економската и финансиска стабилност на државата како што беше случај во останатаите држави од регионот".[112]

"Оттука, предвидувањата и оценките за можните трендови на организиран криминал во Р. Македонија во наредниот период, треба да се лоцираат на два пункта.

Првиот е можна ерозија на системот поради непринципиелните партиски коалиции, корупција и отсуство на државнички институционален капацитет.Фактички рамковниот договор функционира врз основа на изнудување

---

[111] Цветковски, Гроздан, Македонскиот октопод, Силсонс, Скопје, 2008 год, стр.211
[112] Ibid, стр. 213/214

во Владата.Доколку Македонска партија во власта сака да донесе одреден закон кој е неприфатлив за Албанската заедница, таа мора да се договори и да отстапи по некое друго битно прашање, кое пак е неприфатливо за Македонците, Така, интересите на политичките партии секогаш се поставуваат над интересите на државата.

Вториот е постоењето на услови за симбиоза меѓу структурите на организираниот криминал и тероризмот, кои преку контакти и кооперирање со екстремисти за заедничко користење на шверцерски канали, давање на логистичка подршка, перење пари, продажба на оружје и подготвување на терористички акции, имаат завиден ресурс за дестабилизирање на државата.

При тоа, второстепено ќе биде самооценувањето на секоја актуелна власт дека направиле огромни напори за безбедносната стабилизација на државата, стабилизирање на меѓуетничките односи, напредок кон исполнување на критериумите за приклучување кон Нато и ЕУ и доследна и ефикасна борба против организираниот криминал. Сепак, реалноста е сосема поинаква“.[113]

На Балканот и во РС Македонија, организираниот криминал продолжува динамично да се прилагодува на промените во средината со развивање на нови можности за вршење на криминал.Можностите за негова динамичност и прилагодливост произлегува од следните трендовски појави.

-Балканскита рута за транспорт на наркотичните droги каде хероинот и марихуаната наоѓаат пласман во западноевропските земји додека пак кокаинот и синтетичките дроги се движат кон источните земји.Порастот на нарко корисниците на домашниот пазар, регулирањето на производство на марихуана за здравствени потреби како законски начин на одгледување и пласманот, создават услови за појава на злоупотреби во делот на недозволената трговија со дрога.

-Подемот во делот на трговијата со луѓе и криумчарењето на мигрантите како резултат на постоечките воени жаришта и социјално економските причини преставува предизвик во делот на спроведување на законот од оваа област на криминал во сузбивањето на криминалните групи.

---

[113] Цветковски, Гроздан, Македонскиот октопод, Силсонс, Скопје, 2008 год, стр.215/216

-Финансискиот криминал посебно во делот на криумчарењето на акцизна стока како цигари,фалсификувањето на документи, фиктивни фирми инволвирани во перење на пари,злоупотреба на службена положба во делот на тендери,јавни набавки и приватизација имаат значително влијание врз развојот на довербата во деловната соработка со инвеститорите како и развој на пазарната економија.

-Корупцијата преставува средство со кое се влијае врз политичките и бизнис заедницата во општеството.

-Тероризмот кои наоѓа подршка во религиозни средини кои предпочитаат ислам различен од традиционалниот и преставуват сериозна закана во делот на регрутирање на борци за исламистички организации кои се инволвираат во терористички активности.Враќањето на овие борци преставуваат сериозна закана по безбедноста.

Сите овие состојби влијаат врз динамиката на организираниот криминал и излегуваат од границите на државава при што имаат регионална димензија.

За да спречи развојот на овие појави во корист на организираните криминални групи неопходно е развивање на заеднички активности во регионот со соседните држави во смисла на заеднички стратегии, акции, размена на криминалистичко разузнавачки информации, подршка на меѓународните полициски организации Интерпол, Европол.

-Подршка на разузнавањето, во делот на проактивниот пристап со дефинирање на политики кои произлегуваат од соодветни проценки кои се основ за развој на стратегии за борба и превенција против организираните криминални групи, изготвување на соодветни криминалистичко разузнавачки продукти кои ќе дадат подршка на истрагата во делот на приоритетите.

-Зајакнување на капацитетите во делот на човечките ресурси со едукација и развој на вештини на полициските службеници во областите на организираниот и сериозен криминал,соодветна структуираност со систематизирање на работни места кои ќе бидат функционални во борбата со криминалните групи од различни области на криминал а посебно во делот на тероризмот.

-Имплементација на соодветни инструменти и правна регулатива кои ќе овозможат подобро разбирање и напредок во меѓународната соработка во борба со организираниот криминал.

Граѓанската подршка кон полицијата во делот на развивање на соработка и достава на релевантни информации се значителни придобивки во делот на сузбивањето на организираниот криминал и преставуваат суштина во делот на негово спречување.

## МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

### 5.1 Интерпретација на анализата и резултатите од истражувањето

Истражувањето се спроведе преку анкетен прашалник и интервју. Основната замисла на анкетниот прашалник е да се добие реална слика за моменталната состојба во однос на улогата и поддршката што ја даваат Прикриените човечки извори на информации низ процесот на криминалистичкото разузнавање односно работата и постигнувањата на ПЧИИ во полициското работење. Истражувањето со анкетата се реализира по електронски пат преку платформата Google Forms која беше спроведена на 105 (сто и пет) испитаници од кои 98 одговориле на истата и во натамошниот тек во обработката на податоците ќе се земат предвид одговорите од 98 испитаници. Како испитаници беа опфатени вработени на различни работни места во МВР-БЈБ, во следниве организациски единици: Оддел за сузбивање на организиран и сериозен криминал, Сектор за криминалистичко разузнавање и анализа со осум отсеци во Секторите за внатрешни работи од областа на прикриени човечки извори на информации, Оддел за криминалистичко разузнавање и анализа при БЈБ, Оддел за криминалистичка полиција, Оддел за гранични работи, Оддел за заеднички работи и управување со човечки ресурси, Сектор за внатрешни работи – Скопје, Велес, Струмица, Факултет за Безбедност и Агенција за разузнавање. Анкетниот прашалник е конструиран од четири структурални делови-прашања, кој за потребите на овој магистерски струд се обработија и се поврзани со содржината на трудот. Дадени беа исказите: се согласувам, делумно се согласувам, не се согласувам, не знам, кои генерално се однесуваат на улогата и поддршката што ја даваат ПЧИИ во моделот на полициско работење водено од разузнавање.

Во идејната скица се поставени сите инструменти, методи и техники со коишто е извршено ова истражување за да се дојде до резултати кои ќе ни овозможат да дадеме заклучок и одговор на поставените хипотези.

Истражувањето беше спроведено и со интервју како техника на анкетирање. Концептот на интервјуто е составен од 26 прашања, структуирани во четири дела и се слични со прашањата во анкетниот прашалник со цел да се добијат искази со кои ќе се согледа улогата и значењето на ПЧИИ во криминалистичкото разузнавање во борба против организираниот криминал. Со интервјуто беа опфатени пет полициски службеници од Секторот за криминалистичко разузнавање и анализа - вработени на различни работни места меѓу кои двајца од нив се раководители во својство на контролори од тимот за раководење, останатите двајца се во својство на овластувачи во тимот за раководење со ПЧИИ и еден хендлер. Содржината на анкетниот прашалник и на интервјуто се наведени во прилозите на магистерскиот труд.

## 5.2 Квантитативна анализа на податоците од истражувањето на улогата на ПЧИИ во криминалистичкото разузнавање во борба против организираниот криминал.

***Табела бр.1***

| Категорија | Број (F) | % |
|---|---|---|
| Мажи | 71 | 71,7% |
| Жени | 28 | 28.3% |
| Вкупно: | 105 | 100% |




Анкетирањето е извршено по случаен избор и процентуалната застапеност мажи-жени мажи изнесува 71,7% мажи и 28,3%жени.

***Табела бр.2***

| Степен на образование | Број (F) | % |
|---|---|---|
| Средно образование | 1 | 1 |
| Високо образование | 70 | 71,4 |
| Магистер | 23 | 23.5 |
| Доктор на науки | 4 | 4,1 |
| не одговориле | 7 | |
| Вкупно | 105 | 100 |




Образовната структура на испитаниците е определена во четири групи, и тоа според следната поделба:

-Прва група,испитаници со завршен IV степен на образование (средно образование)

-Втора група,испитаници со завршен VII/1 степен на образование(високо образование)

- Трета група, испитаници со завршен VII/2 степен на образование ( магистериум )

- Четврта група, испитаници со завршен VIII степен на образование ( докторат ).

Во првата група, односно испитаници со завршен четврт степен спаѓаат 1 испитаник, односно 1 %. Во втората група спаѓаат 70 испитаници, односно 71,4%. Во третата група спаѓаат 23 испитаници, односно 23,5%, и во последната -четвртата група спаѓаат 4 испитаници, односно 4,1%.

Во анкетниот прашалник со прашањето под реден број 3, испитаниците треба да го дадат својот исказ колку изнесува нивниот работен стаж (во години). Добиените резултатите се прикажани на графиконот од каде може да забележиме дека со истражувањето се опфатени испитаници со различни категории на старост по работниот стаж. Меѓу испитаниците најмлади се со пет години работно искуство а најстари се со 37 годишно работно искуство.

| Работен стаж (во години) | Број (F) | % |
|---|---|---|
| 5 години | 5 | 5,1% |
| 7 години | 4 | 4,1% |
| 11 години | 1 | 1% |
| 12 години | 1 | 1% |
| 13 години | 2 | 2% |
| 14 години | 1 | 1% |
| 15 години | 2 | 2% |
| 16 години | 5 | 5% |
| 15 години | 3 | 7,5% |
| 17 години | 1 | 1% |
| 18години | 4 | 4,1% |
| 19 години | 5 | 5,1% |
| 20 години | 15 | 15,3% |
| 21 години | 5 | 5,1% |
| 22 години | 4 | 4,1% |
| 23 години | 10 | 10,2 |
| 24 години | 1 | 1% |
| 25 години | 5 | 5,1% |
| 26 години | 4 | 4,1% |
| 27 години | 8 | 8,2% |
| 28 години | 4 | 4,1% |
| 29 години | 1 | 1% |
| 30 години | 2 | 2% |
| 31 години | 1 | 1% |
| 32 години | 1 | 1% |
| 34 години | 2 | 2% |
| 35 години | 2 | 2% |
| 37 години | 1 | 1,1% |
| 38 години | 1 | 1,1 |
| Вкупно | 100 | 100% |




| Дали сте на раководна позиција | Број (F) | % |
|---|---|---|
| Да | 34 | 34,7% |
| Не | 64 | 65,3% |
| не одговориле | 7 | |
| Вкупно | 105 | 100% |




Во анкетниот прашалник со прашањето под реден број 4, испитаниците треба да го дадат својот исказ дали се на раководна позиција и при тоа добиени се следниве резултати:

Со Да одговориле 34 испитаници или 34,7 % додека со Не одговориле 64 испитаници или 65,3%.

## Резултати од тестирањето на хипотезите

Анализа на добиените резултати од тестирањето ќе се изврши врз основа на добиените податоци од одговорите на прашањата од анкетниот прашалник и интервјуто кои се во прилог број 1 и 2 на овој труд.
Добиените податоци од анкетниот прашалник и интервјуто ќе служат за одговор на хипотезите. Прашањата во анкетниот прашалник и во интервјуто се структуирани по следниов редослед:
Прашањата под реден број 01 до 04 го преставуваат општиот дел од прашалникот,
Прашањата под реден број 05 до 09 се однесуваат на припадниците на организациските единици во делот на работа со ПЧИИ,
Прашањата под реден број 10 до 16 се однесуваат на припадници на организациските единици во делот на криминалситичките истраги,
Прашањата под реден број 17 до 19 се однесуваат на припадници на организациските единици во делот на носење на одлуки,
Прашањата под реден број 20 до 25 се однесуваат на припадници на организациските единици во делот на криминалситичката анализа,
Прашањето под реден број 26 е завршно прашање и се однесува на сите категории на испитаници со цел да се измери мислењето околку успешноста на ПЧИИ како извор на информаци преку кој се прибираат информации.

| **5**.Под поимот Прикриени човечки извори на информации (ПЧИИ) се подразбира лице кое воспоставило однос на соработка со овлстен полициски службеник и се согласило да ги извршува поставените задачи? | Број (F) | % |
|---|---|---|
| тајно и повремено | 6 | 17,3 |
| свесно, организирано, тајно, континуирано или повремено | 75 | 76,5 |
| тајно по барање на полицискиот службеник | 17 | 6,1 |
| Вкупно | 105 | 100% |




***Исказот:*** Под поимот Прикриени човечки извори на информации (ПЧИИ) се подразбира лице кое воспоставило однос на соработка со овлстен полициски службеник и се согласило да ги извршува поставените задачи?

**Добиени се следниве резултати**: 76,5% одговориле свесно, организирано, тајно, континуирано или повремено, 17.3% одговориле тајно и повремено и 6,1% одговориле тајно по барање на полицискиот службеник.

**Резултатите покажуваат дека**: Најголем дел од испитаниците ја познаваат терминологијата, дефинирањето и неопходните суштински карактеристики на ПЧИИ. Помал процент се определиле за одговорите кои не се погрешни туку преставуваат делови од целосниот одговор, но секако треба да се земе предвид различноста на професијата и областа што ја покриваат испитаниците.

| 6. Прибирањето на информации со користењето на ПЧИИ во полицијата преставува значаен извор на информации ? | Број (F) | % |
|---|---|---|
| се согласувам | 91 | 92,9% |
| делумно се согласувам | 6 | 6,1% |
| не се согласувам | 1 | 1% |
| не знам | 0 | 0% |
| Вкупно | 105 | 100% |




***Исказот:*** Прибирањето на информации со користењето на ПЧИИ во полицијата преставува значаен извор на информации ?

**Добиени се следниве резултати:**Најголем ддел од испитаниците одговориле со се согласувам: 92,9%, делумно се согласувам со 6,1% и не се согласувам со 1%

**Резултатите покажуваат дека испитаниците:** Прибирањето на информации од ПЧИИ, го сметаат за значаен извор на информации покрај другите достапни извори на информации.

| 7.Дали се согласувате со коментарите „Со ангажирање на граѓаните како ПЧИИ, се нарушува честа и угледот и преставува неморално средство за прибирање на информации“. | Број (F) | % |
|---|---|---|
| се согласувам | 2 | 2% |
| делумно се согласувам | 15 | 15,3% |
| не се согласувам | 80 | 81,6% |
| не знам | 1 | 1% |
| Вкупно | 105 | 100% |




***Исказот:*** Дали се согласувате со коментарите „Со ангажирање на граѓаните како ПЧИИ, се нарушува честа и угледот и преставува неморално средство за прибирање на информации“.

**Добиени се следниве резултати:**Најголем дел од испитаниците одговориле со не се согласувам: 81,6%, делумно се согласувам со 15,3%, се согласувам со 2% и не знам со 1%

**Резултатите покажуваат дека испитаниците:** ПЧИИ, го сметаат за извор на информации каде со професионален начин на работа во делот на почитување на стандардните оперативни процедури и човековите слободи и права се воспоставува однос на соработка со лице.

| 8. ПЧИИ може да идентификува слаби и лесно соборливи врски во криминалната група? | Број (F) | % |
|---|---|---|
| често | 67 | 69,1% |
| ретко | 29 | 29,9 |
| никогаш | 1 | 1% |
| Вкупно | 105 | 100% |




***Исказот:*** ПЧИИ може да идентификува слаби и лесно соборливи врски во криминалната група?

**Добиени се следниве резултати**:Најголем дел од испитаниците одговориле со: често 69,1%, ретко со 29.9%, со никогаш 1%

**Резултатите покажуваат дека:** Испитаниците ПЧИИ го сметаат за извор каде со негово правилно раководење може да се идентификуваат состојби во криминалната група на моментална слаба поврзаност и како резултат на таа состојба по предходна проценка преставуваат можност за настап на тимовите за раководење во делот на селекција на лица со потенцијал со цел воспоставување на однос за соработка.

| 9. ПЧИИ создадава услови за градење мрежа од Прикриени човечки извори? | Број (F) | % |
|---|---|---|
| се согласувам | 72 | 73,5% |
| делумно се согласувам | 23 | 23,5% |
| не се согласувам | 3 | 3,1% |
| не знам | 0 | 0% |
| Вкупно | 105 | |




***Исказот:*** ПЧИИ создадава услови за градење мрежа од Прикриени човечки извори?

**Добиени се следниве резултати:**Најголем дел од испитаниците одговориле со: се согласувам 73,5%, делумно се согласувам со 23,5%, не се согласувам со 3,1%

**Резултатите покажуваат дека:** Испитаниците ПЧИИ го сметаат за извор каде со негово правилно раководење може да создаде услов односно да посочи лица кои по проценка на тимот за раководење се со потенцијал и може да бидат опфатени во процесот на селекција во процесот на работа со ПЧИИ (информатор).

| 10.Информациите кои се обезбедуваат преку ПЧИИ им користат на истражителите? | Број (F) | % |
|---|---|---|
| се согласувам | 78 | 78,6% |
| делумно се согласувам | 19 | 19,4% |
| не се согласувам | 0 | 0% |
| не знам | 2 | 2% |
| Вкупно | 105 | 100% |




***Исказот:*** Информациите кои се обезбедуваат преку ПЧИИ им користат на истражителите?

**Добиени се следниве резултати:** Најголем дел од испитаниците одговориле со: се согласувам 78,6%, делумно се согласувам со 19,4%, не знам со 2%

**Резултатите покажуваат дека:** Информациите кои се добиваат преку ПЧИИ во голема мера им служат на истрагите во делот на насоченото собирање на информации или проактивно со понатамошно развивање на информациите со цел воспоставување на криминалистичко истражување.

| 11.Криминалистичкото истражување представува неопходен предуслов, за прибирање на информации од ПЧИИ ? | Број (F) | % |
|---|---|---|
| се согласувам | 55 | 65,1% |
| делумно се согласувам | 31 | 31,6 |
| не се согласувам | 11 | 11,2% |
| не знам | 1 | 1% |
| Вкупно | 105 | 100% |




***Исказот:*** Криминалистичкото истражување представува неопходен предуслов, за прибирање на информации од ПЧИИ ?

**Добиени се следниве резултати:** Најголем дел од испитаниците одговориле со: се согласувам 65,1%, делумно се согласувам со 31,6%, не се согласувам со 11,2 и не знам со 1%

**Резултатите покажуваат дека:** При насочено собирање на информациите од ПЧИИ, неопходно е да постои воспоставено криминалистичко истражување.Со тоа се создаваат услови за користење на ПЧИИ.

| 12.Користењето на ПЧИИ, влијае на правилно насочување на криминалистичкото истражување? | Број (F) | % |
|---|---|---|
| се согласувам | 70 | 71,4% |
| делумно се согласувам | 27 | 27,6 |
| не се согласувам | 0 | 0% |
| не знам | 1 | 1% |
| Вкупно | 105 | 100% |




***Исказот:*** Користењето на ПЧИИ, влијае на правилно насочување на криминалистичкото истражување?

**Добиени се следниве резултати:** Најголем дел од испитаниците одговориле со: се согласувам 71,4%, делумно се согласувам со 27,6%,  и не знам со 1%

**Резултатите покажуваат дека:** Во делот на воспоставено криминалистичко истражување при насочено собирање на информациите, навременоста на доставените информациите добиени од ПЧИИ се корисни во делот на носење на одлуки за превземање на конкретни мерки  и активности и со тоа да се даде насока на прибирањето на доказите во истрагата.

| 13.Во одредување на редоследот на истрагата можат да придонесат доставените информации од ПЧИИ? | Број (F) | % |
|---|---|---|
| се согласувам | 74 | 75,5% |
| делумно се согласувам | 23 | 23,5% |
| не се согласувам | 1 | 1% |
| не знам | 0 | 0% |
| Вкупно | 105 | 100% |




***Исказот:*** Во одредување на редоследот на истрагата можат да придонесат доставените информации од ПЧИИ?

**Добиени се следниве резултати:** Најголем дел од испитаниците одговориле со: се согласувам 75,5%, делумно се согласувам со 23,5%, и не се согласувам со 1%

**Резултатите покажуваат дека:** Во случаи кога не се користат други мерки за обезбедување на доказите во рамките на истражувањето информациите од ПЧИИ се значајни за одредување на текот на активностите во истрагата.

| 14.Користењето на ПЧИИ влијае врз успешноста на криминалистичкото истражување? | Број (F) | % |
|---|---|---|
| се согласувам | 81 | 82,7% |
| делумно се согласувам | 16 | 16,3% |
| не се согласувам | 0 | 0% |
| не знам | 1 | 1% |
| Вкупно | 105 | 100% |




***Исказот:*** Користењето на ПЧИИ влијае врз успешноста на криминалистичкото истражување?

**Добиени се следниве резултати:** Најголем дел од испитаниците одговориле со: се согласувам 82,7%, делумно се согласувам со 16,3%, и не знам со 1%

**Резултатите покажуваат дека:** Навремената и веродостојна информација од доверлив ПЧИИ, упатува на превземање на конкретни мерки од страна на истрагата.Корисtа од тие информации во реактивната работа значи успех во делот на реализација,превземање навремено конкретни мерки и носење вистински одлуки.Во проактивната работа значи информации со потенцијал за воспсптавување на криминалистичко истражување како и брза реализација на терен со успех во реализација на сторителите на кривичните дела.

| 15.Правилното насочување на ПЧИИ е во функција на превентивен настап на истражните единици во сузбивање на организираниот и сериозен криминал? | Број (F) | % |
|---|---|---|
| се согласувам | 75 | 76,5% |
| делумно се согласувам | 22 | 22,4% |
| не се согласувам | 1 | 1% |
| не знам | 0 | 0% |
| Вкупно | 105 | 100% |




***Исказот:*** Правилното насочување на ПЧИИ е во функција на превентивен настап на истражните единици во сузбивање на организираниот и сериозен криминал?

**Добиени се следниве резултати:** Најголем дел од испитаниците одговориле со: се согласувам 76,5 %, делумно се согласувам со 22,4 %, и не се согласувам со 1%

**Резултатите покажуваат дека:** Во борбата против организираниот и сериозен криминал, разузнавачките продукти и донесените одлуки на групата за давање задачи и координација на стратешко и тактичко ниво, даваат насока за ПЧИИ во делот на прибирање конкретни информации и повторно низ разузнавачкиот циклус преставуваат корисни информации за навремено постапување на истрагата.

| 16. Пристапот на ПЧИИ во криминалната група, создава услови да се вметне прикриен агент (undercover),? | Број (F) | % |
|---|---|---|
| се согласувам | 69 | 70,4% |
| делумно се согласувам | 21 | 21,4% |
| не се согласувам | 6 | 6,1% |
| не знам | 2 | 2% |
| Вкупно | 105 | 100% |




***Исказот:*** Пристапот на ПЧИИ во криминалната група, создава услови да се вметне прикриен агент (undercover)?

**Добиени се следниве резултати:** Најголем дел од испитаниците одговориле со: се согласувам 70,4 %, делумно се согласувам со 21,4 %, не се согласувам со 6,1% и не знам 2%

**Резултатите покажуваат дека:** Разноликоста во добиените резултати укажува дека постојат различни мислења и ставови кои произлегуваат од различноста на испитаниците.Најголемиот дел се согласни дека со правилно раководење на ПЧИИ се создаваат и услови и се користат во согласност со законската регулатива со цел обезбедување на конкретни докази за потребите на воспоставеното криминалистичко истражување.

| 17. Квалитетот на информациите од ПЧИИ ќе ја зголеми ефективноста и ефикасноста во работењето? | Број (F) | % |
|---|---|---|
| се согласувам | 88 | 88,9% |
| делумно се согласувам | 8 | 8,2% |
| не се согласувам | 1 | 1% |
| не знам | 1 | 1% |
| Вкупно | 105 | 100% |




***Исказот:*** Квалитетот на информациите од ПЧИИ ќе ја зголеми ефективноста и ефикасноста во работењето?

**Добиени се следниве резултати:** Најголем дел од испитаниците одговориле со: се согласувам 89,8 %, делумно се согласувам со 8,2 %, не се согласувам со 1% и не знам 1%

**Резултатите покажуваат дека:** Еден од начините кои дава придонес во планирањето и користењето на ресурсите е квалитетот на доставените информации од ПЧИИ.Високо квалитетните проценети информации влијаат врз одлуките за користењето на материјално техничките средства и човечки ресурси.Но исто така и доверлив ПЧИИ кои е со потенцијал да донесе квалитетни информации значително ќе влијае врз продуктивноста во работењето.

| 18.Информациите добиени од ПЧИИ имаат влијание врз донесувачите на одлуки при приоритизација на разузнавачките предмети? | Број (F) | % |
|---|---|---|
| се согласувам | 65 | 67% |
| делумно се согласувам | 31 | 32% |
| не се согласувам | 0 | 0% |
| не знам | 1 | 1% |
| Вкупно | 105 | 100% |




***Исказот:*** Информациите добиени од ПЧИИ имаат влијание врз донесувачите на одлуки при приоритизација на разузнавачките предмети?

**Добиени се следниве резултати:** Најголем дел од испитаниците одговориле со: се согласувам 67 %, делумно се согласувам со 32 %, и не знам 1%

**Резултатите покажуваат дека:** Приоритизацијата на разузнавачките предмети во голем дел зависи од донесените информации од ПЧИИ, кои се резултат на проактивната работа на терен. Добро структуирани информации кои упатуваат на постоење на криминална група, со конкретен начин на вршење на кривичните дела, хиерархија и поврзаност, обработени и вметнати во соодветни разузнавачки продукти влијаат кај донесувачите на одлуки за воспоставување на криминалистичка истрага.

| 19.Спроведување на одлуките, во вид на барања и задачи кон ПЧИИ имаат влијание врз состојбата со приоритетите ? | Број (F) | % |
|---|---|---|
| се согласувам | 55 | 56,1% |
| делумно се согласувам | 39 | 39,8 |
| не се согласувам | 3 | 3,1% |
| не знам | 1 | 1% |
| Вкупно | 105 | 100% |




***Исказот:*** Спроведување на одлуките, во вид на барања и задачи кон ПЧИИ имаат влијание врз состојбата со приоритетите ?

**Добиени се следниве резултати:** Најголем дел од испитаниците одговориле со: се согласувам 56,1 %, делумно се согласувам со 39,8 %, не се согласувам 3,1% и не знам 1%

**Резултатите покажуваат дека:** донесените одлуки за потребите на воспоставените истражувања значат и конкретни обврски кон ПЧИИ.Овие обврски се реализираат во вид на конкретни барања или задачи кои треба да се реализираат на терен што за надлежната организациона единица значи планирање на конкретни активности во делот на користењето на ПЧИИ и можноста да се реализираат бараните задачи.

| 20.Собирањето информации од ПЧИИ е еден од начините за планирано и насочено собирање информации ? | Број (F) | % |
|---|---|---|
| се согласувам | 88 | 89.8% |
| делумно се согласувам | 9 | 9,2% |
| не се согласувам | 0 | 0% |
| не знам | 1 | 1% |
| Вкупно | 105 | 100% |




***Исказот:*** Собирањето информации од ПЧИИ е еден од начините за планирано и насочено собирање информации ?

**Добиени се следниве резултати:** Најголем дел од испитаниците одговориле со: се согласувам 89,8 %, делумно се согласувам со 9,2 %, и не знам 1%

**Резултатите покажуваат дека:** Еден од начините за прибирање на конкретни информаци е собирањето на информации преку ПЧИИ. Важноста на доставените информации е согласно потребите на воспсотавените приоритети но и за препораките во разузнавачките продукти кои пак преку процесите на разузнавачкиот циклус повторно се враќаат како насоки за прибирање на потребните информации до ПЧИИ.

| 21.Навременоста на доставените разузнавачки продукти влијае врз Фокусот на работа на ПЧИИ? | Број (F) | % |
|---|---|---|
| се согласувам | 76 | 77,6% |
| делумно се согласувам | 17 | 17,3% |
| не се согласувам | 2 | 2% |
| не знам | 3 | 3,1% |
| Вкупно | 105 | 100% |




***Исказот:*** Навременоста на доставените разузнавачки продукти влијае врз Фокусот на работа на ПЧИИ?

**Добиени се следниве резултати:** Најголем дел од испитаниците одговориле со: се согласувам 77,6 %, делумно се согласувам со 17,3 %, не се согласувам 2% и не знам 3,1%

**Резултатите покажуваат дека:** Што ќе преставува фокус на работа односно каде ќе треба ПЧИИ да се насочат во делот на прибирање на конкретни информации во голем дел зависи и од одлуките кои се носат согласно стратешките проценки за заканите од организиран и сериозен криминал како и одлуките на тактичко ниво за потребите на истрагата.

| 22.Во процесот на обработка и анализа на доставените информации од ПЧИИ се користи современа информатичко –техничка подршка? | Број (F) | % |
|---|---|---|
| се согласувам | 47 | 48% |
| делумно се согласувам | 35 | 35,7% |
| не се согласувам | 7 | 7,1% |
| не знам | 9 | 9,2% |
| Вкупно | 105 | 100% |




***Исказот:*** Во процесот на обработка и анализа на доставените информации од ПЧИИ се користи современа информатичко –техничка подршка?

**Добиени се следниве резултати:** Најголем дел од испитаниците одговориле со: се согласувам 35,7 %, делумно се согласувам со 48 %, не се согласувам 7,1% и не знам 9,2%

**Резултатите покажуваат дека:** Информатичко –техничката подршка е неминовна за да може процесот на разузнавачкиот круг да функционира навремено. Информациите доставени од ПЧИИ, бараат итност во постапката на обработка и изготвувањето на разузнавачките продукти. Користењето на современи бази на податоци и подесни програми како алатки на аналитичарите ќе значи навременост во препознавањето на заканите од различни области на криминал, подршка во насочувањето на ПЧИИ за собирање на потребните информации во реактивните истраги.Навременост во развивањето на информациите од проактивната работа ќе значи и воспоставување на разузнавачки предмети во приоритизација.Се зголемува можноста за навремено носење одлуки од страна на донесувачите на одлуки но и кај истражителите во делот на задачите и барањата за информации од ПЧИИ.

| 23.Проактивните информации од ПЧИИ се обработуваат и се користат во анализата при изготвување на разузнавачките продукти? | Број (F) | % |
|---|---|---|
| се согласувам | 64 | 65,3% |
| делумно се согласувам | 24 | 24,5% |
| не се согласувам | 1 | 1% |
| не знам | 9 | 9,2% |
| Вкупно | 105 | 100% |




***Исказот:*** Проактивните информации од ПЧИИ се обработуваат и се користат во анализата при изготвување на разузнавачките продукти?

**Добиени се следниве резултати:** Најголем дел од испитаниците одговориле со: се согласувам 65,3 %, делумно се согласувам со 24,5 %, не се согласувам 1% и не знам 9,2%

**Резултатите покажуваат дека:**Разузнавачките продукти се изготвуваат од страна на криминалистичката анализа и во голем дел содржат инфромации кои се собрани од проактивната работа на ПЧИИ.

| 24.Иинформациите добиени од ПЧИИ даваат придонес во утврдување на трендови и појави на национално и регионално ниво? | Број (F) | % |
|---|---|---|
| се согласувам | 69 | 70,4% |
| делумно се согласувам | 25 | 25,5% |
| не се согласувам | 1 | 1% |
| не знам | 3 | 3,1% |
| Вкупно | 105 | 100% |




***Исказот:*** Иинформациите добиени од ПЧИИ даваат придонес во утврдување на трендови и појави на национално и регионално ниво?

**Добиени се следниве резултати:** Најголем дел од испитаниците одговориле со: се согласувам 70,4 %, делумно се согласувам со 25,5 %, не се согласувам 1% и не знам 3,1 %

**Резултатите покажуваат дека:** Преку овие информации се добиваат знаења за состојбите на теренот со одредени појави и закани и со навремена обработка тие информации, преставуваат дел од разузнавачките продукти на стратешко и тактичко ниво.

| 25.Навременото доставување на препораките и повратните информации, влијае врз дополнителното собирање на информации од ПЧИИ ? | Број (F) | % |
|---|---|---|
| се согласувам | 85 | 86,7% |
| делумно се согласувам | 12 | 12,2% |
| не се согласувам | 0 | 0% |
| не знам | 1 | 1% |
| Вкупно | 105 | 100% |




***Исказот:*** Навременото доставување на препораките и повратните информации, влијае врз дополнителното собирање на информации од ПЧИИ ?

**Добиени се следниве резултати:** Најголем дел од испитаниците одговориле со: се согласувам 86,7 %, делумно се согласувам со 12,2 %, и не знам 1 %

**Резултатите покажуваат дека:**Навременоста во делот на препораките како составен дел од разузнавачките продукти влијае на фокусот на работ ана терен во дополнителното собирање на информациите за потребите на разузнавачките продукти.

| 26.Прикриените човечки извори на информации (ПЧИИ) во моделот на полициското работење водено од разузнавање низ процесот на криминалистичкото разузнавње имаат значајно влијание врз успешноста и ефикасноста на сузбивање на организираниот и сериозен криминал? | Број (F) | % |
|---|---|---|
| многу успешни | 59 | 60,2% |
| средно успешни | 37 | 37,8 |
| малку успешни | 2 | 2% |
| Вкупно | 105 | 100% |




***Исказот:*** Прикриените човечки извори на информации (ПЧИИ) во моделот на полициското работење водено од разузнавање низ процесот на криминалистичкото разузнавње имаат значајно влијание врз успешноста и ефикасноста на сузбивање на организираниот и сериозен криминал?

**Добиени се следниве резултати:** Најголем дел од испитаниците одговориле со: многу успешни 60,2 %, средно успешни 37,8 %, и малку успешни 2 %

**Резултатите покажуваат дека:**Согласно истражувањето, најголем дел од испитаниците го дале исказот дека ПЧИИ како важна компонента во процесот на криминалстичкото разузнавање е успешен начин во прибирањето на информации.Одлуката за дадените искази се темели од искуството на терен во делот на подршката што ја даваат ПЧИИ кон организационите единици кои се дел од избраните испитаници за спроведување на анкетата.Секако и второто ниво со процент од 37,8 е значајно како позитивна критика која треба да мотивира и да преставува основ за развивање на овие ресурси.

### 5.3 Квалитативна анализа на податоците од истражувањето

Врз основа на обработените податоци од истражувањето од анкетниот прашалник и интервјуто, може да заклучиме дека ПЧИИ во полицијата преставува значаен извор на информации. Во процесот на работа со ПЧИИ работат тимови со висока професионалност кои внимаваат на почитувањето на основните човекови слободи и права со посебна грижа за граѓаните кои прифатиле однос на соработка во делот на дискрецијата и заштитата на личните податоци. Со правилно раководење и насочување ПЧИИ, може да идентификува слаби и лесно соборливи врски во криминалната група кои ќе значат предизвик за припадниците на организациската единица надлежна за работа со ПЧИИ во делот на избор на цели за пристап и воспоставување на понатамошна соработка. Ваквите околности се потенцијал за создадавање на мрежа од Прикриени човечки извори. Проценетите и анализирани криминалистичко разузнавачки информации им користат на истражителите во процесот на носење на одлуки во воспоставените истражувања или во делот на отпочнување на нови истражувања. Воспоставените криминалистички истражувања се неопходен предуслов, за прибирање на информации од ПЧИИ во делот на приоритетите како воспоставени криминалистички истражувања во реактивна работа.

Користењето на информациите од ПЧИИ, конкретно може да имаат влијае при изборот на мерки и активности и носење на одлуки кои ќе му дадат насока на криминалистичкото истражување а со тоа да го одредат и редоследот на истражните дејствија.

Веродостојноста на доставените информации добиени од доверлив извор во голем дел ќе влијае врз успешноста на истражувањето, како во изборот на правилните и конкретни мерки кои ќе доведат до успешна реализација на криминалните групи.

Превентивното дејствување на истрагите е во релација со правилното насочување на ПЧИИ. Согласно проценките на стратешко и тактичко ниво, и изготвените разузнавачки продукти ја даваат насоката за потребата од насочено собирање на информации. Во сложени криминалистички истраги и во услови каде не може да се користат мерките за собирање на потребните докази ПЧИИ можат да одиграат важна улога во делот на создавање услови за вметнувањее на прикриен агент со цел обезбедување на потребните докази за криминалната група.

Веродостојните информации директно влијаат врз користењето на ресурсите материјално технички и човечки. Релевантен податок значи постапување на терен

планирање на мерки и конкретен ангажман на полициски службеници. Со добивање на веродостојна информација од ПЧИИ во делот на конкретна реализација влијае и врз продуктивноста во работењето.

Информациите добиени од ПЧИИ директно влијаат врз донесувачите на одлуки во делот на носење на одлуки во воспсотавените истражувања или при приоритизација на разузнавачките предмети и изготвување на разузнавачките продукти кои пак повратно влијаат врз Фокусот на работа на ПЧИИ. Важноста на ПЧИИ се огледа и во утврдување на трендови и појави на национално и регионално ниво.Големо значење во процесот на криминалистичкото разузнавање има информатичко-техничката подршка.Располагањето со современи бази на податоци и системи со програми ќе преставуваат значајна алатка на аналитичарите во делот на обработка и анализа на доставените информации меѓу кои и од ПЧИИ. Во наши услови на работење неопходно е зајакнување на постоечките капацитети набавка, изготвување на програмски решенија кои ќе имаат можност подинамично да интегрираат информации и ќе допринесат за навременост во изготвувањето на разузнавачките продукти. Сето ова ќе оди во прилог за зголемување на проактивната работа во делот на истражувањата кај аналитичарите и создавање на соодветни разузнавачки продукти и низ процесот на разузнавачкиот круг ќе значат и соодветни насоки за прибирање на информаци од ПЧИИ. Недоизграденоста на овие информатички системски решенија директно влијае на процесот на насочување за прибирање на потребните информации од ПЧИИ, ненавременоста во обработка и анализа на проактивните информации значи трупање со информации од кои повеќето губат на актуелноста. Во подоцнежната нивна обработка само значат потврда на некои настани кои се случиле, што значи и намален успех во превентивното дејствување на полициските служби. Следењето на појавите во делот на трендовите и навременоста ќе преставува задоцета реакција ако се користи само постоечката форма на обработка која технички не ја дава посакуваната цел.На крај секако унапредување на мрежното поврзување со останатите органи на правосудната полиција која ќе значи интероперабилност во меѓусебната размена на потртебните информации и дирекно ќе влијае врз квалитетот на разузнавачките продукти.

Согласно спроведеното истражување во процент од 60% кај испитаниците од различна категорија возраст, пол, работен стаж и организациони единици, улогата на ПЧИИ, во криминалситичкото разузнавање во сузбивањето на организираниот криминал ја сметаат за успешна од причина што во практиката голем дел од

испитаниците припадници на истражните и аналитички организациони единици имале директна подршка во навременоста од доставената информација.Преку одговор на барањата и зададените задачи, доставените информации многу пати даваат тек на истражувањето и директна подршка во развивањето на информациите добиени од користење на посебните истражни мерки, создавани се услови и користени се мерки на прикриен агент.Во делот на лоцирањето на таргети, извидувањето на терен во врска со објекти и лица. Подршка во делот на проактивното работење следењето на одредени појави и документирање на одредени движења настани значи подршка на анализата на стратешко и тактичко ниво.Подршка во делот на јавни настани преку прибирање на информации за лица прекршители на ЈРМ, вршители на кривични дела од областа на сериозниот криминал како и тероризмот. Секако уште многу други активности кој имаат значење за испитаниците да донесат одлука при давањето на исказот дека постоењето на организационата единица за работа со ПЧИИ има големо значење во процесот на криминалистичко разузнавање посебно во борбата со организираните криминални групи. ПЧИИ преставуваат двигател на разузнавачкиот круг и функционирање на моделот на полициско работење водено од разузнавање.

## 5.4 Заклучни согледувања од спроведеното истражување и поставените хипотези

Врз основа на дадените одговори спроведени со истражувањето, преку анкетен прашалник и интервју, произлегуваат заклучните согледувања наспроти реалната состојба и проблемите кои влијаат на работењето во делот на прибирање на информации од ПЧИИ. При што може да се истакне следново:

Пред реализација на истражувањето очекував одредени состојби да се јават како точки која ќе влијаат во работењето со ПЧИИ и прибирање на информации од нив. Конкретно информатичко–техничката подршка при начинот на обработка и анализа на доставените информации од ПЧИИ, навременоста и брзината на обработка, користењето на соодветни алатки и програми во делот на аналитичкото истражување влијаат врз квалитетот на разузнавачките продукти. Таа состојба ќе се рефлектира во навременото насочување на ПЧИИ во делот на прибирање на потребните информации за потребите на воспоставените истражувања но и во делот на следењето на трендовите и појавите кои бараат брза реакција нивно препознавање и превземање на конкретни мерки.Влијание во брзата размена на

информации ќе има и недоволно развиената интероперабилност на меѓусебна информатичка поврзаност и достапност до соодветните бази на податоци помеѓу организациски единици на правосудната полиција.

Отстапување во примената на стандардните оперативни процедури и нивна целосна имплементација кои го промовира моделот на полициско работење водено од разузнавање. Отсуство на целосна подршка од страна на управувачите и донесувачите на одлуки во секој сегмент од полициското работење да се мотивираат вработените да ги практикуваат постоечките процедури кои преставуваат работни процеси. Почитување на надлежноста специјализираните служби како што е организациската единца за работа со ПЧИИ.Според тоа ЕПЧИИ е надлежна за работа со ПЧИИ никој од останатите организациони единици не е овластен да работи и раководи ПЧИИ. Отсуство на континуирана интерна едукација која треба да се организира од постоечкиот кадар –професионалци во вид на обуки, секој од својот ресор со цел останатите организациски единици да ја знаат надлежноста и услугите кои можат да ги очекуваат од соработниците.

Воспоставеното истражување покажа дека токму посочените точки имаат влијание и врз работата со ПЧИИ. И покрај моменталните состојби резултатите од работењето со ПЧИИ се успешни на полето на работа со истрагите и анализата. Со постојано учество во воспоставени истраги на национално и меѓународно ниво, давање подршка на истражителите на терен при реализирање на мерките, навремено доставување на корисни информаци кои го одредуваат текот на активностите кои се превземаат, придонес со информаци во случаи кога мерките не се продуктивни, создавање услови за вметнување на таен агент се само сегмент за потенцијалот и можностите кои ги дава правилното раководење на ПЧИИ.

Проактивното работење на терен со ПЧИИ, дава придонес со информации кои се корисни во идентификувањето на појави и трендови и се составен дел од разузнавачките продукти на тактичко и стратешко ниво.Континуирано собирање на информации по препораките за собирање на потребните информации се секако важна подршка за криминалистичката анализа. Согласно горенаведеното очекувањата покажаа дека ПЧИИ се многу важен извор на информации и нивната успешност е дел од разузнавачкиот циклус бидејќи заедно со останатите организациски единици, преставуваат важна компонента во борбата против организираниот и сериозен криминал.

За унапредување на квалитетот во работењето и зголемена продуктивност во понатамошниот период потребно е да се посвети внимание на:

Примена на Стандардните оперативни процесдури, нивно подобрување и ускладување со функционалните побарувања;

- Зголемување на финансиските средства и материјалните ресурси како подршка за осовременување на информацискиот систем во делот на криминалистичко разузнавање и анализа;
- Развој на организациска интероперабилност, функционалност и способност за брз одговор на предизвиците со навремеа размена на инфоемации;
- Едукација и вложување во менаџмент со цел давање на целосна подршка во имплементацијата на моделот на полициско работење водено од разузнавање
- Повисоко ниво на координација на сите субјекти во процесот на криминалистичко разузнавање;

## 6.<u>ЗАКЛУЧОК</u>

Човекот како извор на информации е неминовен извор на информации,се користел во минатото, се користи во сегашноста и ќе се користи во иднината и покрај научно технолошкиот развојот на високо ниво каде се користат современи системи за прибирање на криминалистичко разузнавачки информации.Постоењето на овие системи за прибирање на информации носат и своја специфика и преставуваат посебни дисциплини во делот на разузнавањето како извори за прибирање на информации.

Постоењето на овие системи со напредни технологии не може да преставуват закана за собирањето на информации преку човечки извори на информации,туку само надополнување,насочување и покривање на празнини каде постојат високо ризични услови за користење на човечки извори на информации.

Можеби не така прецизен,со променлива мотивација која влијае на веродостојноста на информациите и на доверливоста, но сепак човекот е значаен извор на информации.Сложеноста на разузнавачките операции и доаѓањето до веродостоен податок ја наметнува потребата за користење на човечки извори на информации.И покрај неговата не совршеност и прецизност како развиените системи за прибирање информации, сепак човечкото присуство во безбедносно интересни средини значи

доаѓање до потребните информаци со користење на вештините кои се научени – стекнати но и душевни и ментални карактеристики што во одредени ситуации го ставаат во предност пред сите технологии.

Тајното собирање на криминалистичко разузнавачки информации во споредба со трошењето на сериозни ресурси како материјално - технички и човечки е оправдано бидејќи крајната цел на прибирање криминалистичко разузнавачки информации од прикриени човечки извори на информации е борбата против криминалот и организираните криминалните групи кои преставуваат сериозна закана како на Национално така и на меѓународно ниво.

Собирањето информации преку прикриени човечки извори на информации можат да дадат значителен придонес во борбата против организираните криминални групи, во тој контекст воспоставувањето на соработка со полицијата, од страна на заедницата таквиот амфинитет не треба да се осудува и да се смета за неморален чин, ниту пак да се развиваат чувства на инфериорност и навреда од страна на личноста која се ангажира.

Во услови на се поголемо присуство на смртоносно оружје, воени сојузи и политики на глобално ниво, каде криминалните средини успеваат да се инфилтрираат а за сметка на тоа буџетските средства за борба против криминалот е речиси се помал, користењето на човекот како прикриен извор е драгоцен.

Користењето на прикриените човечки извори на информации, подразбира и постоење на соодветна организациона единица,во рамки на безбедносниот систем, опремена со материјално технички средства и кадровски зајакната со професионалци кои ќе бидат спремни со знаења да одговорат на предизвиците. Едуцирани професионалци кои менаџираат во процесот на работа со прикриениот човечки извор на информации кои знаат мудро и интелигентно да ги толкуваат собраните криминалистичко разузнавачки информации.

Соодветно проценетите информации во однос на нивната веродостојност и доверливоста на изворот ќе преставуваат потенцијал за понатамошна нивна обработка и во процесот на анализа ќе значат суштина за изготвување на соодветни разузнавачки продукти кои ќе бидат насока за превземање на соодветни мерки и активност за борба против организираниот и сериозен криминал.

Постоењето на соодветен полициски модел како што е во Македонската Полиција имплементиран моделот на „Полициско работење водено од разузнавање“, преставува рамка каде низ процесот на криминалистичкото разузнавање соодветна улога заземаат и прибирањето на информации со користење на Прикриените човечки извори на информации.

Преку соодветно насочување од страна на управувачкиот менаџмент кои на стратешко ниво има за цел да ги превиди заканите и појавните облици на криминал се користат и обработуваат информациите од затворените извори.Оваа специфика дава посебно значение за улогата на Прикриените човечки извори на информации.Во делот на Насочувањето и носењето на одлуки од страна на стратешкиот управувачки менаџмент и земањето предвид која закана преставува сериозност на Национално –Меѓународно или регионално ниво, одлучува врз база на изготвените разузнавачки продукти кои во својата содржина има релевантни информаци од Прикриени човечки извори на информации.

Во фазата на обработка, информациите од Прикриени човечки извори на информации, од страна на криминалистичката анализа, во одреден временски период се земаат во предвид одредени состојби и со користење на аналитички техники преку соодветни индикатори-показатели, се согледуваат одредени влијанија кои упатуваат на можен развој на настани и истите ќе преставуваат трендови во сверата на сериозниот и организиран криминал.

Покрај стратешкото ниво, значењето на криминалистичко разузнавачките информации од Прикриените човечки извори на информации и на тактичко ниво имаат посебна важност.Воспоставените криминалистички истраги потребата од континуирано прибирање на информации за планираните таргети, нивните врски,начинот на извршување на кривичните дела,материјално техничките средтства со кои се користат за вршење на кривичните дела и слично се во голем дел заслуга на интегритетот и доверливоста на овие извори.

На ова ниво проактивниот пристап во делот на следењето на теренот со безбедносни настани и случувања и лицата инволвирани во криминални групи за вршење на организирани форми на криминал често добиените информации имаат висок степен на веродостојност и значат приоритизација и воспоставување на криминалистички

истражувања за конкретни појави,настани во криминалот посебно од областа на организираниот и сериозен криминал.

Предизвикот за работа со Прикриените човечки извори на информации во областите на организираниот криминал, бара искуство и познаење на оперативната работа, голем обем на настани и динамика на членовите на криминалната група. Можност за користење на повеќе прикриени човечки извори на информации при работа на конкретен предмет-истражување.

Познавањето на состојбите во криминалот на национално и на меѓународно ниво како и процесот за работа со Прикриени човечки извори на информации, подразбира воспоставување операции за регрутирање и користење на човечки извори како и комбинации со истрагата со цел успешно справување со криминалните групи инволвирани во вршење на казнени дела од областа на сериозниот и организиран криминал.

Успешноста во справувањето со криминалот секако ќе зависи и од квалитетот и едуцираноста на изворите.Правилната проценка на мотивите, однос на соработка кои ќе се базира на почитување на човековите слободи и права ќе значи врска која ќе се базира на интегритет, доверба и меѓусебно почитување на изворот и тимот за раководење.

Квалитетот на доставените информации ќе значи и донесување на вистински и правовремени информации од страна на полицискиот менаџмент.Во услови на работа во воспоставено криминалистичко истражување, навременоста и точноста на информацијата ќе значи превземање на конкретни мерки и планирање на соодветни ресурси.Сето тоа оди во прилог на ефективноста и ефикасноста на надлежната организациска единица.

Почитувањето на воспоставените процеси на Разузнавачкиот циклус, подразбира навременост во насочувањето а со тоа и доделувањето на работните задачи за разузнавањето.Немањето на соодветни материјално технички и човечки ресурси во делот на криминалистичката анализа како што се располагањето со соодветни и модерни информатички системи на кои се надоградени бази на податоци и едуциран кадар кои е стручен да работи во таа област влијае врз понатамошното насочување.

Доколку организационата единица надлежна за обработка и анализа на информациите меѓу кои и информациите од прикриени човечки извори, откако ќе бида доставени во соодветна форма не бидат навреме обработени и анализирани со можност да бидат вградени во соодветен разузнавачки продукт тогаш во процесот на разузнавачкиот циклус го немаме ефектот на насочување или препораки за потребите од понатамошно прибирање на информации, поточно кои информации се потребни.

Овие негативни ефекти ќе се почуствуваат во делот на работа со Прикриените човечки извори на информации бидејќи за тимот за раководење со изворот на теренот ќе значи прибирање на секакви информации а со тоа се зголемува и ризикот кон изворот и тимот за раководење и ќе преовлада демотивација и конфузно однесување. Прибирањето на секакви инфромации значи трупање на инфромации кои чекаат за обработка во анализа кои некои поради итноста или атрактивноста кои биле дадени за актуелниот момент губат на својата важност и вредност.

Ваквите негативни ефекти ќе се пренесат покрај во разузнавањето посебно во единицата надлежна за работа со Прикриени човечки извори на информаци исто така и во делот на организационите единици надлежни за водење на истрагата. Отсуството на разузнавачки продукти ќе значи неможност за приоритизација на предмети кои произлегуваат од проактивна работа на собраните информации од Прикриените човечки извори и релевантни информации од други извори, ниту пак ќе имаат можност да го следат континуираниот напредок со информации кои се однесуваат за конкретните воспоставените криминалистички истражувања.

Вложувањето во криминалистичко разузнавачките единици, како во опрема така и во едуциран човечки персонал е предизвик и ќе преставува значаен чекор во создавањето на современи разузнавачки капацитети кои ќе бидат сериозен одговор во борбата со организираниот и сериозен криминал. Прикриените човечки извори на информации во процесот на криминалистичкото разузнавање се многу значаен сегмент во моделот на полициското работење водено од разузнавање.Во полициски модел каде проактивноста се вреднува со приоритет значи афирмација на организациони единици меѓу кои и на Единицата за работа со прикриени човечки извори на информации ќе значи подршка од страна на менаџментот како на стратешко така и на тактичко ниво.Добивањето на статус и привилегии –потребните средства за работа значи мотивација која ќе допринесе

за развивање на процесот за работа со Прикриени човечки извори на информации а со тоа и можноста да се биде проактивен на терен.Навременоста во добивањето, обработка и анализа на информациите дава можност на секоја современа служба да биде во чекор со случувањата на терен и одблизу да го следи криминалот уште во делот на неговото планирање,како и во навременоста на планирањето на потребните мерки и активности во сузбивањето на организираниот и сериозен криминал.

Литература:

1. Д-р Котовчевски Митко, 2013 год, Основи на разузнавањето, Филозофски Факултет,Скопје
2. Ричелсон Т.Џефри, 2009 год, Разузнавачката заедница на САД, Магор,Скопје
3. Ретклиф Х. Џери, 2008 год,Стратешко размислување во разузнавањето на криминалот, Табернакул, Скопје
4. Д-р Цветковски Гроздан, 2011год, Професија приватен детектив, Панини, Скопје
5. Д-р Цветковски Гроздан, 2008,Македонскиот октопод, Силсонс, Скопје
6.Реформата на полицијата во рамката на реформите на кривично правниот систем OSCE,Виена 2013 год.
7. Гачанин Енес, 2014 год, Криминалистичко –разузнавачки работи (прирачник)DCAF, Љубљана
8.Водич на ОБСЕ, 2017 год, Полициско работење водено од разузнавање,Скопје
9. Димитров Душко,Полициски информатори, 1992 год, Скопје
10. Дојчиновски Методија, Оџаков Фердинанд, 2010 год,Разузнавачки Операции, Соларис,
11. М-р Наумовски Драги,2008 год,Прирачник за оперативни проверки, Скопје
12. М-р Малиш Саздовска Марина, 2005 год,Прирачник за Разузнавачкиот циклус, Скопје
13. Дојчиновски Методија, 2009 год,Современо воено разузнавање, Скопје
14. Web site http://www.taylorandfrancis.com
15. Web site http://www.crcpress.com
16. Fitzgerald G. Dennis Informants and Undercover Investigations ,CRC,USA,2007 година
17. Д-р Котовчевски Митко - Д-р Котовчевска Благица,2013 год,Речник на разузнавачка и контраразузнавачка терминологија, Скопје
18. OSCE, Скопје 2003, Полицијата и човековите права
19.Web site Federal Bureau of Investigation
20. Web site www.mvr.gov.mk
21.Мекдауел Дон, 2007,Стратегиско разузнавање, Полициска Академија, Скопје
22.Квигин Томас, 2009 , Да се види невидливото – разузнавањето за националната безбедност во несигурно време, Магор, Скопје
23.Sprack John, 2005, A practical approach to siminal procedure, tenth edition, Oxford University press, New York,
24.Carter, Ph.D. David во Law Enforcement Intelligence – A Guide for State, Local and Tribal Law Enforcement Agencies, School of Criminal Justice, Michigan State University, 2004
25.Fuentes, R Joseph, 2006,Intelligence – Led Policing, Practical Guide, Center For Policing Terrorism at the Manhattan Institute,
26.Intelligence Models and Best Practices, 2002, International Association of Law Enforcement Intelligence Analysts, Lawrenceville, New Jersey,
27.Krizan, Lisa, 1999,Intelligence Essentials for Everyone, Joint Military Intelligence College, Washington,
28.National Intelligence Model 2005, National Centre for Policing Excellence, Bedford,
29.Вилијамс Пол, 2008,Студии по Безбедност
30.Реформа на Македонската полиција 2005 година
31.Регионална проценка на заканите од тешкиот и организиран криминал OSCSE (регионална полициска соработка 2012-2016)
32. Д-р Котовчевски Митко,2013 год, Национална Безбедност, Скопје

**ПРИЛОЗИ**

1. Прашалник за истражувањето (анкета)

2. Прашалник за истражувањето (интервју)

Прилог број 1(анкета)

Почитувани колеги!

Целта на оваа анкета е да ги согледаме размислувањата по одредени прашања, кои ми се важни за спроведување на истражувањето во врска со магистерската работа од областа на
Прикриените човечки извори на информации. Ке ве замолам да одвоите време за да дадете одгорор на следните прашања.
Ви благодарам на соработката и разбирањето.

1.Пол:

а) машки
б) женски

2.Која е вашата стручна спрема?

а) средно образование
б) високо образование
в) магистер
г) доктор на науки

3.Колку изнесува Вашиот работен стаж (во години).

__________

4.Дали сте на раководна позиција?

Да
Не

5.Под поимот Прикриени човечки извори на информации (ПЧИИ) се подразбира лице кое воспоставило однос на соработка со овлстен полициски службеник и се согласило да ги извршува поставените задачи?

а) тајно и повремено
б) свесно, организирано, тајно, континуирано или повремено
в) тајно по барање на полицискиот службеник

6. Прибирањето на информации со користењето на ПЧИИ во полицијата преставува значаен извор на информации ?

а) се согласувам
б) делумно се согласувам
в) не се согласувам
г) не знам

7.Дали се согласувате со коментарите „Со ангажирање на граѓаните како ПЧИИ, се нарушува честа и угледот и преставува неморално средство за прибирање на информации“.

а) се согласувам
б) делумно се согласувам
в) не се согласувам
г) не знам

8. ПЧИИ може да идентификува слаби и лесно соборливи врски во криминалната група?
а) често
б) ретко
в) никогаш
9. ПЧИИ создадава услови за градење мрежа од Прикриени човечки извори?
а) се согласувам
б) делумно се согласувам
в) не се согласувам
г) не знам

10.Информациите кои се обезбедуваат преку ПЧИИ им користат на истражителите?
а) се согласувам
б) делумно се согласувам
в) не се согласувам
г) не знам

11.Криминалистичкото истражување представува неопходен предуслов, за прибирање на информации од ПЧИИ ?
а) се согласувам
б) делумно се согласувам
в) не се согласувам
г) не знам

12.Користењето на ПЧИИ, влијае на правилно насочување на криминалистичкото истражување?
а) се согласувам
б) делумно се согласувам
в) не се согласувам
г) не знам

13.Во одредување на редоследот на истрагата можат да придонесат доставените информации од ПЧИИ?
а) се согласувам
б) делумно се согласувам
в) не се согласувам
г) не знам

14.Користењето на ПЧИИ влијае врз успешноста на криминалистичкото истражување?
а) се согласувам
б) делумно се согласувам
в) не се согласувам
г) не знам

15.Правилното насочување на ПЧИИ е во функција на превентивен настап на истражните единици во сузбивање на организираниот и сериозен криминал?

а) се согласувам
б) делумно се согласувам
в) не се согласувам
г) не знам

16. Пристапот на ПЧИИ во криминалната група, создава услови да се вметне прикриен агент (undercover),?

а) се согласувам
б) делумно се согласувам
в) не се согласувам
г) не знам

17. Квалитетот на информациите од ПЧИИ ќе ја зголеми ефективноста и ефикасноста во работењето?
а) се согласувам
б) делумно се согласувам
в) не се согласувам
г) не знам

18.Информациите добиени од ПЧИИ имаат влијание врз донесувачите на одлуки при приоритизација на разузнавачките предмети?

а) се согласувам
б) делумно се согласувам
в) не се согласувам
г) не знам

19.Спроведување на одлуките, во вид на барања и задачи кон ПЧИИ имаат влијание врз состојбата со приоритетите ?

а) се согласувам
б) делумно се согласувам
в) не се согласувам
г) не знам

20.Собирањето информации од ПЧИИ е еден од начините за планирано и насочено собирање информации ?

а) се согласувам
б) делумно се согласувам
в) не се согласувам
г) не знам

21.Навременоста на доставените разузнавачки продукти влијае врз Фокусот на работа на ПЧИИ?

а) се согласувам
б) делумно се согласувам
в) не се согласувам
г) не знам

22.Во процесот на обработка и анализа на доставените информации од ПЧИИ се користи современа информатичко –техничка подршка?

а) се согласувам
б) делумно се согласувам
в) не се согласувам
г) не знам

23.Проактивните информации од ПЧИИ се обработуваат и се користат во анализата при изготвување на разузнавачките продукти?

а) се согласувам
б) делумно се согласувам
в) не се согласувам
г) не знам

24.Иинформациите добиени од ПЧИИ даваат придонес во утврдување на трендови и појави на национално и регионално ниво?

а) се согласувам
б) делумно се согласувам
в) не се согласувам
г) не знам

25.Навременото доставување на препораките и повратните информации, влијае врз дополнителното собирање на информации од ПЧИИ ?

а) се согласувам
б) делумно се согласувам
в) не се согласувам
г) не знам

26.Прикриените човечки извори на информации (ПЧИИ) во моделот на полициското работење водено од разузнавање низ процесот на криминалистичкото разузнавње имаат значајно влијание врз успешноста и ефикасноста на сузбивање на организираниот и сериозен криминал?

а) многу успешни
б) средно успешни
в) малку успешни

Прилог број 2(интервју)

Почитувани колеги!

Целта на ова интервју е да ги согледаме размислувањата по одредени прашања, кои ми се важни за спроведување на истражувањето во врска со магистерската работа од областа на
Прикриените човечки извори на информации. Ке ве замолам да одвоите време за да дадете одгорор на следните прашања.
Ви благодарам на соработката и разбирањето.

Интервјуирано лице

___________________________________

(име и презиме)

1.Пол:

а) машки б) женски

2.Која е вашата стручна спрема?

а) средно образование б) високо образование в) магистер г) доктор на науки

3.Колку изнесува Вашиот работен стаж (во години).

_________

4.Дали сте на раководна позиција?

Да Не

5.Што подразбирате под поимот Прикриени човечки извори на информации?

6.Дали користењето на Прикриен човечки извори на информации(ПЧИИ) во прибирањето на информации за потребите на Полицијата во борба против организираниот криминал, преставува значаен извор на информации ?

7.Какво е вашето мислење околу коментарите во заедницата дека „Со ангажирање на граѓанинот како Прикриен човечки извор на информации, во собирањето на информации за борбата против организираниот и сериозен криминал, се нарушува честа и угледот на граѓанинот и ваквиот вид на соработка важи за неморално средство за прибирање на информации ?

8. Дали може да се идентификуваат слаби и лесно соборливи врски во криминалната група преку раководењето со ПЧИИ?
9.Дали се создадават услови за воспоставување соработка со други лица во насока на градење мрежа од ПЧИИ, преку раководењето со конкретниот ПЧИИ ?

10. Дали може на истражителите да им се обезбедат корисни информации,со правилно раководење на ПЧИИ ?

11.Што преставува неопходен предуслов за насочено собирање на информации од ПЧИИ, со цел успешно справување со криминалните групи од областа на организираниот и сериозен криминал?
12.Дали има влијание користењето на ПЧИИ, врз правилно насочување на криминалистичкото истражување ?
13. Дали доставените информации од ПЧИИ, можат да придонесат во одредување на редоследот на истрагата и во која насока?
14.Кое е вашето мислење за успешноста на криминалистичкото истражување каде што се користи ПЧИИ ?

15.Дали превентивниот настап на истражните единици во сузбивање на организираниот и сериозен криминал зависи и од правилното насочување на ПЧИИ ?
16. Преку пристапот на ПЧИИ во криминалната група, колку често и под кои услови се користат можностите да се вметне прикриен агент (undercover),?
17. Дали квалитетот на информацииите од ПЧИИ допринесува за ефективноста и ефикасноста во работењето ?
18. Дали информациите собрани од ПЧИИ, имаат влијание врз донесувачите на одлуки за приоритизација на разузнавачките предмети?

19.Какво влијание ќе имаат донесените одлуки доставени во вид на задачи и барања кон ПЧИИ во однос на приоритетите?
20.Која е важноста на собирањето на информаци преку ПЧИИ, при планирање и насочено собирање информации?
21. Какво е влијанието на доставените разузнавачки продукти врз фокусот на работа на ПЧИИ?
22.Во процесот на обработка и анализа на доставените информации од ПЧИИ, користењето на современа информатичко –техничка подршка е од големо значење?
23 Колкав придонес имаат иинформациите од ПЧИИ, добиени во проактивна работа, при изготвувањето на разузнавачки продукти во анализата?

24. Колкав придонес имаат иинформациите добиени од ПЧИИ, во утврдување на трендови и појави на национално и регионално ниво?
25.Кое е вашето мислење за влијанието врз дополнителното собирање на информаци од ПЧИИ, по доставување на препораките и повратните информации ?
26. Кое е вашето мислење дека Прикриените човечки извори на информации во моделот на полициското работење водено од разузнавање низ процесот на криминалистичкото разузнавње имаат значајно влијание врз успешноста и ефикасноста на сузбивање на организираниот и сериозен криминал?